# АЛУЗИИ, СЛИКИ, СИМБОЛИ
## - КАКО ДА СЕ ПРОУЧУВААТ БИБЛИСКИТЕ ПРОРОШТВА

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
април, мај, јуни 2025

**АЛУЗИИ, СЛИКИ, СИМБОЛИ - КАКО ДА СЕ ПРОУЧУВААТ БИБЛИСКИТЕ ПРОРОШТВА**

Автор: Шон Бунстра

Број 2/2025

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Одговара:*
**Илија Киров**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

**За интерна употреба**

СОДРЖИНА:

1. Некои принципи на пророштвото .......................................... 7

2. Темелот во 1. Мојсеева .......................................... 14

3. Слики од брачниот живот .......................................... 21

4. Народите – прв дел .......................................... 28

5. Народите – втор дел .......................................... 35

6. Разбирање на жртвата .......................................... 42

7. Основи за пророштвата .......................................... 49

8. Во Псалмите – прв дел .......................................... 56

9. Во Псалмите – втор дел .......................................... 63

10. До кои стигна крајот на вековите .......................................... 70

11. Рута и Естира .......................................... 77

12. Предвесници .......................................... 84

13. Слики за завршните настани .......................................... 91

**Додаток**

Утрински стихови – април .......................................... 98

Утрински стихови – мај .......................................... 99

Утрински стихови – јуни .......................................... 100

Секојдневно читање на Библијата .......................................... 102

Текстови за вечерно богослужение .......................................... 103

Табели за почеток на саботата во Македонија .......................................... 104

# ИЗВОРНОТО ПРОРОШТВО



За време на Заливската војна (1991), познат протестантски писател и говорник беше убеден дека книгата Откровение го предвидува овој судир. Неговиот аргумент се засноваше на фактот дека некои од хеликоптерите користени во таа војна изгледаа како скакулците опишани во Откровение 9 глава. „И го отвори кладенецот на бездната, и од кладенецот се издигна дим, како дим од голема печка, а сонцето и воздухот потемнеа од димот на изворот. И од димот излегоа скакулци по земјата, па им беше дадена сила, каква имаат земните скорпии“ (Откровение 9,2.3).

Тоа не е баш најдобриот начин да се толкува некое библиско пророштво, зар не? Сепак, ваквите толкувања се доста чести. Всушност, во текот на последниве децении постои цела низа книги, статии, видеоснимки, а сега и веб-страници посветени на пророштвото, кои дале многу предвидувања, вклучително и поставувањето датуми за завршните настани – главно насочени околу војните или превирањата на Блискиот Исток.

И, како што може да се очекува, во ниту еден од тие случаи предвидувањата не се оствариле.

Како адвентисти на седмиот ден, ние имаме поинаков, христоцентричен пристап, каде што фокусот на пророштвото повеќе не е на некоја географска локација некаде на Блискиот Исток, ниту на некој воен судир што се случува таму. Ние ги посматраме пророштвата низ призмата на големата борба меѓу Христа и сатаната – духовна борба што се одвива во целиот свет и која ќе достигне своја кулминација кога Божјиот народ, составен од Евреи и незнабошци (видете: Откровение 12,17; Откровение 14,12), ќе се соочи со последната криза, во чиј центар се наоѓа обожавањето на Создателот (видете Откровение 14,7), наспроти обожавањето на ѕверот и неговата икона.

Клучен елемент за разбирањето на пророштвата за последните денови е втората глава од Книгата на пророкот Даниел, која го содржи не само нивниот историски контекст, туку и клучот за одгатнување на нивното значење.

Текстот Даниел 2 ги опишува четирите светски царства – Вавилон, Медо-Персија, Царството на Александар Македонски и Рим – по кои Бог го воспоставува Своето вечно царство, „кое никогаш нема да пропадне и не ќе помине врз некој друг народ. Тоа ќе ги разбие и ќе ги уништи сите оние царства, а самото ќе стои довека“ (Даниел 2,44). Паралелните пророштва во Даниел 7 и 8 глава ја содржат истата основна пророчка рамка, во која овие светски царства се издигнуваат и исчезнуваат, додека не се воспостави царството Божјо засекогаш.

Во текстот Даниел 7, ангелот-толкувач јасно ни го изнесува сето ова: „Овие големи ѕверови, четири на број, означуваат дека четири царства ќе се издигнат од земјата. Потоа, светиите на Севишниот ќе го земат царството и ќе владеат со него во векови“ (Даниел 7,17.18).

Четирите светски царства (Вавилон, Медо-Персија, Царството на Александар Македонски и Рим) се нижат непрекинато едноподруго низ историјата додека, по второто доаѓање на Исус, Бог не го воспостави своето вечно царство.

Се разбира, ние сè уште сме тука, во времето на остатокот од распаднатото Римско царство, поделено на нации и народи, во времето пред Христовото враќање.

Имајќи ја предвид оваа историска перспектива како основа за разбирање на пророштвата, ова тримесечје ќе проучуваме како да ги толкуваме библиските пророштва, особено некои од алузиите, приказните, сликите и метафорите што ја отклучуваат пророчката вистина и завршните настани.

Ќе тргнеме од извештајот за создавањето во 1. Мојсеева – кој е важен за разбирање не само на пророштвата, туку и на она што следува, особено на крстот и искупителната смрт на Исус – потоа за Вавилонската кула, за службата во светилиштето и Псалмите, па ќе стигнеме дури и до некои старозаветни бракови. Во сето ова можеме да најдеме слики, симболи и метафори кои, ако се проучуваат со молитва и со понизен, покорен дух (зашто ако ѝ пристапите на Библијата со бунтовно срце, тогаш само го трошите вашето време), можат да придонесат пророштвата за крајот на времето, особено оние од Откровението, едноставно да оживеат.

Секако, едно тримесечје не е доволно дури ни да се започне со проучување на сите настани и слики кои помагаат да се одгатне пророчката вистина. Кој знае – можеби за тоа ќе ни треба цела вечност. Но дотогаш, со Божјата благодат, ќе проучуваме колку што можеме.

*Шон Бунстра е говорник-директор на службата Гласот на пророштвото (Voice of Prophecy). Неговите емисии и книги се извор на инспирација за мнозумина низ целиот свет, а со текот на годините, тој имал евангелиски настапи во живо на секој континент, освен на Антарктикот.*

**Лекција 1**
**Од 29 март до 4 април 2025**

# НЕКОИ ПРИНЦИПИ НА ПРОРОШТВОТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Еремија 29,23.24; Псалм 139,1-6; Даниел 12,4; Откровение 22,10; 2. Тимотеј 3,15-17; Евреите 4,12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А кој се фали, нека се фали со тоа дека Ме разбира Мене и дека знае дека Јас сум Господ, Кој покажува милост, суд и правда на земјата; зашто само овие работи Ми се угодни, вели Господ“ (Еремија 9,24).**

Како што е случајот со речиси сè друго во Светото писмо, меѓу христијаните постои несогласување во врска со пророштвата, што кај другите често создава уверување дека занимавањето со библиските пророштва е само губење време. На крајот на краиштата, ако христијаните се расправаат околу секоја пророчка јота и титула, колку тоа може да биде веродостојно? За жал, и многу верници исто така почнуваат да мислат дека некои книги од Библијата, како што е Откровението, се едноставно неразбирливи. И наместо да ги читаат, тие ги избегнуваат, понекогаш дури и со охрабрување на некој добронамерен пастор, кој смета дека проучувањето на пророштвата создава повеќе проблеми отколку што ги решава.

Но, не било секогаш така. Во текот на првите осумнаесет векови од христијанската историја, повеќето христијани се чувствувале сосема удобно во врска со библиските пророштва и постоело изненадувачко ниво на согласност околу неговите клучни пораки. А тоа било и Божја намера: „Браќа, ве прекорувам во името на нашиот Господ Исус Христос, сите да зборувате исто и да нема раздори меѓу вас, туку да бидете совршено соединети во еден ум и во една мисла“ (1. Коринќаните 1,10).

Оваа седмица ќе истражиме некои принципи кои обезбедуваат доследно и сигурно разбирање на пророштвата.

# КОЈ ЧИТА НЕКА РАЗБЕРЕ

Влезете во која било христијанска книжарница и прегледајте ги насловите поврзани со библиските пророштва. Брзо ќе откриете дека постои толку голем избор на различни сфаќања и толкувања што човек лесно може да помисли дека никој, всушност, и не е во можност да разбере за што навистина зборуваат книгите како што е Откровението. На пример, еден автор тврди дека антихрист не е ништо повеќе од метафора. Друг вели дека допрва ќе дојде во иднина. И тогаш повторно некој тврди дека тоа е само упатување на нешто или некој од периодот на паганското Римско царство. Како што забележал еден стар проповедник, „Библијата можеби е како стара виолина. Можете на неа да ја отсвирите секоја мелодија што ќе ја посакате“.

Меѓутоа, самата Библија не навестува ништо такво. Наместо тоа, таа нè повикува да ја читаме, тргнувајќи од претпоставката дека Бог не зборува напразно и дека ние сме во состојба да ја дознаеме вистината за она што Тој ни го кажува преку својата Реч.

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 24,15; Откровение 1,3; Матеј 11,29 и Еремија 9,23-24. Што ни кажуваат овие текстови за Божјата намера да можеме да го разбереме Бога?**

---

Многу универзитети нудат курсеви за „библиска книжевност“ или нешто слично. Верникот може да се запрепасти кога, седејќи на безбројните часови, ќе открие дека неговиот професор ја чита Библијата на ист начин како што се чита паганската митологија. Основната идеја е дека можеби постои некое зрнце на морална „вистина“ во тие библиски извештаи, но дека, во основа, секој може да ги сфати како што сака. Идејата дека оваа книга е вдахновена од Бога, за таквите учители е едноставно смешна.

И така, предавачот ја чита Библијата, но не го слуша гласот на Бога кој зборува. А некои други доаѓаат до заклучоци кои се очевидно спротивни на пораката од Библијата. Без предавање на Господа и без срце отворено за спознанието на вистината, оние што ја читаат Библијата не само што, најверојатно, ќе ја пропуштат нејзината порака туку и погрешно ќе го разберат драгиот и свет Божји карактер кој е откриен на нејзините страници. А ова се случува полесно отколку што многумина сфаќаат, па затоа само читањето на Библијата, без соодветни алатки и (што е најважно) без правилен став под водство на Светиот Дух, може да биде дури и штетно.

**Некој познат по тоа што не е многу побожен, го виделе како ја чита Библијата. На прашањето што прави, тој одговорил: „Барам грешки. Ги барам пропустите“. Зошто токму тоа е оној погрешен став што може да се заземе кога се чита Божјата реч?**

# БОГ САКА ДА БИДЕ СФАТЕН

Ништо не е толку фрустрирачко од итната потреба за комуникација, можеби на клиника или во аптека, кога се наоѓате во странска земја, чиј јазик едвај го зборувате. Знаете што треба да кажете, но немате соодветен фонд на зборови за да го изразите тоа.

Во врска со Бога, се јавува друг проблем. „Но, како што е небото повисоко од земјата, така се и Моите патишта повисоки од вашите патишта, и мислите Мои повисоко од вашите мисли" (Исаија 55,9). Проблемот не е во тоа дека Бог нема доволен фонд на зборови за да разговара со нас, проблемот е што ние немаме доволен фонд на зборови или соодветни ментални способности за целосно да Го разбереме.

**Што укажуваат следните пасуси за Божјето знаење и разбирање во споредба со нашето?**

**Псалм 139,1-6** ________________________________________

**Псалм 147,5** __________________________________________

**Римјаните 11,33** ______________________________________

**1. Јованово 3,20** _______________________________________

Вистина е дека никогаш нема целосно да го разбереме Божјиот ум, бидејќи тој е бесконечен и сезнаен. Впрочем, едвај можеме да разбереме сè во врска со делата на создавањето, па како тогаш би можеле целосно да го разбереме нивниот Творец? Едноставно не можеме.

И иако никогаш нема да разбереме сè, сепак можеме да го разбереме она што е неопходно за нашето спасение (видете: 2. Тимотеј 3,14.15). Кога им го објаснувале евангелието на своите слушатели, апостолите честопати се повикувале на исполнето пророштво од кое можеме да заклучиме дека една од главните цели на пророштвото е да го илустрира планот на спасението. Навистина, библиските пророштва мора на крајот, на овој или оној начин, да нè доведат до Исуса и до ветувањето за спасението што Тој му го нуди на целото човештво.

На крајот, Господ, преку кого сè е создадено (видете: Колошаните 1,16; Јован 1,1-3), слегол на земјата, а потоа се принел себеси како жртва на крстот за гревовите на секое човечко суштество, дури и за најбедните. Ете колку Бог нè сака сите нас. И бидејќи го направил сето тоа за нас, Господ очигледно сака сите, вклучително и оние најбедните, да знаат што Тој ни нуди во Исуса. А пророштвото го овозможува токму тоа.

**Иако навистина има многу што не знаеме, зошто е од пресудна важност сега да се сосредоточиме на она што го знаеме и да го следиме она што го знаеме – наместо да бидеме опседнати со она што не го знаеме?**

## ДАНИЕЛЕ, „ПАЗИ ГИ ВО ТАЈНОСТ ОВИЕ ЗБОРОВИ“

**Прочитајте го стихот Даниел 12,4. Што му вели Господ на Даниел? (Споредете го тоа со стихот Откровение 22,10)**

Не е необично да се слушнат проповедниците како го користат стихот Даниел 12,4 како предвидување за порастот на технолошкото и научното знаење непосредно пред Христовото доаѓање. Многумина го користат и за да го опишат напредокот во брзината на патувањето, остварен во последните сто години. Дури и многу од нашите книги го прифаќаат тој пристап. Но, и покрај тие, неспорно разумни толкувања, она што е кажано тука може да значи и нешто друго.

**Повторно прочитајте го тој стих. Упатството на ангелот до Даниел започнува со налогот „пази ги во тајност овие зборови и запечати го овој книжен свиток“. А предметот, за кој станува збор, е самата книга на Даниел. Дали тоа знаење, кое нагло ќе се умножува на крајот на времето, би можело да биде познавањето на самата Книга на пророкот Даниел?**

Ова ја прави Книгата на Даниел малку поразлична од Откровението, со оглед на тоа дека на Јован му било кажано да не ја запечатува својата книга (Откровение 22,10). Откровението требало да се разбере од самиот почеток, „бидејќи времето е блиску“. За разлика од тоа, книгата на Даниел требало појасно да се разбере во одреден момент во далечната иднина.

Низ вековите, многу големи христијански мислители се обиделе да ја објаснат Книгата на пророк Даниел, и некои постигнале и значителен напредок во тоа. Меѓутоа, разбирањето на книгата на Даниел нагло се зголемило дури по 1798 г., по завршувањето на пророштвото за 1260 години, кога повеќе толкувачи ширум планетата дошле до заклучок дека нешто спектакуларно ќе се случи околу 1843 г. Најзначајниот од нив, сепак, бил Вилијам Милер, чие проповедање го започнало големото Адвентно движење во деветнаесеттиот век, како и низа настани што ќе овозможат раѓање на црквата на „остатокот“ и јасно разбирање на пораките на тројцата ангели.

Со други зборови, раѓањето на нашето глобално движење претставува исполнување на предвидувањето на Даниел дека „знаењето ќе се намножи“ „до последното време“.

Наспроти ова, и без да донесуваме суд за спасението на луѓето, размислете за „темнината“ во која живее толку голем дел од христијанскиот свет. Нешто толку основно како што е седмичната сабота, воведена во Едем, се занемарува, па дури и се отфрла во корист на неделата, ден вкоренет во римскиот паганизам. Или, помислете на целосното незнаење за смртта, при што огромно мноштво христијани верува во паганската идеја дека мртвите веднаш преминуваат во друг облик на постоење, што за некои значи дека вечно ќе горат во пеколот.

**Токму поради тоа што ја познаваме вистината, тоа треба да нè направи крајно благодарни — и понизни.**

## ПРОУЧУВАЊЕ НА СЛОВОТО

Адвентистите му должат многу на Вилијам Милер за своето разбирање на библиските пророштва. Иако неговото разбирање на клучните стихови (како Даниел 8,14) не било совршено, методологијата на Милер била мошне важна, бидејќи го отворила патот за раѓањето на нашето движење како остаток на последното време.

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 5,18; 2. Тимотеј 3,15-17 и Лука 24,27. Што нè учат овие стихови за начинот на кој треба да пристапиме кон библиските пророштва?**

---

Во извесна смисла, проучувањето на Библијата не се разликува многу од составувањето на голема сложувалка. Ако споите само две или три делчиња заедно, речиси е невозможно да се препознае целата слика. Можеби во тие две или три дела може да се види коњ и да заклучите дека составувате слика на коњ. Но уште неколку делчиња откриваат пиле и крава, а потоа, кога ќе споите стотици парчиња, конечно сфаќате дека сте работеле на пејзажна слика, која прикажува град, фарма и планински венец во далечината.

Еден од главните начини на кои некои христијани грешат во своето проучување на Библијата е тоа што тие го третираат Светото писмо како неповрзана збирка на изреки и поговорки кои можат соодветно да се применат во дадена ситуација. Многумина се свртуваат кон едноставен водич за проучување на почетокот на некои од „Гедеоновите Библии“ (познати и како „хотелски Библии“, се печатат и се дистрибуираат бесплатно од организацијата Гедеонс Интернешнл, финансирани исклучиво од донации испратени главно од цркви и поединци кои ја поддржуваат нивната цел) каде што може да се најдат корисни стихови на бројни теми, а потоа претпоставуваат дека тоа е целокупното библиско учење на таа тема.

За жал, и тие исто така пристапуваат кон пророштвата, извлекувајќи поединечен текст од неговиот контекст и споредувајќи го со актуелните настани наместо со остатокот од Библијата. Ова делумно довело до постојан прилив на современи книги за пророштва кои мора да се ажурираат на секои неколку години бидејќи грешат во она што тврдат дека ќе се случи – и кога ќе се случи.

Затоа е толку важно не само да се одберат одредени стихови на некоја тема, туку и внимателно да се проучи сè што вели Библијата на таа тема, а исто така да се земе предвид и контекстот во кој таа го кажува тоа. Многу е лесно да се извлече некој пасус од контекст и да го развлечеме така за да го „каже“ она што ние сакаме.

**Какво е вашето искуство со оние кои користат само одредени, избрани текстови за да извлечат свој заклучок за, да речеме, состојбата на мртвите? Или дури и за саботата? Како на најдобар начин да одговориме на тоа?**

## ПРЕНОСНО ИЛИ БУКВАЛНО ЗНАЧЕЊЕ?

Едно од клучните прашања со кое треба да се позанимаваат изучувачите на пророштвата е како да се утврди дали јазикот на Библијата треба да се сфати во буквална или фигуративна (преносна) смисла. Како да се утврди дали авторот користел симболичен јазик и како да се знае што претставува одреден симбол? Клучниот начин да се утврди ова е да се види како таа слика (карактер, личност), се користи во целата Библијата, а не да се гледа како се користи одреден симбол во современата доба. На пример, некои веруваат дека симболот на мечка од Даниел 7 се однесува на Русија, бидејќи таа слика денес често се користи како симбол на Русија. Но тоа не е правилен ниту безбеден начин да се толкува пророчкиот симболизам.

**Побарајте ги следните текстови, дозволувајќи ѝ на Библијата да биде свој сопствен толкувач (да ги дефинира сопствените термини). Кој пророчки симбол е заеднички за овие текстови во секој од подолунаведените случаи, и што вели Библијата дека тој претставува?**

Даниел 7,7; Даниел 8,3; Даниел 7,24 ______________________________

______________________________________________________________

Откровение 1,16; Ефесјаните 6,17; Евреите 4,12 ____________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Откровение 12,1; Откровение 21,2; Ефешаните 5,31.32; Еремија 6,2 _____

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Кога го следиме едноставното правило дека на Библијата мора да ѝ се дозволи да ги дефинира сопствените поими, поголемиот дел од непознатото зад пророчката симболика едноставно исчезнува. На пример, гледаме дека рогот може да симболизира политичка сила или народ. Мечот може да го симболизира Словото Божјо. И, да – жената може да ја симболизира црквата. Тука можеме јасно да согледаме како Библијата самата себе се објаснува.

Меѓутоа, останува да се одговори на тоа зошто Бог би зборувал со симболи, а не отворено? Зошто Петар, на пример, во стихот 1. Петрово 5,13, изразувајќи се во „шифри“, градот Рим го нарекол Вавилон?

Постојат многу причини зошто Бог избрал да се изразува преку симболи во пророштвата. Во случајот со новозаветната црква, на пример, ако книгата Откровение отворено го именувала Рим како извршител на толку многу зло, и онака веќе жестокото прогонство на црквата можело да стане уште пожестоко. Без оглед на причините, можеме да бидеме сигурни дека Бог сака да го разбереме значењето на тие симболи.

**Дури и ако некои симболи и пророштва сè уште претставуваат тајна, како може фокусирањето на она што го разбираме да ја зајакне нашата вера?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Голема борба од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Еден американски реформатор“, стр. 319-324 (оригинал).

„Проповедниците и народот изјавуваа дека пророштвата на Даниел и Откровението се несфатливи тајни. Но сам Христос своите ученици ги упатил на Книгата на пророкот Даниел во врска со настаните што требало да се случат во нивните денови и рекол: “Оној што чита нека се труди да разбере!” (Матеј 24,15) А тврдењето дека Откровението е тајна што не може да се разбере го негира и самиот наслов „Откровение на Исуса Христа, кое му го даде нему Бог, за да им ги покаже на своите слуги настаните што треба наскоро да се случат... Блазе на оној што *чита* и на оние што ги *слушаат* зборовите на пророштвото и држат што е напишано во него, зашто времето е близу” (Откровение 1,1-3)...

Како се осмелуваат луѓето пред сведоштвото на божественото вдахновение да тврдат дека Откровението е тајна што човечкиот ум не може да ја долови? Тоа е откриена тајна; тоа е и отворена книга. Проучувањето на Откровението мислите ги упатува на пророштвата на Даниел. И во едната и во другата пророчка книга Бог на своите деца им дава важни поуки во врска со настаните што ќе се одиграат при крајот на историјата на овој свет.

На Јована му се откриени далечните и возбудливи сцени од животот на црквата. Во таа книга апостолот ја опишува состојбата, опасностите, борбите и конечното ослободување на Божјиот народ. Тука е забележана веста што ќе го забрза узревањето на земната жетва. Тука тој ги посматра верните како снопови за небесните амбари, а Христовите непријатели како снопови врзани за огнот на уништување. Откриени му се мошне важни факти особено за последната црква, дека оние што ќе се обратат од заблудата кон вистината ќе можат да знаат какви опасности и борби ги чекаат. Никој не треба да остане во темнина во врска со идните настани“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 341, 342 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во која смисла проучувањето на пророштвата може во голема мера да ја зголеми вашата вера? Кои пророштва — некои напишани пред повеќе илјади години, а се однесуваат на настани што ќе се одиграат повеќе стотини години, ако не и повеќе илјади години подоцна — помогнале да се зголеми вашата доверба во Библијата и, што е уште поважно, во Бога кој ја вдахнал? Како, на пример, Даниел 2 глава ни дава моќни и логични причини да веруваме не само дека Бог постои, туку и дека Тој ја знае иднината?**

**2. Како можеме најдобро да се заштитиме од бројните неурамнотежени и произволни, шпекулативни обиди на толкување на пророштвата, понекогаш дури и во нашата црква? Зошто мора да бидеме внимателни и да се придржуваме кон зборовите „сè испитувајте, за доброто држете се“ (1. Солуњаните 5,20)?**

**Лекција 2**
**Од 5 до 11 април 2025**

# ТЕМЕЛОТ ВО 1. МОЈСЕЕВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 40,7,8; 1. Мојсеева 22,1-13; Јован 3,16; Откровение 5,5-10; 1. Коринќаните 15,15-19; Откровение 12,1-9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „На другиот ден Го виде Јован Исус како доаѓа кај него и рече: „Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе!'" (Јован 1,29)**

Еден од клучните проблеми во врска со современите толкувања на библиските пророштва, како оние од книгата Откровение, се огледува во тоа што толкувачите пропуштаат да ги согледаат древните корени на таа книга. Авторот на Откровението тргнува од претпоставката дека читателите го познаваат Стариот Завет и користи поими кои на нив им се добро познати. Иако е корисно да ја истражувате целата Библија во потрага по стихови слични на оние што ги проучувате во Откровението, сепак постојат клучни текстови кои подобро од други ја поставуваат основата за разбирање на таа книга. Ова особено се однесува на 1. Книга Мојсеева, која открива на кој начин нашиот свет западнал во овој грешен хаос. Речиси секој клучен поим спомената во Откровението се појавува – во некој облик – во воведните глави од Библијата.

Оваа седмица ќе проучуваме неколку крупни поими во самата срж на Откровението. Ги има многу, така што ќе избереме само неколку за да илустрираме суштински важен заклучок – како разбирањето на древните темели на Откровението го оспособува оној што го проучува да согледа безброј нијанси во текстот, од кои секоја може да ни даде важни поуки за природата на човештвото, за Бога и за судирот што се одвива во вселената, па со самото тоа и за нашиот живот.

## ПРИНЦИПОТ „ПРВО СПОМЕНУВАЊЕ“

Повеќето академски програми започнуваат со еден курс кој обезбедува општ преглед на темите (на кој често му се доделува број „101“) и кој ги опфаќа основните принципи дадени во поишроки црти, што ќе обезбеди темел за понатамошно проучување додека се навлегува подлабоко во самиот предмет. Исто така, кога ќе ја прочитате целата Библија, брзо ќе увидите дека и Бог има таков општ преглед и правец што се наоѓа во 1. Мојсеева 1, каде што Тој ги претставува идеите кои подетално ќе се разгледуваат во остатокот од Светото писмо.

Општо земено, првиот пат кога ќе се спомене некој поим или симбол во Библијата – особено во почетните глави од 1. Мојсеева – ќе откриете дека тој воспоставува општо сфаќање на тој поим, а тоа ќе ви помогне да разберете како тој се користи понатаму .

Некои проучувачи на Библијта ова го нарекуваат „закон на прво спомнување“, иако поправилно би било тоа да се означи како принцип (или образец) а не како закон, бидејќи тоа секако не е некое железно правило, туку има многу исклучоци од тоа правило. Друг образец кој се појавува, без разлика дали станува збор за проучување на Библијата воопшто или за нејзините пророштва, е дека со текот на времето Бог ги снабдува Своите деца со податоци, така што почнува од општ поим, а потоа го проширува многу пати во текот на годините, па дури и векови.

**Прочитајте ги стиховите: Исаија 40,7.8; Малахија 3,6 и Евреите 13,8. Кој принцип можете да го извлечете од овие текстови, а кој може да ви помогне правилно да го закотвите своето проучување на пророштвата?**

---

Голем дел од современиот свет зборува за „вистинитост“ наместо за „вистина“, бидејќи се претпоставува дека „вистината“ е нешто променливо, што може да се менува со текот на годините. Или, во некои случаи, и самиот поим „вистина“ се смета за сомнителен.

Меѓутоа, кога Бог ја утврдува вистината, Тој не го менува своето мислење. Кога ќе почне да го учи својот народ на некоја вистина, можеме да сметаме на фактот дека повторувањето на истиот библиски принцип или библиска тема не го менува нивното значење, туку, напротив, фрла дополнителна светлина врз него. Затоа, навистина има голема смисла, кога ги проучуваме пророштвата, најпрво да стекнуваме добро разбирање за 1. Мојсеева книга, каде што наоѓаме многу клучни поими разјаснети за прв пат, а потоа да го имаме на ум тоа темелно разбирање кога ќе го проучуваме остатокот од Библијата.

**Зошто е толку важно да не дозволиме никој и ништо, колку и да ни звучи удобно, па дури и логично, да ја ослабне нашата вера во Библијата и во непогрешливите вистини што таа ги изнесува? На кои, понекогаш дури и суптилни начини, може да дојде до такво слабеење?**

## РАЗБИРАЊЕ НА БОЖЈАТА ЉУБОВ

Наследувањето на грешната природа значи, меѓу другото, дека нашето согледување на вселената е расипано и нечисто поради нашите сопствени склоности кон себичност и горделивост. Ние гледаме на светот од сопствената ограничена перспектива, наместо од перспектива на Божјото сезнаење (што е очигледно). А веројатно ниту еден поим не бил толку искривен од страна на грешниот човечки род како поимот „љубов". Популарната култура има тенденција да застапува такво сфаќање на љубовта кое се сосредоточува на себеисполнетост наместо на другите луѓе. Овој егоцентричен пристап кон оваа тема ни отежнува да разбереме како Бог гледа на љубовта.

Разбирањето на природата на љубовта е важен клуч за разбирање на библиските пророштва. Една од главните теми во големата борба е постоењето на суштинско недоразбирање во врска со Божјиот карактер. Елена Г. Вајт, на самиот крај, во заклучокот на *Големата борба,* пишува: „Целата вселена е чиста. Насекаде во безмерниот универзум владеат апсолутна хармонија и радост. Од Оној кој создал сè тече живот, светлина и радост низ сите светови во бесконечните простори. Од најмалечкиот атом, до најголемиот свет, сè што е создадено, и живата и неживата природа, во својата непоматена убавина и совршена радост зборуваат дека Бог е љубов" (*Големата борба*, стр. 678 оригинал).

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 22,1-13. Првото спомнување на „љубовта" во Библијата се наоѓа во стихот 1. Мојсеева 22,2. Што нè учи тој настан за природата на Божјата љубов?**

---

Повремено, освен наоѓањето на првото појавување на одреден поим во Библијата, може да биде корисно да се најде неговото прво спомнување во поединечни библиски книги – особено во Евангелијата. Првото спомнување на „љубовта" во секое од евангелијата го наоѓаме во стиховите: Матеј 3,17; Марко 1,11; Лука 3,22 и Јован 3,16.

На пример, првото спомнување на „љубовта" во Евангелието според Јован (Јован 3,16) е особено просветлувачко – може да се каже дека тоа алудира на настанот со Исак на олтарот. Довербата на Аврам во Бога била таква што тој се потпирал на Него, избирајќи да верува во тоа дека Бог е во состојба да го воскресне неговиот син ако го принесе на жртва (Евреите 11,19). Тука се навестува Божјата љубов кон човечкиот род. Тој нè сакал до таа мера „што го даде Својот Единороден Син" (видете ги стиховите: 1. Мојсеева 22,2.12.16) – а потоа Го воскреснал од мртвите. Така ни е дадено откровението на тој вид љубов, самопожртвувана љубов, што Бог ја има кон нас.

**Како, барем до одреден степен, да им ја покажеме на другите таквата самопожртвувана љубов каква што Бог ја има кон нас? Зошто, за повеќето од нас, овој вид на љубов не ни е својствена?**

## ПРАШАЊЕТО НА ИСАК: КАДЕ Е ЈАГНЕТО?

Првото спомнување на зборот *seh* (*е*врејски: јагне) во Библијата се наоѓа во истиот извештај во кој за прв пат се спомнува и љубовта, во 1. Мојсеева 22. Се разбира, јагнето е еден од најзастапените симболи што ги наоѓаме во книгата Откровение, каде што Исус се споменува како „Јагне" повеќе од дваесет пати. Во една од највпечатливите сцени во Откровението – посетата на Јован во салата каде што е Божјиот престол во четвртата и петтата глава – Јагнето има централна улога.

**Прочитајте ги следниве текстови: 1. Мојсеева 22,7.8; 2. Мојсеева 12,3-13 и Откровение 5,5-10. Како извештајот за жртвата на Исак ни помага да разбереме на кој начин јагнињата се користеле во симболична смисла? Како тој настан е поврзан со она што Јован го гледа во Откровение 5 глава?**

---

Првото спомнување *на seh* (јагне) во Библијата доаѓа од прашањето на Исак: „Каде е јагнето" (1. Мојсеева 22,7). Интересно е што остатокот од Библијата многу детално одговара на тоа прашање. Преостанатите 38 книги од Стариот завет го водат читателот долж патеката по која постепено се добива одговор на прашањето на Исак, сѐ подетално, од пасхалните обреди до првото занимање на Давид и понатаму. Целиот наратив е проникнат со безброј месијански пророштва кои го предвидуваат одговорот на прашањето на Исак. А потоа, во Новиот завет на тоа прашање е одговорено кога Исус ќе се појави во тело, ќе служи меѓу својот народ и на крајот ќе го жртвува својот живот на крстот.

Во меѓувреме, да го погледнеме првото спомнување на Јагнето во Евангелието според Јован, во стихот Јован 1,29-34. Изгледа како Јован Крстител речиси лично да одговара на прашањето на Исак, а околностите не би можеле да бидат посоодветни. Грешниците се каат и се нурнуваат под вода за време на крштевањето, што ја симболизира смртта на грешникот и почетокот на нов живот. Во тој контекст, Исус, Божјото Јагне, одеднаш се појавува и, според извештајот на Матеј, небесата се отвораат да Го претстават: „Овој е Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја!" (Матеј 3,17). Забележете го исто така и гласот од небото, ангелот Господов, како го објавува решението на проблемот на Аврам и Исак (1. Мојсеева 22,11-14).

Кога ќе ги сплотиме заедно сите овие нишки, станува јасно дека Исус, Јагнето Божјо, е нашата Замена. Тоа фрла голема светлина врз нашето разбирање за закланото Јагне во визијата на Јован.

**Зошто сознанието дека Исус е наша замена е толку фундаментално важно за нашето спасение? Каква надеж би имале ние без Него како наша Замена, особено на судот?**

# СООЧУВАЊЕ СО СМРТТА

Веројатно најсуровиот аспект на живеењето во свет одвоен од својот Творец е начинот на кој смртта демне во задниината на сечиј живот, подготвена да удри во секој момент. Тоа е „платата за гревот“, казната што ја плаќаме затоа што сме одвоени од единствениот Извор на живот во вселената – Создателот. Смртта како таква игра значајна улога во библиските пророштва, и поради нејзината реалност и – што е уште поважно – поради решението за неа, кое се наоѓа само во Исуса, во Неговата смрт и воскресение.

И првото спомнување на смртта во Библијата, како и нејзиното прво појавување, фрлаат голема светлина на оваа крупна тема во рамките на пророштвата и на тој начин ни помагаат да ја разбереме сериозноста на проблемот со гревот и ни обезбедуваат важни алатки за да го разбереме Божјото решение за тој проблем.

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 2,15-17; 1. Мојсеева 4,8-15; 1. Коринќаните 15,15-19 и Откровение 1,18. Што ни кажуваат овие текстови – кои, меѓу другото, го вклучуваат првото спомнување и првото појавување на смртта – за тоа зошто луѓето умираат, како Бог гледа на смртта и кое е Неговото решение за овој наш проблем**?

---

Често велиме дека „смртта е само дел од животот“. Тоа е лага. Смртта е нешто што е спротивно на животот, таа е поништување на животот. Таа е натрапник кој никогаш не требал да биде дел од нашето искуство на овој свет. Иако сме се навикнале на смртта, нашите срца сè уште силно негодуваат кога ќе се соочат со неа, како човечкиот род сè уште колективно да согледува дека нешто суштински не е во ред со неа. Колку и да е болна смртта, има некои смртни случаи кои изгледаат уште потрагични од другите, како што е смртта на дете. Тоа е затоа што ние главно очекуваме смртта на родителите да претходи на смртта на децата и тоа сме го прифатиле како нормален ред на нештата.

Меѓутоа, уште првата смрт запишана во Светото писмо е во спротивност со оваа очекувана норма. Пред самите Адам и Ева да се соочат со смртта, ја доживеале трагедијата на смртта кога нивниот праведен син бил убиен од својот неправеден брат. Тоа била посебно неправедна смрт.

Размислете за Исус, праведникот убиен од неправедните, како и Авел. Која смрт можела да биде понеправедна од Христовата? Кои други паралели можеме да ги извлечеме меѓу смртта на Авел и Христовата смрт на крстот? Како може природата на Авеловата смрт да ни помогне да разбереме зошто Исус ги има „клучевите од пеколот (гробот) и од смртта“ и што ни нуди Бог во Него?

**Зошто нашиот живот, без решавање на проблемот со гревот, во крајна линија е бескорисен, бесмислен и залуден? Што нè учи овој факт во поглед на тоа колку треба да бидеме благодарни за она што Исус го направил за нас?**

## ЗМИЈАТА

Прашањето за богослужението е клучна тема во книгата Откровение. Поттикнувачот и заговорникот на лажните системи на богослужение е означен како „змев“ (Откровение 13,2-4), а описот на тој паднат херувим како суштество слично на змија не е случаен. Ова јасно нѐ упатува на Едемската градина, кога змијата влегла во рајот и ги убедила Адам и Ева да ја следат во бунтот против Создателот.

**Споредете го текстот 1. Мојсеева 3,1-5 со стиховите Откровение 12,1-9. Кои се некои од заедничките теми во тие два извештаја? Како деталите дадени при претставувањето на змијата во 1. Мојсеева ни помагаат да разбереме некои од проблемите што претходно довеле до војна на небото, а се спомнуваат во Откровението?**

---

Во Светото писмо постојат два извештаја во кои сатаната го заведува целиот свет на погрешен пат. Во 1. Мојсеева, во мигот кога постоеле само две личности, а потоа и во извештајот изнесен во 12-та и 13-та глава од Откровението, сатаната е препознаен како оној кој „ја мами целата вселена“ (Откровение 12,9), кој му дава моќ на ѕверот и прави „целата земја“ да му се поклони, да го обожава (Откровение 13,2.3). Една од темите што ги наоѓаме во библиските пророштва е непроменливата природа на големата борба. Божјиот карактер и Неговото Слово не се менуваат, а не се менуваат ниту амбициите на ѓаволот.

За среќа, бидејќи природата на големата борба не се менува, и затоа што имаме јасни референтни точки во пророчкиот дел од Светото писмо, христијаните се во состојба да се спротивстават на трендовите и да уочат каде би можеле да лежат духовните стапици. Бог секогаш ќе биде она што е, а истото важи и за ѓаволот. Сатаната може да носи илјада маски, но милениумите од историјата на паднатото човештво, заедно со пророчкото сценарио прикажано во Откровението, покажуваат дека тој никогаш не отстапува од планот на игра што го користел во Едем. Бог ни ветил мудрост и проникливост (Јаков 1,5) и вооружени со сигурноста на Светото писмо, не мораме да паѓаме на ѓаволските лаги. Иако, за жал, толку многу од нив паднале, а и многу повеќе – всушност, повеќето од нив – исто така ќе паднат на тие измами.

Размислете како културата се менува со текот на времето. Општествените норми доживуваат пресврт – она што некогаш било прифатливо станува неприфатливо, и обратно. Со оглед на тоа дека спорните прашања кои се наоѓаат во нејзината основа и актерите на големата борба не се менуваат, што треба да земе предвид еден христијанин кога го истражува променливиот културен пејзаж? На пример, кога станува збор за првобитните лаги што ги изговорил ѓаволот, како што е онаа лага дека нема да умрете и дека ќе бидете како богови – каде можете да ги слушнете во вашата култура денес?

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Делата на апостолите* од Елена Г. Вајт прочитајте го поглавјето со наслов „Откровение“, стр. 578-581 (оригинал).

Многу од светските религии едноставно се занимаваат со идеи. Сосема спротивно на тоа, идеите што ги наоѓаме во христијанската религија се цврсто вкотвени во историските настани. Библијата е вистинска приказна за Божјиот однос на заемно дејство со луѓето низ историјата, а со проучување на таквиот однос кој трае повеќе илјади години, можеме да научиме многу за Божјиот доследен карактер.

Меѓутоа, христијаните понекогаш се жалат дека им станува досадно секогаш да го слушаат истото и истото. Понекогаш, кога нашата посебна пророчка порака се проповеда јавно, мислиме дека сето тоа веќе сме го слушнале претходно и дека немаме ништо ново да научиме.

Фактот дека нашата порака е доследна и непроменлива, сепак не значи дека е премногу поедноставена и неинспиративна. Сосема спротивно: кога ќе ги разгледаме информациите што се пренесени од умот на бесконечниот Бог до нас, брзо сфаќаме дека има теми кои никогаш нема да ги исцрпиме до крај.

Една од причините за пишување на Откровението, според зборовите на Елена Г. Вајт, била да ја зацврсти христијанската црква во нејзината историска порака за сите времиња. „Некои од младите работници (во тоа време)... се измориле слушајќи повторување на исти вистини. Во својата желба за нешто ново и необично се обидувале да внесат некои нови видови наука, кои биле пријатни за увото на мнозина, но не биле во согласност со основните начела на евангелието“ (*Делата на апостолите,* стр. 580 ориг.). Во оваа смисла, Откровението не е само книга за иднината. Тоа е истовремено и книга за минатото, осмислена да нè држи вкоренети во нашата историски потврдена вера, за да не скршнеме од патот во потрагата по оригиналност.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Светото писмо никогаш не пропушта да обезбеди нови информации и ново разбирање. Како да ја избалансираме желбата да дознаеме нешто ново со важноста да останеме вкотвени во вистините што веќе ни се дадени?**

**2. Како црквата треба да одговори на новите толкувања на пророштвата? Иако знаеме дека секогаш има нешто ново да се научи, како да препознаеме дали таа нова светлина е нешто суштински важно, или тоа е некоја минлива воодушевеност, па дури и заблуда?**

**3. За време на Втората светска војна, еден морнар на Пацификот, лежејќи на смртна постела, запекал кон болничарот: „Јас сум сирак. Кога ќе умрам, кој ќе се сеќава на мене?“ Болничарот одговорил: „Јас секогаш ќе се сеќавам на тебе.“ Колку и да биле добронамерни зборовите на болничарот, порано или подоцна и тој ќе умре, а исто така и сеќавањето на тој кутар морнар. Како тој извештај ни помага да ја сфатиме залудноста и бесмисленоста на животот на секој од нас, ако на крајот смртта го има последниот збор?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 3**
**Од 12 до 18 април 2025**

# СЛИКИ ОД БРАЧНИОТ ЖИВОТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 2,23-25; Ефесјаните 5,29-32; Езекиел 16,4-14; Откровение 18,1-4; 1. Мојсеева 24,1-4; Откровение 19,1-9.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И ми рече: 'Напиши: Блажени се оние, кои се повикани на Јагнетовата свадба.' Уште ми рече: 'Овие се вистински Божји зборови!'" (Откровение 19,9)**

Библијата е полна со љубовни приказни кои силно откриваат одредени аспекти на спасението и на Божјата љубов кон Неговиот народ. Најинтимната од сите врски, бракот, се покажала како школа во која, ако си дозволиме на самите себе да го доживееме онака како што го замислил Бог, можеме да добиеме длабоки поуки за Неговата љубов кон нас, за нашиот однос кон Него и за тоа колку далеку Тој бил подготвен да оди за да нè откупи.

Современите претстави за љубовта и бракот ја нарушуваат нашата способност да го цениме она што Бог се обидува да нè научи преку брачниот завет. Иако човечката грешност во голема мера го изопачила бракот (како и речиси сè друго), тој сèуште може да биде моќна алатка за откривање на вистината, дури и на пророчката вистина. Повеќе од тоа само да нè направи среќни, бракот треба да биде школа во која ги учиме длабоките лекции за самите нас и за нашиот однос спрема Бога.

Оваа седмица ќе ги истражуваме различните начини на кои Божјата реч зборува за браковите, и добрите и лошите. Тогаш можеме да извлечеме поуки од тие примери, за подобро да разбереме како Бог постапува спрема Својот народ, дури и кога неговиот народ не ги исполнува очекувањата. Исто така, можеме да согледаме некои вистини за Божјата љубов кои ни помагаат подобро да ги разбереме настаните на последните денови.

## ЕДНО ТЕЛО

Има малку библиски метафори ја нагласуваат блискоста што Бог сака да ја има со човечкиот род, како што е метафората на бракот. Таа толку често се користи во библискиот наратив – а се појавува толку нагласено и во Откровението – што е од исклучителна важност за оние што ја проучуваат Библијата да сфатат што навистина Бог сака да каже кога ја користи во Неговата Реч.

**Прочитајте ги текстовите 1. Мојсеева 2,23-25 и Ефесјаните 5,29-32. На кој начин човечкиот брак ја одразува Христовата врска со човештвото?**

---

Во една пригода кога разговарал со фарисеите, Исус го цитирал текстот од 1. Мојсеева во врска со бракот на Адам и Ева, на што фарисеите брзо одговориле со прашањето: „Зошто тогаш Мојсеј заповеда да ѝ се даде разводно писмо на жената и да се остави?” (Матеј 19,7)

Мојсеј, се разбира, бил сметан за пророк-основач на нацијата. Замислете да го испитувате Основачот на самата институција брак на тој начин што ќе го спротивставите со Неговиот сопствен пророк. Таквиот чин бил типичен за нивниот пристап кон Исуса – тие често се обидувале да докажат дека Неговите учења се во спротивност со Светото писмо.

Доживотниот брак, обележан со заемна верност, го претставува идеалот што Бог го воспоставил при создавањето на човечкиот род. За жал, паднатото човештво го расипало тој темелен дар од Бога.

Со оглед на важноста што Светото писмо му ја придава на бракот, можеби и не е случајно што таа институција отсекогаш била под немилосрдни напади. Заедно со саботата, тоа е еден од двата дарови што ни биле дадени во Едем, а и двата имале за цел да ја покажат Божјата желба за близок однос со Неговите созданија.

Бракот, интимно поврзување на две несовршени личности, секогаш ќе дава причина за напнатост. Бракот меѓу црквата и Христос е соединување на совршениот Спасител со една многу несовршена невеста. И покрај тоа, можеме доста да научиме за Божјата љубов од она што го нуди добриот брак.

Еве, да наведеме три важни принципи за бракот: прво, прости му на својот брачен другар, колку и да не го заслужува тоа, како што Христос ни простува нам, колку и да не го заслужуваме тоа. Второ, прифатете го вашиот брачен другар, со маните и со сè останато, исто како што Христос нè прифаќа нас, со маните и со сè останато. Трето, како што Христос нè става нас пред себе, ставете го својот сопружник пред себе. На кој начин сите тие три принципи, засновани на евангелието, не само што би можеле да ни помогнат да разбереме како Бог постапува со нас, туку и да го подобрат секој брак?

# ПРЕКРАСНА НЕВЕСТА

Шеснаесеттата глава од Книгата на пророкот Езекиел ни дава прекрасна слика за Божјата почит кон својот народ. Тој го опишува израелскиот народ како напуштено бебе, оставено во полето да умре. Тој го носи дома, го бања, а потоа, кога ќе порасне, се жени со него. Тоа е моќна слика за еден необичен брак.

**Прочитајте го текстот Езекиел 16,4-14. Што нè учат деталите од воздигнувањето на таа невеста за Божјите намери спрема нас?**

___

___

Бог ѝ кажува на таа невеста, Израел, дека под Неговата грижа станала „многу убава“ (Езекиел 16,13). Во првиот момент, кога Господ ја нашол, никој не ја сметал за убава. Таа била отфрлена меѓу другите деца, оставена во полето да умре. Но, бидејќи Господ ја опсипал со внимание, таа станувала сè поубава и поубава, сè додека не се прославила во светот. Ова особено важело за најраните денови под еврејските цареви, за време на владеењето на Давид и Соломон. Царицата на Етиопија дури направила специјално патување за самата лично да го види раскошот и сјајот на Израел!

Меѓутоа, убавината на Израел била целосно дар од Бога. Таа беше убава – и позната меѓу народите – токму затоа што била Негова невеста. Бог вели за нејзината убавина: „Ти беше совршен со мојата убавина што ти ја облеков“ (Езекиел 16,14).

Ова е тема која се повторувала во Библијата: Божјата невеста е убава, не поради нешто што самата го направила, туку затоа што Бог ја опсипал со Својата наклоност и ја направил таква. На сличен начин, верниците изгледаат убаво според проценката на небото, не поради нешто што самите го направиле за да го заслужат тоа, туку поради Божјата наклоност, поради спасението што Тој изобилно им го дарува. Ние сме убави затоа што сме покриени со Неговата праведност, која е „Божја правда во Него“ (2. Коринќаните 5,21).

И така, сè било добро до следниот стих во Книгата на пророкот Езекиел: „Но твојата убавина те занесе, заради својот глас му се предаде на блудството; своето блудство му го нудеше изобилно на секој минувач, негова беше“ (Езекиел 16,15).

Ние сме создадени да ја одразуваме Божјата добрина и слава. Но, кога Божјите созданија ќе помислат дека нивната убавина е нешто што им припаѓа, таа убавина ја губи вредноста, а неволјата е на повидок.

**Какви опасности ни се закануваат кога се потпираме на „нашата убавина“? Односно, како можеме воопшто и да помислиме дека во нас постои нешто што ни дава заслуга пред Бога, или нè прави достојни за Неговата љубов? Како можеме секогаш да се чуваме од духовната горделивост?**

## РАЗВРАТНАТА ЖЕНА НА ПРОРОКОТ ОСИЈА

Може да се каже дека Божјото барање упатено до пророкот Осија е една од најчудните задачи што некогаш му биле дадени на еден од Неговите слуги: да се ожени за блудница – и тоа намерно! Но, Бог, всушност, го употребил Осија за да ни помогне да ја разбереме, од Негова сопствена перспектива, болката што Му ја нанесува човечкиот грев и бунт. Бог со љубов избрал сопруга, Израел, која постојано го изневерувала, а сепак, на општо запрепастување, ја примил назад и го обновил својот однос со неа.

**Споредете ги текстовите Осија 1,2; Осија 3,1 и Откровение 17,1,2 со текстот Откровение 18,1-4. Каков бил тој блуд што се споменува таму? Кои поуки може да ги извлече христијанската црква од искуството на пророкот Осија? На кој начин црквата ги повторила гревовите од Стариот завет?**

---

---

Библијата открива дека грешките на Израел во Стариот завет во голема мера ќе бидат повторени од Христовата новозаветна црква. Божјиот заветен народ тешко застранил пред своето изгнанство, воведувајќи ги во својата средина идолопоклоничките обичаи на околните народи. На почетокот на четвртиот век, христијанската црква, согледувајќи ги можните предности, му се додворувала на римскиот император Константин и го повикала да се вмеша во решавањето на црковните спорови. Во двата случаи, Божјиот народ заталкал, оставајќи го својот однос со Него, за да најде „решенија“ за наводните проблеми.

Божјиот избор на зборови јасно предочува дека Тој се труди не само да ни покаже во што сме згрешиле, туку и како се чувствува Тој во врска со тоа. Оние кои биле изневерени од брачниот другар, можат донекаде да го сфатат чувството на пустош што може да го предизвика нашето неверство кон Христа во небесните дворови. Секако, најневеројатниот дел од сторијата за пророк Осија се однесува на тоа колку далеку тој бил подготвен да оди за да ја откупи својата непокорна жена.

Кога ќе го погледнеме последниот повик упатен до човештвото, со кој Неговиот народ се опоменува да излезе од Вавилон, треба да забележиме дека Бог му се обраќа *на својот народ*, а не на некои странци. Тој многу добро ги познава. Тој ги сака. И додека светот се движи кон својот најлош час, Тој сè уште го нуди откупот што го платил со сопствената крв за да нè спаси. Христовиот крст, повеќе од сè друго, треба да ни покаже колку Господ сака да го спаси својот непокорен народ.

**На кој начин секоја црква, па и нашата, би можела да се поигрува со духовниот блуд денес?**

## ИСАК И РЕВЕКА

Кога Аврам остарел и несомнено размислувал за ветувањата што му ги дал Бог во врска со неговото потомство (видете 1. Мојсеева 15,5), на својот најстар и најдоверлив слуга тој му доверил сериозна и свечена задача.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 24,1-4. Зошто му било толку важно на Аврам неговиот син да не се ожени со некоја „од ќерките на Хананците“ (1. Мојсеева 24,3)?**

---

---

Колку и да звучела неговата опомена исклучива и нетрпелива, за него проблемот имал духовна, а не етничка природа; тоа било теолошко, а не национално прашање. Аврам многу добро ја познавал моралната изопаченост на хананските верски обичаи, а да не го спомнуваме нивното обожавање на лажни богови, и знаел колку лесно неговиот син би можел да се впушти во таквите обичаи ако се ожени во нивна средина.

И навистина, голем дел од историјата на древниот Израел, па дури и на христијанската црква низ вековите, зборува за тоа како Божјиот народ – кој требало да му сведочи на светот – всушност бил испреплеткан со светот во неговите лажни учења и религиозни убедувања. Можеби најдобриот пример за оваа тажна реалност е воведувањето на неделата, паганскиот ден на сонцето, наместо библискиот седми ден, саботата – реалност што ќе има значајна улога во последните денови.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 24,57-67. Какви поуки за Христа и за Неговата црква можеме да извлечеме од некои детали што ги наоѓаме во тој настан? Што може да се научи тука, на пример, за нашата падната состојба од фактот дека Ревека била далечна и одвоена роднина на Исак?**

---

---

Ние несомнено сме во сродство со нашиот Творец, бидејќи првично сме создадени според Неговиот лик. Ние сме одвоени од Него со гревот, а сепак, сѐ уште се сметаме за Негова вистинска невеста, иако со нашите одлуки можеме да го направиме тој брак побурен отколку што би требало да биде.

**Да, Бог нѐ сака нас, својата невеста, повеќе отколку што ние го сакаме Него. Кои одлуки можеме и треба да ги донесуваме секој ден за да ја зајакнеме нашата љубов кон Бога? Во исто време, кои одлуки само ќе ја умртват нашата љубов?**

## БЛУДНИЦАТА Е ОСУДЕНА

**Прочитајте Откровение 19,1-9. Во исто време се слават два настана: пропаста на блудницата и Христовата венчавка со Неговата невеста. Како е можно и двата настана во исто време да претставуваат показатели за Божјиот праведен, благонаклонет карактер?**

Неверството доаѓа со многу болна цена, а последиците се прелеваат во животот на децата и другите луѓе. Дури и најтрпеливиот изневерен сопружник на крајот може да заклучи дека настапил момент од кој нема враќање, по кој бракот повеќе не може да се спаси. Кога нашиот свет ќе достигне состојба на таква закоравеност на срцата што нема да има веќе покајание, повеќе нема да има смисла да се продолжува историјата и да се дозволува разузданото ширење на гревот да продолжи. И покрај страдањето по изгубените, оние кои страдале во овој грешен свет ќе можат да слават што на тоа конечно му дошол крајот – и што светот е обновен на начин на кој Бог првично го замислил. Овој пат никој *нема* да се одметне од Бога, бидејќи на потешкиот начин сме научиле дека Бог бил во право во поглед на пустошот кој настанува како последица на одвојувањето од Него.

**Прочитајте Откровение 21,1-4. Што значи овде сликата за бракот? Зошто таа ветува толку многу и дава толку многу надеж? Што ни влева сигурност во исполнувањето на надежта прикажана во тие стихови?**

„Бракот, заедница за цел живот, е симбол на заедништвото меѓу Христа и Неговата црква. Духот што Христос го манифестира кон црквата е духот што мажот и жената треба да го манифестираат еден кон друг“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church,* vol. 7, p. 46).

Христос претрпел незамислива болка кога човечкиот род го отфрлил и покажал наклоност кон други богови, наместо кон Него. Па сепак, дури и тогаш, Тој се дал себеси за нас, и лично платил за нашите прељуби и неверства, за да можеме, ако се покаеме и се одвратиме од нив, да го имаме ветувањето за вечен живот.

**Прочитајте го текстот 1. Петрово 1,18.19. Што ни е кажано во тие стихови, а ни дава сигурност дека крајот ќе биде онаков каков што е прикажан во текстот Откровение 21,1-4?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови: Јован 2,1-11; Матеј 22,1-14; 2. Коринќаните 11,1-5 и Матеј 25,1-13.

Кога еднаш ќе сфатите колку податоци ви стојат на располагање во остатокот од Библијата, за да ви помогнат да го проширите вашето разбирање на пророштвата, можеби ќе бидете во искушение да претерате со нивната примена. Низ вековите, некои христијани го пренагласувале симболизмот и сликите кои се наоѓаат во Библијата, до тој степен што кон историскиот наратив почнале да се однесуваат буквално како да е мит. Иако повеќе слоеви на значење може да се најдат речиси насекаде во Светото писмо, не смееме да го изгубиме од вид фактот дека Бог има начини да употреби вистински настани во кои се вклучени вистински луѓе за да нè поучи нешто за Неговите идни меѓусебни односи со црквата.

Свадбената свеченост во Кана, на пример, може да ни пружи увид во метафората за бракот што се користи во пророштвата, но таа свадба била вистински настан. „Христовиот збор обезбедил вино потребно за свеченоста. Така обилно е обезбедена и неговата милост со која се бришат сите човечки беззаконија и со која се обновува и се крепи душата“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 149 оригинал).

Или, како што пишува овде: „’Зашто Господ, Господ, не прави ништо а да не им ги открие своите тајни на своите слуги пророците’. Додека ‘тајното му припаѓа на нашиот Бог’, ‘јавното е наше и на нашите синови довека’ (Амос 3,7; 5. Мојсеева 29,29). Бог ни ги дал пророчките списи и ако понизно ги проучуваме со молитва, следи негов благослов“ (Копнежот, стр. 234 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Прочитајте го текстот Јован 2,1-11. Во Јовановото евангелие има многу елементи кои го најавуваат идното Христово дело, а коментаторите забележале дека апостолот на осмислен начин ги води своите читатели кон крстот. Каде во описот на тој настан ги гледате јасно прикажани различните аспекти на Христовиот карактер и Неговото идно царство? Што нè учи тој за планот на спасението, или за конечната свадбена гозба што му била ветена на Божјиот Син?**
2. **Параболата за десетте девојки е нашироко позната и мошне омилена меѓу проучувачите на Библијата. Што нè учи оваа важна парабола за настаните на последните денови? Дали е значајно што младоженецот доцнел? Какви поуки може да ни даде оваа парабола за нашиот личен однос со Христа, во споредба со начинот на кој Тој се однесува спрема црквата во корпоративна смисла?**
3. **Размислете за лажните обичаи кои се вовлекле во христијанството однадвор. Покрај она очигледното, празнувањето на неделата наспроти библиската сабота, кои други лажни верувања се вовлекле во христијанството? Како тие стигнале до таму и што можеме да направиме, не само да се заштитиме себеси од нив, туку и да им помогнеме на другите да ги согледаат во нивната вистинска светлина? Во која смисла пораките на тројцата ангели претставуваат обид да се направи токму тоа, да им се помогне на луѓето да ги увидат лажните верувања што се вовлекле во христијанството?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Лекција 4**
**Од 19 до 25 април 2025**

# НАРОДИТЕ – ПРВ ДЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 10,1-12; 1. Мојсеева 12,1-9; 1. Самоилова 8,4-18; Матеј 20,25-28; Откровение 18,1-4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Нему Му беше предадена власта, честа на царството, за да Му служат сите народи, племиња и јазици. Неговата власт е вечна власт и никогаш нема да помине, Неговото Царство нема да пропадне“ (Даниел 7,14).**

Книгата Откровение ни укажува на Божјите решенија за нашиот паднат свет. Во нејзините последни глави гледаме дека пристапот до дрвото на животот е обновен, дека проклетството е отстрането и дека сме повторно примени во Божјото присуство. Во извесна смисла, Откровението е 1. Мојсеева во обратна насока, поради што таа книга (1. Мојсеева) останува важен клуч за да разбереме како воопшто настанале проблемите на овој свет и како се развивале.

Едно од клучните прашања и во Книгата на пророк Даниел и во Откровението е човечката власт над овој свет, односно низа човечки обиди да ја контролираат планетата која со право му припаѓа на Бога – Бог кој – еднаш кога оваа страшна епизода со грев и бунт ќе заврши засекогаш – конечно ќе владее според правдата.

Тоа е многу долг процес што води до тој момент и опфаќа илјадници години експериментирање на луѓето со владеењето. Тие никогаш не биле успешни. Дури и оние кои се повикувале на највисоките идеали секогаш би се покажале во голема мера недостојни, а честопати и сосема недостојни за тие идеали. Поголемиот дел од тажната историја на човештвото во текот на многу милениуми не е ништо друго освен низа од извештаи за трагедиите што овие пропаднати системи ги навлекле на нас. И тоа само ќе се влошува, сè додека конечно не се воспостави Божјото „вечно царство“ (Даниел 7,27).

# НИМРОД И НИНЕВИЈА

Едем бил создаден како идеален дом за човечкиот род. Меѓутоа, кога се појавил гревот, Бог немал друг избор освен да ги одвои луѓето, барем засега, од Градината и дрвото на животот.

Надвор од Градината, од луѓето се барало да работат напорно за да ја обезбедат својата понатамошна егзистенција. Животот станал потежок. Тие морале да живеат со мака и со пот на своето чело (1. Мојсеева 3,16-19). Нашите прародители се надевале во тоа дека полноправниот Цар ќе обезбеди пат за враќање во градината и принесувале жртви пред портите на Едем, верно чекајќи го откупувањето што Бог му го понудил на паднатиот свет уште на самиот почеток.

„Едемската градина останала на земјата уште долго по изгнанството на човекот од нејзините пријатни патеки... Тука Адам и неговите синови доаѓале да се молат на Бога. Тука тие ги обновувале своите завети дека ќе го почитуваат оној закон поради чијшто престап биле истерани од Едем. Кога светот бил преплавен со плима на беззаконие, и кога расипаноста на луѓето го запечатила нивното уништување со потоп, тогаш Едем го отстранила од земјата истата онаа рака која и го засадила. Но во конечното обновување, кога ќе бидат создадени ‘ново небо и нова земја’ (Откровение 21,1), и тој повторно ќе биде воспоставен и уште почудесно украсен отколку што бил во почетокот“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 62 оригинал).

Меѓутоа, други работеле на човечки „решенија“ за нашите новонастанати проблеми, и ние го гледаме раѓањето на градови-држави, обид да се обезбеди полесен живот, а можеби и да се поврати она што било изгубено во Едем.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 10,1-12. Тука Библијата претставува неколку клучни политички актери што ги наоѓаме насекаде во остатокот од Светото писмо, вклучувајќи ги Ниневија и Вавилон. Со оглед на она што го знаеме за улогата на тие градови подоцна во историјата, што можеме да заклучиме од овој текст?**

---

Некои читале за Нимрод и заклучиле дека тој е благороден херој, слично како победничките освојувачи на паганската митологија. Но, кога Библијата го опишува како некој кој бил „силен на земјата“ и „добар ловец пред Господа“, тоа не е пофалба. Нимрод е голем според сопствената проценка и тој стои „пред Господа“ во смисла дека му пркоси на Бога. Она што го гледаме во тие стихови е ширењето на бунтот против Бога, бунт што ќе трае сè додека, на крајот, секој бунт не биде засекогаш искоренет.

**Зошто гревот на бунтот против Бога е многу поподмолен отколку што можеме да го увидиме? Како да се заштитиме од оваа особина, која е толку многу својствена за човекот?**

## ПОВИКОТ УПАТЕН ДО АВРАМ

Во 10. глава од 1. Мојсеева го гледаме раѓањето на различни народи. Зборот, обично преведен како „народи“, е *goyim, к*ој може да се однесува и на незнабошците, односно на они што не се Евреи. Текстот 1. Мојсеева 10 ни кажува дека човечкиот род е поделен „во земјите нивни“, според јазиците, семејствата и „народите“ (1. Мојсеева 10,5; видете и Откровение 14,6).

Речиси веднаш по воведувањето на тој концепт, Бог го повикува Аврама да излезе од еден од тие народи за да се разликува од неговите припадници и од она што тие претставувале.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 12,1-9. Зошто Бог го повикал Аврам (подоцна Авраам/Абрахам) да излезе од земјата од којашто потекнувал?**

Бог имал намера да го употреби Аврам за да воспостави народ кој ќе стои наспроти човечките царства. Тој народ не требало да има друг цар освен самиот Бог. Тие требало пред сите да покажат што ќе се случи ако човечкиот род се врати кај својот Создател. Израел бил воспоставен да биде благослов за „сите племиња на земјата“ (1. Мојсеева 12,3). Бог ги опсипал со светлина и предности какви што не биле видени на овој свет, можеби, уште од пред Потопот.

**Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 4,5-9. Што им говорел Господ на Аврамовите потомци, на народот кој станал исполнување на ветувањето што Бог му го дал на Аврам?**

Овде не станува збор за поединец кој сведочи во една заедница. Тука се мисли на цел *народ* кој, дејствувајќи заедно и во соработка со Бога, можел да ја покаже славата на Неговиот карактер. Забележете, исто така, во зборовите што им биле упатени, дека она што ги направило посебни не биле само „уредбите и законите“ што им ги дал Бог, туку нивното држење на тие уредби и закони требало да ги поттикне другите народи да кажат: „Само еден народ е мудар и умен, а тоа е овој голем народ“ (5. Мојсеева 4,6). Колку и да се чудесни вистините дадени на некој народ, ако тој народ пропушти да живее во согласност со нив, да им се покорува, би си навлекол проклетство наместо благослов, и смрт наместо живот.

**Како тоа начело – дека не е доволно само да ги знаеме овие вистини, туку треба и да се придржуваме до нив – важи и за нас адвентистите денес?**

## ШТО БАРАВТЕ – ТОА ДОБИВТЕ

Според првичниот план, Израел не требало да има човечки монарх како што имале другите народи. Меѓутоа, со текот на времето, верата на Израелците почнала да се сопнува и тие се нашле самите себе како копнеат по нештата што „народите“, незнабошците ги имале.

**Прочитајте го текстот 1. Самоилова 8,4-18. Што мислите, зошто старешините сметале дека идејата за цар е привлечна? На кој начин ние самите стануваме плен на слични искушенија?**

---

Важно е да се забележи дека барањето за цар претставувало отфрлање на Божјото владеење над Неговиот народ. Според намерите со кои е основан, тој народ требало да одговара директно пред Создателот, а нивниот однос кон Него бил јавно видлив, меѓу другото, преку светилиштето и неговите служби. Меѓутоа, со тоа што барале цар, тие ќе си ги навлечат истите маки што ги искусиле незнабожечките царства – воена обврска во војување за царот, одземање на имотот, даноци и други неволји. Ќе откријат дека човечките моќници покажуваат склоност да владеат во лична корист, наместо во корист на другите, како што прави Бог.

Освен тоа, тоа ново уредување ќе биде трајно. На Израелците ќе им биде дадено она што го побарале, но кога ќе увидат дека само ја влошиле состојбата, веќе нема да имаат каде да одат. „А еден ден кога ќе заофкате од царот свој што самите сте си го избрале, Господ нема да ви одговори тогаш“ (1. Самоилова 8,18).

Бог ги знае слабостите на својот народ, и доста рано предвидел дека Израелците ќе бараат човек за свој цар. Тие го направиле тоа, така што голем дел од светата историја претставува сведоштво за последиците од тој избор.

Прочитајте го текстот 5. Мојсеева 17,14-20. Забележете дека Бог не вели: „Јас ќе им дадам цар“, туку дека Неговиот народ ќе одлучи да го постави. Затоа Тој вовел одредени мерки на претпазливост, за да го заштити својот народ од некои зла на човечкото владеење – иако, како што покажала историјата на тој народ и неговите цареви, тие мерки често биле занемарувани.

Треба само да се погледне историјата на Израел откако решиле да имаат цар, за да може да се сфати колку им било лошо под нивното владеење. Иако некои цареви биле подобри од другите, дури и оние „добрите“ грешеле (сетете се на Давид и Витсавеа). Во многу случаи, народот живеел под власта на царевите кои, еден по друг, правеле „што не беше право во очите на Господа“ (видете: 1. Царевите 11,6; 1. Царевите 15,26; 1. Царевите 16,30; 2. Царевите 3,2 итн.).

**И тогаш, како и денес, сите човечки власти имале нешто заедничко – тие биле грешници што управувале со другите грешници. *Што можело да тргне наопаку?***

## ПАГАНСКИТЕ ВЛАДЕТЕЛИ

Божјото постапување со Израел дава богат увид во Неговото постапување со новозаветната црква. Израелскиот народ, всушност, на многу начини, послужил за тоа однапред да ги навести грешките на црквата. Далеку од тоа да можат да полагаат право на каква било супериорност во однос на древниот Израел, христијаните, напротив, отсекогаш биле, и сè уште се, многу подложни на истите искушенија.

**Прочитајте Матеј 20,25-28. За која грешка Исус ги предупредил своите ученици, со цел да ја избегнат при воспоставување на работата на христијанската црква?**

Израел побарал човек да им биде цар, и тоа барање довело до морален пад на народот. Царевите станувале сè порасипани, додека конечно Бог не им дозволил на Вавилонците, како поправна мерка, да го одведат Неговиот народ во заробеништво.

Нешто слично се случило и во историјата на христијанската црква. Иако не требало да се организираат по углед на паганските народи, кога Константин дошол на власт и се прогласил за христијанин, на верниците им олеснало – прогонството конечно запрело! Тоа само по себе било благослов, но тогаш црквата дошла до идеја дека може да ја искористи моќта на царот во своја полза.

Во четвртиот век избувнале неколку големи спорови меѓу христијаните, и бидејќи црквата се покажала неспособна сама да ги реши, биле упатени апели до императорот да се вмеша. Од тој момент па натаму, римскиот бискуп, кој некогаш бил еден меѓу еднаквите, се издигнал на истакната положба. Црквата побарала од државата да се вмеша во верските прашања, и откако државата го пречекорила тој праг, работите тргнале од лошо кон уште полошо.

Како и во случајот со стариот Израел, многу од најмрачните поглавја на христијанската историја се директна последица на компромисот на црквата со светот. И додека Израел се свртел кон обожавање на идоли, со своите цареви кои станале толку расипани поради нивниот апетит за власт што жртвувале деца на идолите, од друга страна црквата постепено ги усвојувала средствата и методите на паганското царство, до таа мера што многу искрени верници умреле со маченичка смрт, бидејќи биле сметани за закана за таа црковно-државна институција.

**На кој начин истите овие искушенија, во нашата култура и во нашето општество, можат да го загрозат интегритетот на нашата вера?**

## СВЕТЛИНА ЗА НЕЗНАБОШЦИТЕ

Примарна цел поради која Бог го основал израелскиот народ не била да го осуди остатокот од светот, туку да го спаси. Несомнено, повеќето од нас, кога ќе се соочат со праведното однесување на некој друг, тоа го доживуваат како лична осуда. Така и постоењето на Израел служело за да се истакне гревот и себичноста на околните народи. Верниците кои живеат во согласност со Бога го истакнуваат и нагласуваат Неговиот праведен карактер, што природно води до осведочување и осуда. Во идеален случај, животот на луѓето кои „ги држат Божјите заповеди“ (Откровение 14,12) треба да биде огледало на Неговиот карактер.

Доколку Израелците навистина постапувале како што требало и ако го правеле она што им било кажано, народите би им пристапувале во мир, барајќи да дознаат повеќе за нив и за нивниот Бог. Трагично е што, наместо тоа, како што покажало вавилонското ропство, тие народи доаѓале да војуваат против нив.

Најдоброто огледало на Божјиот карактер бил, се разбира, Исус – единствениот човек кој го прикажал совршено. А тој Негов совршен пример, кој секако им донел осведочување на многу срца, всушност бил наменет да биде повик (видете Јован 3,16-21).

Крајната цел на основањето на израелскиот народ била иста како и целта со која Бог ја основал црквата – Тој копнее да го употреби својот народ за да ги привлече грешниците кон Христа. Повикот содржан во пораките на тројцата ангели, објавен преку Неговата црква, не е наменет за неколкумина избрани, туку за „секое племе и јазик и народ“ (Откровение 14,6). Откровение 18,1 предвидува дека, пред Христовото враќање, целата земја ќе биде осветлена од Божјата слава.

**Што нѐ учат следните стихови за улогата што Бог ја наменил за својот народ во овој свет? Како можеме да ги примениме овие принципи на себе?**

(а) 4. Мојсеева 14,17-21 ____________________

____________________

(б) Исаија 42,6; Исаија 49,6; Исаија 60,3 ____________________

____________________

(в) Откровение 18,1-4 ____________________

____________________

**Прочитајте го повторно текстот Откровение 18,1-4, повикот упатен до „мојот народ“, односно Божјиот народ, да излезе од Вавилон. Како ќе се случи тоа? Со други зборови, како можеме ние, како црква што не е во Вавилон, да бидеме употребени од Бога за да го повикаме Божјиот народ, кој сѐ уште е во Вавилон, да излезе надвор од него?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Исаија 44,24 – 45,13.

„Тајната на беззаконието се развивала малку по малку, прво крадешкум и тивко, а кога се засилила и здобила власт над човечките умови, сè поотворено го покажувала своето лажно и богохулно дело. Во црквата речиси неусетно се вовлекле незнабожечките обичаи. Големите прогонства што ги поднесувала црквата од страна на незнабоштвото помогнале извесно време да се потисне духот на компромис со светот и да се запре приближувањето кон него. Но, кога гонењето престанало и христијанството влегло во царските дворови и палати, тогаш тоа својата скромна Христова и апостолска едноставност ја заменило со сјајот и со гордоста на незнабожечките свештеници и владетели. На местото на Божјите барања тоа вовело човечки теории и традиции. Привидното преобраќање на Константина, во почетокот на 4 век, предизвикало голема радост; но со тоа светот влегол во црквата прикриен под плаштот на праведноста. Расипаноста бргу напредувала. Незнабоштвото, навидум победено, всушност станало победник. Неговиот дух завладеал со црквата. Неговата наука, церемониите и суеверието се вовлекле во верата и во богослужението на оние што тврделе дека се Христови следбеници“(Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 49, 50 оригинал).

Според прашањето на крајот од проучувањето за среда, зар не сме сите ние во опасност, особено што сме тука подолго, да ја „отфрлиме понизната Христова и апостолска едноставност“ поради раскошот, моќта, признанијата и искушенијата на светот? Ако мислиме дека не сме, тогаш се залажуваме.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Кога Бог го протерал својот народ во Вавилон, тоа било особено болен момент. Аврам бил повикан да излезе од Халдеја за да го основа заветниот народ како извор на светлина за оваа планета, а сега тие биле вратени назад во синџири. За време на нивното ропство, Бог му покажал на Израел како би можело да биде доколку му останеле верни. Навуходоносор, на самото чело на систем кој е целосно спротивен на Бога, доаѓа кај Христа (Даниел 4). Пред крајот на нивното заробеништво, Бог го подигнува персискиот цар да послужи како тип на Христа, на тој начин што ќе го ослободи својот народ од Вавилон и ќе го врати во Ветената земја. Кир не бил Израелец, но сепак Бог го избрал за да му го открие планот за спасение на светот со тоа што ќе го врати Божјиот заветен народ во Ерусалим. Кои поуки за тоа како Бог гледа на човештвото можеме да ги извлечеме од фактот дека Тој користел луѓе и надвор од Израел за да ги оствари своите намери?**

**2. Можеби ние не сме во Вавилон, но до кој степен Вавилон може да биде во нас? Како можеме најпрво да го препознаеме тој проблем, а потоа и да се промениме?**

**Лекција 5**
**Од 26 април до 2 мај 2025**

# НАРОДИТЕ - ВТОР ДЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 2,9-17; Даниел 2,31-35; Исаија 17,12.13; Даниел 7,1-3; Римјаните 3,10-19; Откровение 12,15.16; Откровение 10,1-11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Застанете и разберете дека Јас сум Бог, возвишен над народите, возвишен над Земјата!“ (Псалм 46,10)**

Низ вековите, имало такви кои тврделе дека Бог го посакувал падот, дека всушност Неговата намера била – луѓето да се спуштат во состојба на грев и смрт, и на тој начин – во личноста на Исуса Христа – да Го одведат до крстот. Впрочем, како поинаку би можел Тој да ја покаже длабочината на Својата љубов кон луѓето на толку моќен и сликовит начин, освен да умре за нив на крстот? Накратко, според таа логика, на Бога му било потребно човештвото да падне во грев.

Тоа е ужасен и жалосен став. Божјата намера никогаш не била ниту за сатаната ниту за луѓето да паднат во грев. Бунтот на сатаната, а потоа и на човештвото, бил трагедија со несогледливи последици, додека нашата радост во Него би останала потполна кога нашите прародители не би паднале.

Оваа седмица ќе продолжиме да ги разгледуваме проблемите предизвикани од Падот и желбата за човечко владеење наспроти Божјото владеење. Овие вистини се на моќен начин откриени во Книгата на пророк Даниел, која покажува дека Бог бил во право кога го предупредил Својот народ за тоа што ќе се случи ако се одвратат од Него и изберат овоземни владетели. И токму тоа и го добиле – земни монарси наместо Бога и грешници кои господарат над грешници – што никогаш не е добра комбинација.

## ПРВАТА ЗАПОВЕД

Едемската градина била училница за Божјите први луѓе, место каде што тие и нивните потомци, во еден бескраен процес, можеле да учат уште повеќе за Создателот преку својот заемен однос со делата на создавањето. „За светата брачна двојка Бог се грижел не само како татко,“ истакнува Елена Вајт, „туку и како учител, и тие, како ученици, примале поуки од сезнајниот Творец... Тајните на видливата вселена – ‘чудесата на Оној кој е совршен во секое знаење‘ ( За Јов 37,16) – за нив претставувале неисцрпен извор на поуки и уживање’“ (*Патријарси и пророци*, стр. 50, 51 оригинал).

**Прочитајте 1. Мојсеева 2,9-17. Која била првата заповед, првата забрана што Бог му ја дал на човечкиот род, и зошто била толку важна?**

---

---

Првата употреба на коренскиот глагол *tswh, „заповеда“,* се наоѓа во стихот 1. Мојсеева 2,16, кога Бог им заповедал на луѓето да не јадат од дрвото за познавање на доброто и злото. Како може да се забрани некое знаење? Зар не е секогаш корисно да се искуси и да се знае што е можно повеќе?

Според Светото Писмо – не. Бог имал намера да му даде темелно образование на својот народ, поштедувајќи го притоа од долготрајното страдање што некое сознание би можело да го предизвика, такво какво што подоцна и ќе се случи кога луѓето ќе изберат да владеат сами со себе, наместо со нив да управува Господ Лично.

Неколку илјади години подоцна, кога Израел барал цар, Господ им укажал на последиците (како што откривме минатата недела) и го известил својот народ дека нивната одлука да отстапат од Неговото директно владеење ќе остане на сила до крајот на времето.

Бидејќи израелските цареви станувале сѐ порасипани, Божјиот заветен народ станал толку световен, толку оддалечен од својата вистинска цел, што Бог им дал уште повеќе од она што го сакале – човечка власт.

Имајќи ја предвид оваа заднина, пристапувањето кон книгата на пророк Даниел може да биде просветлувачко: не само што смената на царствата прикажана во визиите на таа книга претставува обвинение против „народот“ – незнабошците – туку тоа претставува обвинение и против Израел, за неговиот неуспех и одбивање да ги следи Божјите *mitswot (заповеди)*. Вековната потчинетост, наместо слободата првично дадена во Едем, требало да стане нова училница во која желните срца би можеле да сведочат за впечатливата спротивност меѓу царствата на овој свет и Божјото царство.

**Размислете за некои облици на знаење за кои, дури и сега, би ни било многу подобро никогаш да не сме ги стекнале. Како ова ни помага да разбереме што навистина било забрането во Едем?**

## ДАНИЕЛ 2

За време на вавилонското ропство, преку пророкот Даниел, Бог ги изнел најубедливите описи, што воопшто ги имаме, за односот меѓу Неговиот народ и царствата на овој свет. Неговиот народ веќе не бил независен и сега ги жнеел последиците од своите одлуки (а можеби и учел од нив?)

**Прочитајте го текстот Даниел 2,31-35, кој ни дава сеопфатен преглед на историјата на светот сѐ до последното време. Кои важни вистини можеме да ги дознаеме од ова неверојатно пророштво?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

На крајот на 19. век, многу луѓе зрачеле со нова доверба во човековиот напредок. Изложбата во Париз (1900), на пример, била извонреден показател за оптимизмот во поглед на иднината. Секако, со сиот тој технолошки и научен напредок ќе бидат решени многу од најголемите проблеми на човештвото! Кога човечкиот род влегол во 20. век, постоел голем оптимизам кај многу мислители дека идеалите на просветителството – како што се човечката совршеност и моќта на разумот – ќе нѐ воведат во прекрасна нова ера на човештвото.

Меѓутоа, Првата светска војна брзо ги разурнал тие соништа, а до крајот на 20. век изгубивме повеќе од 200 милиони луѓе во војни. Можеби сме напредувале во технолошка смисла, но секако не и во морална. Да го парафразираме д-р Мартин Лутер Кинг Џуниор, имаме прецизно наведувани ракети, но погрешно водени луѓе. И *тоа е* навистина застрашувачка комбинација.

Многу проучувачи на пророштвата забележале дека, во врска со металите во текстот Даниел 2, се преминува од највредното кон најмалку вредното – златото девалвира во сребро, среброто во бронза, бронзата во железо, додека на крајот не останат само железото и глината.

Чарлс Дарвин, Карл Маркс и други мислители од деветнаесеттиот век се обидоа да нѐ убедат дека човештвото на некој начин се движи по нагорна линија – дека ние еволуираме во биолошка и општествена смисла. И иако човечкиот живот навистина до извесна мера е подобрен (барем на физички план), а имајќи предвид како во моментов се владее и управува со овој свет, кој воопшто гледа на иднината со голем оптимизам во однос на мирот, сигурноста и напредокот?

**Исус предупредил: „Ќе слушате за војни и повици на војни... Зашто ќе се крене народ против народ, и царство против царство, и на разни места ќе има глад, помор и потреси“ (Матеј 24,6.7). Но, и покрај овие предупредувања, како сѐ уште можеме да црпиме надеж од сознанието дека сме биле однапред предупредени за сите овие работи?**

# ДАНИЕЛ 7

Сонот од Книгата на пророк Даниел 2 глава прво му бил даден на вавилонскиот цар. За разлика од тоа, визијата од седмата глава му била дадена на еврејски пророк, припадник на Божјиот заветен народ.

На Даниел му било прикажано истото како и на Навуходоносор, само од друга перспектива. Наместо статуа, тој гледа низа народи кои излегуваат од морето, како последица на ветриштата што ја разбранувале водата. Тие народи биле во постојан судир, што предизвикувало постојана промена на власта меѓу нив. Стиховите, како што се: Псалм 65,5-8; Исаија 17,12.13 и Еремија 46,7.8 ја користат аналогијата со поплави и бранови за да ги опишат постојаните превирања меѓу овие народи.

Наспроти ова, постоела Ветената земја која, барем некое време, претставувала остров на мирот и сигурноста среде морето од незнабожечки царства – свет народ основан на цврст темел на Божјото владеење за разлика од непослушните народи кои го опкружувале.

**Прочитајте го текстот Даниел 7,1-3. Во таа сцена има многу движење. Кои поуки можеме да ги извлечеме од тој живописен приказ, кога станува збор, на пример, за тоа кој ѕвер прв излегол од морето?**

---

Даниел го посматра хаосот на незнабожечкото војување од брегот, кога одеднаш ѕверовите почнуваат да *излегуваат на земјата* – на неговата територија! Проблемите на незнабошците сега станале проблеми на неговиот народ. Тие избрале да живеат *како не*знабошците, така што ќе продолжат да живеат со (и под) незнабошците. Почнувајќи од вавилонската превласт, Божјиот заветен народ никогаш повеќе нема да ужива во потполна и долготрајна независност.

Таа загуба на самостојноста на Божјиот народ ќе трае од денешно време, па сè до крајот, кога Христос конечно ќе биде поставен на своето вистинско место како наш Цар. Во Новиот завет, Божјиот народ продолжил да страда под железната тупаница на Римското царство, а потоа и под прогонствата на малиот рог, наследникот на паганскиот Рим.

Иако, историски гледано, некои народи биле подобри од другите, а некои периоди помирни од другите, најголемиот дел од историјата на народите, племињата и царствата се состоел едноставно од движење од една во друга трагедија, од еден угнетувач до друг. И често сето тоа се правело под власта на оние кои тврделе дека имаат само најдобри намери за сопствениот народ. Каква спротивност во однос на владеењето што Бог го посакувал за Својот народ, само кога тие би го избрале.

**Како текстот Римјаните 3,10-19 ни помага да објасниме толку многу работи во нашиот свет? На кој начин, особено стихот 19, покажува зошто евангелието ни е толку очајнички потребно во нашиот живот?**

## МЕЃУ ЗЕМЈАТА И МОРЕТО

Сликата на земјата и морето во Библијата, особено во пророштвата, може да биде мошне поучна. Да разгледаме во кој случај се употребуваат симболите на *земјата и морето* во библиските пророштва, каде што тие се заемно остро спротивставени.

„Симболички гледано, кога земјата и морето се спротивставени, *земјата* често го претставува уредениот свет, па дури и земјата Израел, додека *морето* се однесува на незнабожечките народи кои му се закануваат на Израел, исто како што морето му се заканува на копното“ (Beatrice S. Neall, „Sealed Saints and the Tribulation“, *Symposium on Revelation,* Book 1, ed. Frank B. Holbrook; Silver Spring, MD: Biblical Research Institute, General Conference of Seventh-day Adventists, 1992; p. 260).

Според тоа сфаќање, *земјата* е место на стабилност, втемелено врз Божјото владеење, додека *морето* го претставува нестабилното превирање на народите втемелено на човечката гордост.

**Земајќи ја претходно цитираната мисла како заднина, прочитајте ги стиховите Откровение 12,15-16 и Откровение 13,1-11. Забележете ја спротивноста меѓу водата и земјата. На кој начин тие се употребени и што можат да нè поучат во врска со разбирањето на пророштвата?**

---

Забележете дека змевот користи *вода* за да ја прогонува жената (црквата). Како што видовме, во пророштвата, водата често ги симболизира световните власти, како и метежот и хаосот што ги придружуваат. Затоа, можеме да видиме дека сатаната успевал да ги користи масите, поттикнати на бунт од нивните водачи, за да го прогонува Божјиот народ во текот на поголемиот дел од црковната историја.

Исто така, адвентистите на седмиот ден разбрале дека стихот Откровение 12,16 се однесува на преселувањето на прогонетите верници во Новиот свет. Ако нашето сфаќање за *копното и морето* е исправно, што ни кажува тоа за основањето на американската република?

Можеме ли да ја сметаме за „земја“ која, на ист начин како и „Ветената земја“, била место издвоено за Божјиот народ? Дали затоа ѕверот од земјата на почетокот изгледал како јагне? Иако Америка никогаш не била „Новиот Израел“, како што сакале да ја видат некои од нејзините рани основачи, таа долго време била земја на верска слобода за милиони луѓе кои трпеле црковно прогонство во светот.

**За жал, тој ѕвер налик на јагне еден ден ќе проговори „како змевот“ (Откровение 13,11). Соединетите Држави, кои толку долго биле светилник на верската слобода за прогонетите, ќе станат главен верски прогонител! Ова е уште еден пример за тоа што се случува кога човечкиот род избира да владее самостојно, наместо Бог да владее над него.**

## ПРОРОКУВАЈ ПОВТОРНО

Црквата на остатокот е родена во Новиот свет, токму таму каде што побегнале оние што трагале по верска слобода во текот на 17. и 18. век. Со оглед на долгорочните верски и политички пречки што постоеле на други места, малку е веројатно дека растот на тоа движењето би бил толку брз и моќен на некое друго место како на таа нова земја на која настанале Соединетите Држави.

**Прочитајте го текстот Откровение 10,1-11 кој го опишува раѓањето на тоа движење. Погледнете некои од елементите што ги проучувавме, како што се „народите“, земјата и морето. Со соодветна претпазливост, за да не го читате текстот повеќе отколку што треба, какви можни увиди можете да најдете во тој извештај?**

---

Ангелот извикува со силен глас, како што го прават тоа и тројцата ангели од Откровение 14 и ангелот од Откровение 18 глава. Тоа е вжештен момент во историјата, кога се воспоставува делото на црквата на остатокот за доброто на „многу народи и племиња, јазици и цареви“ (Откровение 10,11).

Ангелот држи „книга“ – веројатно книгата на пророкот Даниел (видете Даниел 12,4) – која е отворена за прв пат по многу генерации. Тој стои со едната нога во морето, а со другата на земја. Ова упатува на помислата дека оваа порака се однесува на целокупната планета, и на Стариот и на Новиот свет. Тоа, исто така, упатува на помислата дека тоа е порака за *сите народи* – за оние кои живеат на земјата, како и за оние кои живеат во „незнабожечкото“ море.

Светот, најпосле, ќе биде осветлен со Божјата слава, и последните пораки од Откровение 14 им се објавуваат *на сите.* Како што било случајот со Израел, нашата задача како црква е да го проповедаме Евангелието „по целиот свет, за сведоштво на сите народи“; и тогаш ќе дојде крајот“ (Матеј 24,14).

Бог ја води човечката историја кон нејзиниот голем завршеток – кон крајот на човечките империи и трајното Христово устоличување. Прочитајте ги стиховите Даниел 2,34.35.44.45. Библијата совршено јасно, без никаква двосмисленост, тврди дека сите овие човечки царства ќе бидат искоренети, така што нема да остане никаква трага од нив и нивното зло наследство и ќе бидат заменети со вечното Божјо царство, во кое гревот, страдањето, болеста, злото и смртта никогаш повеќе нема да се подигнат.

**Видете со каква прецизност пророштвата од 2. и 7. глава од Книгата на пророкот Даниел го предвиделе подемот и падот на сите тие световни царства. Зошто таа толку неверојатна прецизност, со оглед на тоа кога пишувал Даниел, треба да ни помогне да веруваме во Божјото ветување за Неговото конечно и вечно царство?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата „Патријарси и пророци“ од Елена Г. Вајт, прочитајте ја главата со наслов „Вавилонската кула“, стр. 117-124 оригинал.

„’Видов ново небо и нова земја, зашто првото небо и првата земја поминаа’ (Откровение 21,1). Огнот што ги уништил грешниците ја исчистил земјата. Отстранета е секоја трага на проклетството. Никаков вечен пекол нема да ги потсетува откупените на страшните последици на гревот. Останува само еден споменик: нашиот Откупител секогаш ќе ги носи лузните на своето распетие. На неговото рането чело, на неговите слабини, на неговите раце и нозе се наоѓаат единствените траги од свирепото дело што го предизвикал гревот. Гледајќи го Христа во неговата слава, пророкот кажува: ‘Болскотот му е како сончева светлина, зраци молскаат од неговите раце, таму му се крие силата’ (Авакум 3,4).

Во неговите прободени ребра од кои потекол црвен млаз кој го помирил човекот со Бога, се наоѓа славата на Спасителот, тука ‘му се крие силата’. Бил ‘силен да спаси’ со жртвата за откуп, и затоа бил исто така силен и да им суди на оние што ја презреле Божјата милост. Знаците на неговото понижување се негова најголема чест; низ сета вечност раните од Голгота ќе ја покажуваат неговата слава и ќе ја објавуваат неговата моќ“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 674 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. На крајот, сите овоземни достигнувања, колку и да се големи, колку и да се грандиозни, колку и да се славни и да влеваат стравопочит, ќе бидат претворени во прав и пепел и конечно уништени засекогаш. Тоа ги опфаќа сите големи и славни овоземни успеси што можеби сте ги постигнале или сега ги постигнувате. Зошто е секогаш важно да се има на ум таа перспектива? Како таа перспектива треба да ви помогне правилно да ги поставите вашите приоритети?**

**2. Погледнете го внимателно ѕверот од морето опишан во Откровение 13,1-10. Во која смисла овој ѕвер е природен резултат на вавилонскиот начин на размислување? Тоа е несомнено збир на *сите* „народи“, од Вавилон до силата на малиот рог. Дали забележавте кои карактеристики на секое царство опстојувале со текот на времето? Во која смисла овој свет и понатаму ги одразува вредностите на Вавилон или на Рим, на пример?**

**3. Како ние, како адвентисти, ја постигнуваме вистинската рамнотежа меѓу следењето на Господа и почитувањето на законите на нашиот народ или владата под која живееме? Што се случува кога послушноста кон едното води до непослушност кон другото?**

**Лекција 6**
**Од 3 до 9 мај 2025**

# РАЗБИРАЊЕ НА ЖРТВАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 1,2-15; Евреите 10,3-10; Излез 12,1-11; 1 Коринќаните 5,7; Агеј 2,7-9; Исаија 6,1-5; Откровение 4,7-11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И пееја нова песна, велејќи: 'Достоен си да ја земеш книгата и да ги скршиш нејзините печати, зашто Ти беше заклан и со Својата крв нè откупи за Бога од секое колено, јазик, народ и племе'" (Откровение 5,9).**

Кога Исус му се приближил, Јован Крстител изјавил: „Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе" (Јован 1,29). Тоа било непогрешливо повикување на идејата за животински жртви, а сите тие укажувале на Христовата заменичка смрт во полза на човештвото.

Во Библијата не можеме да ја избегнеме темата за животински жртви. Таа се провлекува како црвена нишка долж нејзините страници и игра клучна улога во големата сцена од Откровението, во кое Јован е доведен во салата каде што е Божјиот престол (Откровение 4 и 5). Фактот дека Исус се појавува во оваа клучна сцена, при што изгледа како заклано јагне (Откровение 5,6), претставува важен клуч за разбирање на целата таа пророчка епизода.

Оваа седмица ќе разгледаме некои од темите поврзани со жртвите, со цел подобро да го разбереме Исуса, закланото Јагне, главната личност на сцената во престолната сала. Тој бил прифатен како достоен таму каде што никој друг не бил, и Неговата достојност доволно зборува за она што Господ, всушност, го правел преку жртвениот систем. Таа Го открива како Бог на бескрајна љубов, кој ја поднел најголемата жртва, во чин во кој ние и другите интелигентни суштества во вселената ќе се восхитуваме низ вечноста.

## НАПРАЗНИ ЖРТВИ?

Понекогаш спротивставувањето на две идеи може да биде многу поучно. Може многу да се научи за природата на жртвениот систем од библиска перспектива, врз основа на примери кога Бог всушност ги *отфрлал* жртвите на својот народ.

**Споредете го текстот Исаија 1,2-15 со стиховите од Исаија 56,6.7 и Псалм 51,17. Кои важни лекции за жртвувањето се дадени таму?**

---

Таа тажна епизода во историјата на Израел не била прв случај Бог да отфрли некоја жртва. Нешто слично се случило на самиот почеток од историјата на спасението, кога жртвата на Авел била одобрена и прифатена од Бога, но онаа на Каин не била. Таа рана епизода ни дава уште една можност да ги споредиме прифатливите и неприфатливите жртви (видете: 1. Мојсеева 4,3-7 и Евреите 11,4.)

Во времето на пророкот Исаија, Израелците се препуштиле на рутината, формално извршувајќи верски дејства во минималистички обид да го смират Бога, додека за цело време живееле според нивната волја. Нивните жртви биле вкотвени во самите нив, исто како и оние на Каин, а не во ставот на предавање и покорување на Бога.

Тоа е истиот дух што ги придвижува царствата на овој свет – духот на самодоволност. Каин сакал да живее според својата волја, а пред Бога да изврши само обичен обред, и тоа под свои услови. Може само да се претпостави дека тој гледал на Бога како пречка, пречка да го следи својот правец, но дека се плашел од Него доволно за сепак да ја исполни формата.

Меѓутоа, Авел ја принел жртвата што ја барал Бог, жртва која го прикажувала ветувањето што Бог го дал за доаѓањето на Месија (1. Мојсеева 3,15) – јагне, кое укажувало на Христовиот спасоносен чин на Голгота.

„Авел ги сфатил големите основни начела на откупувањето. Увидувал дека е грешник и дека меѓу неговата душа и врската со Бога стојат гревот и смртта како казна. Принел заклано животно, жртвуван живот, и со тоа ги признал барањата на законот кој бил прекршен. Гледајќи во пролеаната крв, ја видел Жртвата на иднината – Христа – како умира распнат на Голгота и, верувајќи во спасението што ќе биде со тоа осигурено, се осведочил дека е оправдан и дека жртвата му е примена“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 72 оригинал).

**Колку е навистина суштински важно да се чуваме од тоа само „да се исполни формата“! На кој начин може секој од нас да доживее што значи целосно да се потпреме на Исусовата смрт како наша единствена надеж за спасение?**

# КРВ ОД БИКОВИ И ЈАРЦИ

Некои го критикуваат целокупниот концепт на принесување жртви, тврдејќи дека тој е суров, груб и, во извесна смисла, неправеден. Да, во тоа е поентата. Христовата смрт била сурова, груба и неправедна – невиниот умира за виновникот. Токму тоа било неопходно за да се реши проблемот со гревот. И токму таа смрт, Христовата смрт, била она на што укажувале сите тие сурови, груби и неправедни жртви.

**Прочитајте го текстот Евреите 10,3-10. Што нè учи овој исечок за жртвите што Божјиот народ ги принесувал во Стариот завет? Ако грешниците, всушност, не можеле да се спасат преку нив, зошто воопшто требало да бидат принесувани?**

---

---

Јагнињата и другите жртвени животни биле само симболи што укажувале на помирувачката жртва на Божјото Јагне. Тие биле дела на вера, давање можност на грешниците на опиплив начин да ја изразат својата вера во делото на претстојниот Месија. Ваквиот симбол често го нарекуваме *тип*, кој се исполнува во *антитипот,* односно обликот на нештата или настаните што тие го најавуваат. Некои дури ги опишуваат жртвите како „минијатурни пророштва“ за Исусовата смрт на крстот.

Ритуалите поврзани со жртвите на некој начин биле како уплатување за патување. Кога купувате билет за воз, автобус или авион, не го започнувате веднаш патувањето за кое сте платиле. Наместо тоа, добивате билет – симбол или ветување за патувањето што ќе следи. Можете да седите на тоа парче хартија колку што сакате, но тоа нема да ве однесе до ниедна дестинација. Но, кога конечно ќе се качите, и ќе започне патувањето, дури тогаш го добивате она за што сте платиле, а хартиената карта станува непотребна.

Така било и со жртвените животни. Тие имале важна улога, но кога била принесена вистинската жртва, тие станале бесмислени, а таа реалност била доловена во мигот кога, при Исусовата смрт, завесата меѓу Светињата и Светињата над светињите се раскинала на два дела. „И завесата на храмот се расцепи на две, одозгора додолу“ (Марко 15,38). Целокупниот жртвен систем, храмот и сè останато, укажувале на Исусовата смрт на крстот. Кога Исус го исполнил своето ветување на крстот и воскреснал како победник над смртта, тие типови станале непотребни.

**Размислете само колкаво зло мора да е гревот, кога тој може да се искупи само со смртта на Исус, воплотеното Слово (видете Јован 1,1-3,14). Што ни кажува ова за ставот што треба да го имаме кон гревот?**

## ПАСХАЛНОТО ЈАГНЕ

Книгата Откровение го споменува Исуса како „Јагнето“ речиси триесет пати. Од најраните денови во спроведувањето на планот за спасение, Божјиот народ го користел јагнето како симбол на Месија кој требало да дојде. Авел принел жртва „од првородените на своето стадо“ (1. Мојсеева 4,4), а пред Израел да тргне од Египет кон Ветената земја, им било наложено да го откупат секое првородено лице или животно со едногодишно јагне (2. Мојсеева 12,5).

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Мојсеева 12,1-11; Исаија 53,7.8; 1. Коринќаните 5,7 и Откровение 5,6. Што нè учат овие стихови за Исуса како пасхална жртва? Што значи ова за секој од нас?**

Години по Христовата смрт, воскресение и вознесение, Петар, размислувајќи за сè што се случило, напишал: „Знаејќи дека со пропадливо сребро или злато не сте искупени од суетниот живот, кој ви се предаде од татковците ваши, туку со скапоцената крв на непорочното и чисто Јагне - Христос“ (1. Петрово 1,18.19).

Исусовиот живот бил единствениот човечки живот кој ги задоволил барањата на Божјата светост. Сите останати згрешиле, а нашиот грешен начин на живот буквално шири лаги за природата на нашиот Творец.

Меѓутоа, Исус станал „последниот Адам“ (1. Коринќаните 15,45). Таму каде што ние сме промашиле, Тој живеел совршено. Во Неговата човечка природа, Тој бил сè што треба да биде човечкиот род. Тој бил совршен одраз на Божјата слава. „Кој ме видел мене“, му рекол тој на Филип, „го видел Отецот“ (Јован 14,9).

Освен тоа, бил распнат на Пасха, и со тоа дополнително докажал дека Тој е антитипот – Јагнето. Во стиховите Јован 18,19.20, во врска со своето учење Исус вели: „Јас му зборував на светот јавно“. Паралелно на ова, а во врска со Пасхалното јагне во текстот 2. Мојсеева 12,5.6, на децата на Израел им било наложено да изберат јагне за Пасха, и „чувајте го“, односно јавно да го покажат во деновите што му претходеле на жртвувањето. Кога првосвештеникот го испрашувал во врска со Неговото учење, Исус се повикал на фактот дека Тој лично бил изложен на судот јавно, во храмот, каде што секој можел да Го види и чуе. Неговиот живот, Неговите дела, Неговото учење – сето тоа откривало кој навистина бил Тој. Тој бил Јагнето без мана, најмоќниот израз на Божјата праведност и слава.

**На кои сè начини би можеле подобро да го одразуваме совршениот карактер на Исус во нашиот живот?**

# ИСУС ВО ХРАМОТ

Во текот на целокупната историја на спасението, владеела одредена напнатост. Од една страна, Бог сака да ја обнови заедницата што некогаш сме ја уживале со Него, и копнее да нè привлече што е можно поблиску до Себе. Меѓутоа, доведувањето на грешниците во Негово присуство само би ги уништило. „Зашто Ти си Бог, Кој не сака беззаконија“, пишува Давид, „за лошиот нема место кај тебе“ (Псалм 5,4). И пак, во исто време, Давид исто така пишува: „А јас, пак, според Твојата голема милост, ќе влезам во Твојот храм и ќе паднам ничкум пред Твоето светилиште, со почит кон Тебе“ (Псалм 5,7).

**Прочитајте го текстот Агеј 2,7-9. Кога бил изграден вториот храм, пророкот Агеј дал неверојатно ветување – дека тој нов храм ќе биде пославен од претходниот. Што се подразбирало под тоа пророштво?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Кога Соломон го посветил првиот храм, славата на Шекина – Божјото присуство што ги придружувало израелските деца на патот кон Ханан – го исполнила храмот, така што свештениците не можеле да стојат тука за да ја довршат својата служба (1. Царевите 8,10.11). Кога бил посветен вториот храм, ковчегот на заветот, кој го претставувал Божјиот престол, го немало во него, бидејќи Еремија го скрил. Буквалното Божјо присуство овојпат не го исполнило храмот. Тоа било многу потресно. Тогаш, како можело воопшто да се оствари ветувањето на Агеј?

Токму во тој втор храм се појавил лично Исус, отелотворениот Бог, во тело и крв. Сам Бог излегол од зад завесата за да стане еден од нас и да ни се придружи во овој расипан свет. Бидејќи Синот Божји станал Син човечки, сега сме можеле да го видиме Неговото лице, да го слушнеме Неговиот глас и да сведочиме, на пример, за тоа кога Тој го допрел нечистиот лепрозен и го исцелил (Матеј 8,3). Наместо да нè повлече во *својот* правец, Бог нè приближил до себе движејќи се во *наша* насока. Тој лично дошол кај нас. Не е ни чудо што Библијата за Исус вели: „И ете, девица ќе зачне во утробата своја и ќе роди Син, и ќе го наречат Емануел – што значи: со нас е Бог“ (Матеј 1,23). Размислете што значи ова – Творецот на вселената се удостоил не само да живее меѓу нас, туку и да умре за нас.

**Крстот е убедливо најсилниот израз на Божјата љубов. На кои други начини можеме да ја согледаме и да ја доживееме реалноста на Божјата љубов?**

## ЗАТОА ШТО ТИ СОЗДАДЕ СÈ!

Во неколку наврати, пророците биле доведени доволно близу до Бога во видение што им било дозволено да го видат Божјиот престол. Езекиел го видел над сводот (Езекиел 1,26). Исаија го посетил храмот на небото за да го види (Исаија 6,1), а во еден од најјасните описи што ни се дадени, Јован бил доведен таму во визијата опишана во Откровение 4 и 5 глава. Старозаветните типови во служБите на светилиштето укажувале на тоа дека постои само еден пат по кој човештвото може да влезе во Божјото присуство – крвта Христова (видете: 3. Мојсеева 16,2.14, на пример).

**Прочитајте ги текстовите: Исаија 6,1-5 и Откровение 4,7-11. Кои елементи на овие две визии се слични? Обратете внимание на редоследот на настаните: Кој предмет бил прв прикажан? Што било следно? Која вистина за Бога е нагласена во тие визии?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Во секоја од тие визии за престолната сала, првото нешто што се случува е да се истакне Божјата светост од страна на небесните суштества. Во визијата на Исаија, таа сцена е импресивна – храмот е исполнет со дим, а „довратниците на праговите“ се тресат кога серафимите почнуваат да ја објавуваат Божјата слава. Во Јовановата визија, херувимите го објавуваат истото: „Свет, свет, свет“ (видете Езекиел 10,14.15 за да ги најдете живите суштества опишани како *херувими)*. На секој од овие пророци му била прикажана заслепувачката сцена на Божјата слава.

И тогаш ни е прикажана реакцијата на пророкот на таа сцена. Исаија вика дека тој е човек со нечисти усни (Исаија 6,5), а Јован плаче затоа што се соочил со трагичната вистина дека не може да се најде никој кој би бил достоен (Откровение 5,4). Кога директно ни се претставува Божјата достојност, ние конечно почнуваме да ја увидуваме човековата состојба – ние сме крајно недостојни, и нам ни треба Христос како наш Искупител.

Сатаната изнел многу обвинувања против Бога, тврдејќи дека Тој е самоволен, себичен и суров, меѓутоа, дури и краток момент во Божјата престолна сала ги разоткрива сатанските лаги. Гледајќи го Христа каков што Тој навистина е, како „заклано јагне“ (Откровение 5,12), токму тоа ни овозможува да го видиме и Отецот таков каков што *Тој* навистина е. Колку е утешно да се знае дека со гледање во Исуса, гледаме каков е Отецот (Јован 14,9). А најголемото откровение за тоа каков е Отецот го гледаме во Исуса кој умира за нас на крстот.

**Според тоа, крстот треба да ни покаже две работи: прво, колку Бог нè љуби кога бил готов да го стори тоа: да се жртвува себеси за нас; и второ, колку сме ние грешни и лоши кога само по цена на крстот сме можеле да бидеме спасени.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Светото писмо јасно покажува дека само Христос е Единствениот кој е достоен да го обезбеди нашето спасение. Неговиот живот бил единствениот безгрешен човечки живот, единствениот пример на живот кој послужил за совршено задоволство во слава на Отецот. Тој е *беспрекорното* Божјо Јагне и сега стои на чело на човечкиот род како наша вечна сигурност. Во исто време, Тој ја презел нашата вина врз Себе, претрпувајќи ја осудата која била Божји одговор на злото. А на Јован, додека бил сведок на неверојатната сцена во која небесните битија го опкружуваат Божјиот престол, му е кажано да престане да плаче затоа што „Лавот, Кој е од Јудиното колено, Коренот Давидов, победи“ (Откровение 5,5).

Размислете и за тоа какво зло е гревот и колку длабоко паднал човечкиот род, кога само смртта на Исус, на Бог лично, била доволна за да се реши проблемот со гревот. Без никакво сомневање, ако постоел некој друг начин Бог да нѐ спаси без да ги прекрши начелата на своето божествено владеење, Тој сигурно би го направил тоа.

„Прекршениот закон го барал животот на грешникот. Во целата вселена постоел само Еден кој, во име на човекот и во негов интерес, можел да ја задоволи правдата и да го исполни тоа што го барал законот. Бидејќи божествениот закон е свет исто толку колку и Бог, прекршителите на тој закон можел да ги искупи со своите страдања само Оној кој е еднаков со Бога. Никој, освен Христос, не можел да ги искупи луѓето од ‘законската клетва’ и повторно да ги доведе во хармонија со небото. Христос бил готов да ја прими на себе кривицата и срамот на гревот - гревот кој на Божјата светост ѝ е толку одвратен, што морал да го одвои Синот од неговиот Отец. Христос бил готов да се спушти до најголемите длабини на страдањето и бедата за да го спаси паднатиот и загубениот човечки род“ (Елена Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 63 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Јован го гледа Јагнето како влегува во престолната сала и изгледа како да е „заклано“. Откровение 13,8 ни кажува дека Исус бил „заклан“ од постанокот на светот. Што можеме да дознаеме за Бога од фактот дека планот на спасението е направен уште пред да ни биде потребен?**
2. **Многу атеисти веруваат дека сме сами во една студена бесчувствителна вселена. Спротивно на тоа, Библијата не зборува само за Бога, туку и за тоа дека Тој толку многу го сакал светот што слегол во него, па дури и умрел за него. Колку поинаку треба да гледаме на овој свет и на нашето место во него, наспроти оние кои воопшто не веруваат во Бога? Со други зборови, како реалноста на Крстот треба да влијае на сето она што го правиме?**
3. **Зошто животот, смртта и воскресението на Исуса Христа се единственото средство со кое би можел да се спаси човечкиот род? И повторно, што ни кажува таквата цена за тоа колку големо зло навистина е гревот?**

**Лекција 7**
**Од 10 до 16 мај 2025**

# ОСНОВИ ЗА ПРОРОШТВАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 6,6-8; 1. Мојсеева 3,21-24; Езекиел 1,4-14; Откровение 4,1-11; 4. Мојсеева 2,3-25; Исаија 14,12-14.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И го чув гласот на Господ, Кој рече: 'Кого да испратам и кој ќе отиде за нас?' А јас реков: 'Еве ме мене, испрати ме мене!'" (Исаија 6,8)**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

Божјето право да владее со вселената се заснова на Неговата положба како Творец на сè што постои (Откровение 4,11), а исто така и на Неговиот карактер. Откривајќи го Божјиот праведен карактер, ние почнуваме да сфаќаме како и зошто грешните човечки суштества ја изгубиле Божјата слава (Римјаните 3,23).

Оваа седмица навлегуваме подлабоко во визијата за престолната сала и размислуваме како човештвото се однесува кон светиот Бог и како Христовата жртва нè обновува и нè приближува до престолот. Бог планира да нè обнови, не само како поединци, туку и како човечки род, за да можеме уште еднаш да им ја откриеме Неговата слава на останатите создадени суштества. Со истражување на остатокот од Библијата, можеме да најдеме важни клучеви кои ни помагаат да го разбереме и да почнеме да го цениме високиот повик што Бог ни го доверил на нас грешниците, на кои им простил и ги откупил.

Човечкиот бунт, конечно и засекогаш, ќе заврши. Освен тоа, Божјиот карактер на љубов, самоодрекување и самопожртвуваност ќе блесне уште посилно отколку што било предвидено со Неговиот првичен план за човештвото. Иако Неговата намера никогаш не била човечкиот род да падне во грев, Божјиот карактер на љубов, преку крстот, на извонреден начин бил откриен пред сите.

## ЕВЕ МЕ, ПРАТИ МЕ

Пред многу години, една црква одлучила да го реновира застарениот подрум за да направи нова сала за дружење. Една од првите работи што ги направиле било инсталирање на нови светилки, верувајќи дека ќе направат просторот да изгледа попријатен. Меѓутоа, кога ги поставиле, просторот изгледаше уште *полошо,* бидејќи силните светла имаат тенденција да ги откриваат недостатоците.

Слично на тоа, прекрасната визија за Божјиот престол направила Исаија да стане болно свесен за неговите недостатоци. „'Тешко мене!" – се жалел тој – „пропаднав, зашто сум човек со нечисти усни, живеам во народ со нечисти усни, а моите очи Го видоа Царот, Господ над Војските!'" (Исаија 6,5). И ние би се чувствувале исто ако ненадејно бидеме доведени во Господово присуство. Таа светлина е доволно силна за да ги отстрани сите наши изговори. Во Божјо присуство, ние јасно чувствуваме дека сме изгубени. Така и пророкот Исаија го чекало животно изненадување.

**Прочитајте го текстот Исаија 6,6-8. Исаија знаел дека гревот значи само едно: „Пропаднав"! Плата за гревот е смрт. Но, наместо да нè препушти на последиците од гревот, Бог на љубовта нè привлекува поблизу кон себе. Каков бил исходот од таа средба и зошто е тој важен?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исаија бил очистен кога еден серафим зел јаглен од олтарот кој му ја допрел устата. Веројатно тоа бил кадилниот олтар, каде што се посредувало од страна и во полза на Божјиот народ (видете Откровение 8,3.4). Неговите гревови се простени, и тој сега бил сметан за подобен да стои во Божјото присуство – но и повеќе од тоа, му било доверено и да го претставува Бога пред светот.

Интересно е што зборот „серафим" значи „оној што гори". Забележете го Исусовиот опис на службата на Јован Крстител во стихот Јован 5,35: „Тој беше светило, што гореше и светеше, но вие сакавте да се радувате малку време на неговата светлина." Иако и на самиот Јован, се разбира, му биле потребни благодатта и спасението, неговата служба укажувала на Единствениот кој може да донесе благодат и спасение.

Исус дошол како совршен претставник на славата на Отецот – а Бог испратил пророк, грешник, кој извршил слична задача како и еден од небесните серафими.

**Дури откако дознал дека неговиот грев е очистен, Исаија рекол: *Еве ме, испрати ме мене!* На кој начин секој од нас, знаејќи дека нашите гревови ни се очистени со Исусовата крв, може да одговори исто како и пророкот Исаија?**

## ДВА ХЕРУВИМА

Кога нашите прародители биле протерани од Едемската градина, Бог им понудил надеж во Месија (1. Мојсеева 3,15). А потоа поставил моќен симбол пред портите на Едем – два херувима со блескава, лелеава светлина меѓу нив. Не треба да го изгубиме од вид тоа дека оваа сцена многу потсетува на Ковчегот на заветот, симбол на Божјиот престол (2. Мојсеева 25,18).

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 3,21-24. За која работа биле задолжени херувимите – и зошто?**

---

Иако херувимите несомнено биле задолжени да ги спречат грешниците да се приближат до дрвото на животот (1. Мојсеева 3,22), тие исто така биле и симбол на надежта, ветување дека луѓето еден ден ќе бидат вратени во рајот. „Едемската градина останала на земјата уште долго по изгнанството на човекот од нејзините пријатни патеки. Паднатиот човечки род уште долго можел да го посматра родниот крај на својата безгрешност, чијшто влез сега го чувале ангели. Бог ја откривал својата слава пред вратата на рајот што ја чувале херувими. Тука Адам и неговите синови доаѓале да се молат на Бога. Тука тие ги обновувале своите завети дека ќе го почитуваат оној закон поради чијшто престап биле истерани од Едем. Кога светот бил преплавен со плима на беззаконие, и кога расипаноста на луѓето го запечатила нивното уништување со потоп, тогаш Едем го отстранила од земјата истата онаа рака која и го засадила. Но во конечното обновување, кога ќе бидат создадени 'ново небо и нова земја' (Откровение 21,1), и тој повторно ќе биде воспоставен и уште почудесно украсен отколку што бил во почетокот“ (Е. Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 62 оригинал).

Изборот на зборови во 1. Мојсеева 3,24 е исто така интересен – Библијата укажува дека Бог „поставил“ херувим источно од Едем*, а оригиналниот еврејски збор за „постави“ е *шакан,* коренски збор за светиот „шатор“ (видете 2. Мојсеева 25,9; 4. Мојсеева 3,26), каде Божјото присуство се покажало меѓу Неговиот народ. Иако вообичаениот израз за Божјата присутност, Шекина, не се појавува во Библијата, тој исто така се заснова на истиот тој збор, кој често се преведува како „шатор“. Според тоа, со буквалниот превод на зборот *Шакан,* тој стих може да гласи: „Бог *ушатори* херувим кај источната порта на Едем“.

Во Библијата, херувимите се поврзуваат со Божјото присуство (видете 1. Летописи 13,6; Псалм 80,1; Исаија 37,16), а особено со Неговиот престол, кој е местото од кое се објавува Неговото име. Не смееме да пропуштиме да забележиме како 24-те старешини, кои се присутни околу Божјиот престол во Откровението 4 и 5 глава, му пеат пофалби и го прогласуваат Неговото право да владее како Оној кој создал сè (Откровение 4,11). Тоа може да ни помогне да ја разбереме сцената од престолната сала и улогата што ние, како грешници на кои им е простено, ја имаме во однос на нашиот Творец.

*„Откако го истера човекот и го насели источно од Едемската градина, постави херувим со огнен меч, кој се лелееше, за да го чуваат патот до дрвото на животот“ (1. Мојсеева 3,24, Милин).

## КАКО РАЗГОРЕН ЈАГЛЕН

Херувимите, или како живи суштества (Езекиел 10,8) или во вид на своите златни симболи (2. Мојсеева 25,18), се појавуваат насекаде во Стариот Завет. Тие често се прикажани како стојат веднаш до Божјиот престол, отсјајувајќи ја Неговата слава кон вселената. Херувимите биле извезени и на завесата пред Светињата над светињите (2. Мојсеева 26,1). Во книгата Псалми, Божјата врховна власт над созданијата е поетски доловена со сликата на Бога што го носат херувими низ воздухот (Псалм 18,10). Бог заповедал на поклопецот на ковчегот на заветот да се направат два херувима од чисто злато со крилја што ги протегаат еден спроти друг (2. Мојсеева 25,18-20).

**Прочитајте го текстот Езекиел 1,4-14. Какви сличности гледаме меѓу тој пасус и сцената опишана во Исаија 6,1-6 и Откровение 4,1-11?**

---

На Езекиел му бил претставен впечатлив приказ на Божјата сила. Тоа е, пред сѐ, една збунувачка сцена, која одговара на неволјите во кои се нашол Божјиот народ во тој момент – избраниот народ не бил во земјата на ветувањето, туку во вавилонско ропство. И додека ја проучува таа сцена што се наоѓа пред него, Езекиел го крева погледот и го гледа Божјиот престол над сето тоа.

Забележете ги значајните сличности со другите визии за престолот. Живите суштества за кои Езекиел сведочи, имаат исти лица како живите суштества во видението на Јован – лице на лав, орел, вол и човек.

Овие таинствени битија со четири лица не се конкретно именувани во првиот опис на Езекиел. Но, подоцна, во друг приказ на престолната сала (видете Езекиел 10,1-21), тие се наречени „херувими“, а тука го наоѓаме и разгорениот јаглен од визијата на Исаија за серафимите. Тие ги имаат истите лица како живите битија спомнати во видението на Јован.

Секогаш кога го гледаме Божјиот престол – без разлика дали е типолошки претставен во форма на ковчегот на заветот, кој служел како Божје место за состаноци со Мојсеј (2. Мојсеева 25,22), или како пророчка визија што го одзема здивот – херувимите се *секогаш* присутни. Тие се тесно поврзани со Божјиот престол. Сите Божји созданија се создадени за да ја одразуваат Неговата слава – без разлика дали станува збор за човечкиот род кој е создаден според Неговиот лик или за ангелските суштества кои се поставени веднаш крај Неговиот славен престол.

**Свет, свет, свет е Господ Бог Седржителот. Како стоите вие во однос на мерата на светост за која Езекиел сведочи овде? Што ви порачува одговорот на тоа прашање во врска со вашата потреба од евангелието?**

## БОГ МЕЃУ СВОЈОТ НАРОД

Додека го следеле Божјото присуство во вид на облак, Израелците застанувале на своето патување кон Ветената земја, го поставувале светилиштето (шаторот за состанок), и дури потоа ги поставувале своите шатори околу него – по три племиња од секоја страна. Божјата присутност се спуштала во Светињата над светињите и престојувала тука среде својот народ.

**На секоја од четирите страни на светилиштето имало по едно доминантно племе. Според текстот 4. Мојсеева 2, кои биле тие четири главни племиња?**

4. Мојсеева 2,3 (исток):______________________________

____________________________________________

4. Мојсеева 2,10 (југ): ______________________________

____________________________________________

4. Мојсеева 2,18 (запад):______________________________

____________________________________________

4. Мојсеева 2,25 (север):______________________________

____________________________________________

Забележете дека секое од доминантните племиња развило сопствено знаме за да означи кои се. Иако Светото писмо конкретно не кажува што имало на секое од тие знамиња, постои интересна традиција – донекаде заснована на карактеристиките на тие племиња, опишани во 1. Мојсеева 49 и 5. Мојсеева 33 – која на секоја од четирите страни на светот доделува по едно од тие лица. „Според рабинската традиција, знамето на Јуда носеше лик на лав, на Рувим лик на човек или човечка глава, на Ефрем лик на вол, а на Дан лик на орел, така што четирите живи суштества, обединети во обликот на херувимите што ги опишал Езекиел, биле претставени на тие четири знамиња“ (Carl Friedrich Keil and Franz Delitzsch, *Commentary on the Old Testament,* vol. 1; Peabody, MA: Hendrickson, 2011; p. 660).

Се разбира, можно е традицијата да претерува, но сепак е интересно да се спореди таа древна традиција со библискиот опис на Новиот Ерусалим. Бидејќи се појавува интересен образец – има порти кои претставуваат по три племиња на секоја од четирите страни на градот (Откровение 21,12.13).

Описите на израелскиот логор и Новиот Ерусалим нагласуваат еден клучен факт – Бог има намера да го привлече човечкиот род поблизу до Својот престол. Книгата Откровение нѐ учи дека „храм не видов во него (во Новиот Ерусалим), бидејќи Господ Бог Седржителот и Јагнето се неговиот храм“ (Откровение 21,22).

**Ние, се разбира, не живееме во израелскиот логор. Но, на кои сѐ начини, во сопствениот живот денес, можеме да се приближиме до Божјето присуство?**

## ПАДОТ НА ЛУЦИФЕР

Изгледа несфатливо што Луцифер некогаш ја вршел службата на херувим засолнувач, заземајќи возвишена положба покрај Божјиот престол. Неговото постоење секако би придонело да се открие Божјата слава пред вселената. Но, наместо тоа, тој почнал да размислува за својата слава, а не за славата на својот Творец. Или, поточно, почнал да си замислува дека не *му се* укажува должна почит.

**Прочитајте ги следните текстови: Езекиел 28,11-17 и Исаија 14,12-14. Што довело до падот на Луцифер? Споредете ги тие пасуси со текстот Откровение 14,1-12. Како таа спротивност меѓу падот на Луцифер и возвишената положба што ја има човечкиот род во Христа влијае на вашето разбирање на она што се случува во Откровение 14 глава?**

---

---

Забележете како Луцифер е отстранет од светата гора, додека откупените стојат на гората Сион со Божјото Јагне. За Луцифер е кажано дека бил во Едем, а и човечкиот род некогаш бил таму, но, за разлика од судбината на сатаната, луѓето се вратени во рајот преку Христа (видете Откровение 22,1-3).

Во овој контекст, следниот цитат од Елена Вајт е многу поучен: „Небото ќе се радува, зашто местата во височините, испразнети од падот на сатаната и неговите ангели, ќе бидат пополнети од оние што Господ ги откупил“ (*The Advent Review and Sabbath Herald,* May 29, 1900).

И тие се таму, на небото, само благодарение на Евангелието. Всушност, темата на евангелието, откупувањето, е сликовито прикажана во престолната сала, во 4. и 5. глава од Откровението. На пример, ангелите извикуваат: „Достоен си да ја земеш книгата и да ги скршиш нејзините печати, зашто Ти беше заклан и со Својата крв нè откупи за Бога од секое колено, јазик, народ и племе“ (Откровение 5,9). Каква слика на евангелието – Исусовата смрт за откупување на човештвото!

Исто така, забележете дека тој јазик нè потсетува на пораката на првиот ангел, во која сме повикани да го проповедаме вечното „Евангелие, за да им благовести на жителите земни, на секое племе и колено, јазик и народ“ (Откровение 14,6). Колку možно е претставена овде полнотата на она што Христос го направил за овој свет. Нема ниту едно човечко суштество во целата историја на Земјата за кое Христос не умрел. Луѓето треба само да дознаат за тоа и да одлучат тоа да го прифатат.

**Која улога ја имаме ние, како црква и поединци, во тоа да им овозможиме на луѓето да дознаат што направил Христос за нив?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Големата борба* од Елена Вајт, прочитајте ги извадоците од поглавјето под наслов „Големата борба е завршена“, на страниците 669-671, 676-678 (оригинал).

Сатаната, некогаш херувим засолнувач, настојувал да ја уништи довербата во Божјиот престол. Бог дозволил паднатите ангели да продолжат со бунтот, за да ги покажат пред вселената длабочините на злото до кои се доаѓа поради самовозвишување – и иако сатаната успеал со измама да го придобие човечкиот род да му се придружи во војната против Бога, Христос целосно го поразил на крстот, обезбедувајќи за луѓето положба на која некогаш стоеле паднатите ангели. Грешниците, во Христа, јавно се свртуваат против тврдењата на Луцифер. Завршното сценарио е, на некој начин, уште поголемо откровение на Божјата добрина и љубов отколку што постоело пред падот на Луцифер. Иако Бог никогаш немал намера да дојде до појава на злото, и иако тоа е трагедија со вечни последици, кога тоа целосно ќе заврши, Божјата добрина и љубов ќе се откријат на начини на кои инаку никогаш не би можеле.

„Тој (Христос) сега ги гледа откупените, обновени според Неговиот лик, суштества чиишто срца носат совршен отпечаток на божественоста, и секое лице совршено ја одразува сликата на својот Цар. Тој во нив го гледа плодот на трудот на својата душа и е целосно задоволен. Со глас што допира до сите собрани праведници и мноштво зли, тој објавува: ‘Погледнете ги оние што ги откупив со својата крв! За нив страдав, за нив умрев, за да живеат во Моето присуство во сите векови на вечноста!‘ Пофални песни се издигнуваат од толпата облечена во бели облеки собрана околу престолот: ‚Достојно е закланото јагне да прими моќ и богатство и мудрост и сила и чест и слава и благослов!' (Откровение 5,12)“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 671 (оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Замислете дека стоите пред Бога, при што секоја ваша мана, секој недостаток на карактерот, секоја грешна постапка, секоја лоша мисла, секој погрешен мотив се целосно изложени пред Него! Што со право и праведно би заслужиле? Тогаш, во што е вашата единствена надеж? Зошто мора да се потрудиме „Божјата праведност преку верата во Исус Христос“ (Римјаните 3,22) да нè покрие сега и на судот, кога ни е најпотребна? Накратко, зошто ни е потребно евангелието?**

**2. Јован Крстителот, како што видовме, ја играл улогата на серафим – светило што гори и свети (видете Јован 5,35). Се разбира, тој бил предвесник на Исуса, кој го објавувал првото доаѓање на Месија. Во која смисла Божјиот народ на последното време има слична пророчка улога?**

Лекција 8
Од 17 до 23 мај 2025

# ВО ПСАЛМИТЕ - ПРВ ДЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Евреите 9,11-15; Псалм 122; Псалм 15; Псалм 24; 2. Мојсеева 33,18-23; Псалм 5 и Псалм 51,7-15.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Потоа видов: ете, Јагнето стои на гората Сион, и со Него сто четириесет и четири илјади, што го имаа на челата свои напишано името на Неговиот Отец“ (Откровение 14,1).**

Како адвентисти на седмиот ден, ние сме навикнале да ги бараме симболите од Откровението во Стариот завет за полесно да ги разбереме. А што се однесува до наративите што ги содржат овие симболи, далеку сме од тоа да имаме само еден добар извор. Напротив, нив ги наоѓаме во целиот Стар Завет.

Еден особено богат извор на информации е книгата Псалми, збирка на света поезија која разгледува многу човечки искуства и можни заемни односи со Бога – почнувајќи од потиштеност поради гревот и страдањата до нескротлива радост поради Божјото присуство и Неговите повторени ветувања во врска со простувањето и спасението.

Внимателното читање на Псалмите ги открива деталите што прават книгата Откровение да оживее, особено Откровение 14, глава која го опишува завршното дело на Божјата црква на остатокот на земјата. На Божјиот народ на последното време му е дадена истата задача како и на древниот Израел – ние треба да бидеме светлина за народите, последен благодатен повик до сите луѓе да го обожаваат и слушаат својот Творец.

Некои детали наведени во таа Божја песнарка ни овозможуваат на нов начин да ја разбереме и да ја цениме нашата улога во завршните моменти од историјата на Земјата.

# НАШИОТ ПРВОСВЕШТЕНИК

Кога Мојсеј ја надгледувал изградбата на светилиштето (шаторот за состанок), не му било дозволено да употреби каков било нацрт по свој избор. Бог му дал нацрт што морал да го следи. „И гледај да ги направиш според образецот, што ти беше покажан на планината“ (2. Мојсеева 25,40). Во Посланието до Евреите откриваме дека таму е употребен „образецот“ на една повозвишена реалност, небесното светилиште.

**Прочитајте Евреите 9,11-15, за Христа како наш Првосвештеник во небесното светилиште. Што дознаваме за Неговата служба за нас?**

---

---

Земното светилиште го претставило Исус до неверојатни детали. Од свештениците и жртвите, до мебелот и другите детали од уредувањето – *сето тоа з*борува за Исуса.

Книгата Откровение, се разбира, е преполна со сликовити прикази на светилиштето. Во уводните стихови го наоѓаме свеќникот од светилиштето, а ковчегот на заветот изречно се спомнува во четвртата глава, како и бројни други алузии на храмот. Без да се разбере старозаветното светилиште, невозможно е да сфатиме на што укажува Јован во описите на неговите визии. А Павле, за искуствата на Израел, го пишува следново: „Сето тоа ним им се случуваше да служат како пример, а беше запишано нам за опомена, до кои стигна крајот на вековите“ (1. Коринќаните 10,11).

Многу работи можеме да научиме од проучувањето на деталите за храмот. Во книгата Псалми наоѓаме важна компонента за разбирање на тие детали – начинот на кој припадниците на Божјиот народ лично се однесувале спрема храмот. Даден ни е увид во тоа како Давид се однесувал спрема светилиштето и неговите служби, а гледаме и како Божјиот народ одговарал со своето срце на она што Месија ќе го направи за нив. Обрасците и нацртите не се единствените работи што ни помагаат да го видиме Исуса. Исто така, можеме да „копаме“ и по личните искуства на оние кои разбрале што нè учи Бог преку светилиштето и да извлечеме поуки за себе и за нашите сопствени искуства со Бога.

**Прочитајте го текстот на Псалм 122. Иако не можеме буквално да одиме во овоземниот „дом Господов“ (затоа што тој веќе не е тука, па дури и да бил изграден друг на истото место, тоа не би значело ништо), кои елементи ги наоѓаме во тој Псалм, кои можат да нè охрабрат во врска со она што Христос го направил за нас? Забележете ја темата за мир, сигурност, славење и суд.**

## НА ГОРАТА СИОН

Во Откровение 14 глава го наоѓаме Божјиот народ како стои на гората Сион. Првобитната гора Сион се наоѓала западно од денешниот стар град Ерусалим и се сметала за место на Божјиот престол, односно Неговото присуство меѓу Неговиот народ. Со текот на времето, храмската гора, или гората Morија, исто така почнала да се поистоветува со гората Сион.

Со други зборови, тој важен приказ на Божјиот остаток на последното време е изнесен со јазикот на светилиштето, како што е случај со повеќето клучни сцени во книгата Откровение. Благодарение на Јагнето, Божјиот народ стои на Неговата света гора!

**Прочитајте ги 15. и 24. Псалм, каде што Давид го поставува пресудното важно прашање: „Кој може да се всели на Твојата света гора?“ Споредете го неговиот одговор во овие Псалми со описот на народот што стои на Сион во текстот Откровение 14,1-5. Кои паралели ги наоѓате? Како да се придружите на оваа група? Какво е значењето на фактот што името на Отецот е напишано на нивните чела? (Откровение 14,1).**

---

---

Описот на оние на кои им е дозволено да стапат во Божјото присуство во Давидовиот псалм е прилично недостижен за обичните грешници. Кој од нас би можел искрено да каже дека секогаш „оди непорочно“? Или дека секогаш „во срцето свое говори вистина“ (Псалм 15,2)? Никој од нас не може да каже за себе дека „нема никогаш да се поколеба“ (Псалм 15,5). Ако тврдиме дека никогаш не сме згрешиле, Библијата вели дека нема вистина во нас (1. Јованово 1,8).

Според тоа, не можеме да дојдеме до друг заклучок освен дека Јагнето е тоа што нѐ оспособува да стоиме на Сион. Јагнето не се спомнува во Давидовиот псалм, но одеднаш се појавува во описот што го наоѓаме во Откровение 14 глава. Речиси како Откровението 14 да одговара на прашањето на Давид. Сега, кога Божјото Јагне го зазело Неговото место на гората Сион, во светилиштето, и ние можеме да бидеме присутни тука, бидејќи Неговата совршена праведност ни се припишува врз основа на верата. Можеме да „имаме слобода да влегуваме во светилиштето преку крвта на Исус Христос по нов и жив пат, што Тој ни го отвори низ завесата, односно преку Своето тело“ (Евреите 10,19.20). Без Неговата крв, каква надеж воопшто би имале? Всушност, никаква.

**Помислете за сите библиски ветувања за победата над гревот. Зошто, дури и покрај тие ветувања, ние сѐ уште не сме во состојба да го достигнеме тој совршен пример што го поставил Исус пред нас, и зошто ни е потребен Неговиот совршен живот како наша замена?**

## ЗАКОНОТ ВО НАШИТЕ СРЦА

Остатокот собран во Сион има врежано име на своето чело – името на Отецот и на Јагнето. (Не е сигурно дали станува збор за две различни имиња, бидејќи Исус е образ и подобие на Отецот!) А „името“ во Светото писмо означува нешто повеќе од зборови со кои луѓето си се обраќаат – тоа означува *карактер*. До денешен ден, во многу култури се вели дека некој има „добро име“ ако луѓето високо го ценат неговиот карактер.

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Мојсеева 33,18-23; 2. Мојсеева 34,1-7 и Псалм 119,55. Што ветил Бог дека ќе му покаже кога Мојсеј побарал да ја види Божјата слава? А тогаш, кога Бог му го објавил своето име на Мојсеј (2. Мојсеева 34,5), што следело?**

---

---

Некои ја замислуваат Божјата слава како блескава светлина до која не може да се пристапи, што секако е соодветен опис. Но Божјата слава е повеќе отколку само визуелна појава – Неговата слава е Неговиот карактер. Истото важи и за Божјето име.

Кога Библијата го опишува остатокот со Божјето име испишано на нивните чела, тука не станува збор за некои втиснати буквални симболи. Се работи за тоа да го имате Божјиот карактер втиснат во вашиот ум, во вашето срце, за да ја одразувате Божјата љубов и Неговиот карактер во вашиот живот. Вие сте привлечени кон Бога и го сакате поради она што Тој е и она што го направил за вас.

Исто така, интересно е тоа што, кога Бог се опишува себеси пред Мојсеј, Тој тоа го прави во истата пригода кога му ги дава вторите плочи со Десетте заповеди, кои исто така се препис на Неговиот карактер. Освен тоа, луѓето кои го имаат Божјото „име“ во Откровение 14 се опишани како оние што „ги пазат Божјите заповеди“. Забележете ги, потоа, зборовите што ги наоѓаме во Посланието до Евреите: „Ова е заветот што ќе им го дадам по оние дни, вели Господ: ќе ги вградам законите Свои во срцата нивни, и во мислите нивни ќе ги напишам. Тој додава: ‘И за гревовите и беззаконијата нивни нема веќе да си спомнувам’“ (Евреите 10,16.17). Каков ли само евангелски исказ! Иако Божјиот закон се огледува во нашиот живот, сепак ни е потребно нашите гревови повеќе да не се спомнуваат!

Божјето име е Неговиот карактер. Неговиот морален закон е препис на Неговиот карактер. А оние што се собрани на Божјата света гора во последните денови, се исполнети со љубов кон Бога, љубов која се пројавува преку послушноста на Неговиот закон.

**Ако ние се спасуваме со вера а не со држење на законот, тогаш какво е значењето на Божјиот закон? (видете: 1. Јованово 5,3)**

## ПСАЛМ 5

**Прочитајте го Псалм 5. Во него Давид истакнува остра спротивност меѓу оние што се изгубени и оние што се откупени. Споредете го тој Псалм со изразите употребени во Откровение 14,1-12. Кои сличности ги наоѓате и како тоа влијае на вашето сфаќање за тоа што значи да се биде дел од Божјото движење на остатокот на последното време?**

---

---

Поучно е да се забележи како Давид инсистира на тоа дека „нема место“ за злото во Божјото присуство (Псалм 5,4). Суштината на светилиштето била таа дека Бог може да престојува меѓу својот народ, а истото ќе важи и во Христовото царство (видете Откровение 21,3). Оние кои сакаат да му пристапат на Божјиот престол, мора да бидат *откупени*.

Исто така, важно е да се забележи дека Давид во Псалм 5,7 го опишува чинот на богослужение, а тоа е клучно спорно прашање во големата борба. Откровение 13 глава го спомнува богослужението („поклонување“) шест пати, а трите ангелски пораки го повикуваат светот да му се поклони на Оној кој создал сè. Давид ни кажува дека тој „се бои“ од Бога, а пораката на остатокот го повикува светот: „Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд“ (Откровение 14,7).

Освен тоа, забележете како за откупените во Откровение 14 се вели дека во „устата нивна измама не се најде“ (Откровение 14,5). Тие ја зборуваат вистината, а нивните зборови и дела го одразуваат Божјиот праведен карактер. Што се однесува до злите, Давид вели: „Во устата нивна нема вистина“ (Псалм 5,9).

Восхитува сцената што ја прикажува Јован во тој клучен дел од Откровението – обичните грешници се истргнати од смртта и уживаат во предноста да стојат во Божјото присуство. Тие не го заслужиле тоа право. Тоа им е доделено врз основа на фактот дека Божјото Јагне – праведниот Син Човечки – стои тука со нив. Ним им е простено и тие се откупени. Тие веќе не треба да ја носат сопствената вина (споредете со: Псалм 5,10), бидејќи Божјото Јагне ја понело наместо нив (споредете со Исаија 53,12 и 2. Коринќаните 5,21).

А кога Божјото име е запишано во вашето срце, тешко е да се молчи. Божјиот народ ја изнесува последната понуда на милост „со силен глас“ (Откровение 14,7). „Па нека се зарадуваат сите, кои прибегнуваат кај Тебе: вечно нека се радуваат. Закрили ги, нека се радуваат во Тебе оние, што го сакаат името Твое“ (Псалм 5,11).

**Замислете дека стоите пред светиот и совршен Бог на судот, и сè што некогаш сте направиле сега е разоткриено пред Него. Што ви кажува таквата можност за вашата потреба од Христовата праведност?**

## „ЌЕ ГИ НАУЧАМ БЕЗЗАКОНИЦИТЕ НА ТВОИТЕ ПАТИШТА“

Откако Господ се појавил пред него во сцената со престолната сала во текстот Исаија 6,1-8, и откако му било кажано дека неговото „беззаконие се оттргна“ од него и неговиот „грев... се очисти“, Исаија одговорил велејќи: „Еве ме мене, испрати ме мене!“ (Исаија 6,8) Односно, кога дознал дека е исправен пред Бога, и покрај тоа што бил свесен за своите мани, бил подготвен да работи за Господа.

Зар не е исто и со нас? Како можеме да им го објавуваме спасението на другите ако самите го немаме? А можеме да го имаме со вера во Исуса и во она што Тој го направи за нас.

**Прочитајте го текстот Псалм 51,7-15. Што ветил Давид дека ќе направи откако му било простено и откако бил очистен од својот грев?**

---

Да се биде повикан *во* Божјото присуство значи, во крајна линија, да се биде испратен назад во светот. Бог, во Неговата мудрост, ги задолжил откупените да служат како Негов доминантен глас во паднатиот свет. Во одреден момент, влијанието на Неговиот народ на земјата ќе се почувствува на моќен начин. Стихот Откровение 18,1 ни кажува дека Неговиот последен повик до паднатата планета ќе го осветли целиот свет.

„Штом некој ќе дојде кај Христа, во неговото срце се раѓа желба да им објави на другите каков драгоцен пријател стекнал во Исуса; спасоносната и посветувачка вистина не може да остане затворена во неговото срце. Ако сме облечени во Христовата праведност, ако сме исполнети со радоста на неговиот Дух кој живее во нас, не ќе можеме да останеме мирни. Ако сме вкусиле и сме виделе дека е добар Господ, ќе имаме за што да зборуваме. Како и Филип, кога го нашол Спасителот, ќе ги повикаме и другите кај него“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 78 оригинал).

Во Откровение 14, пораките на тројцата ангели се засноваат на „вечното евангелие“ (Откровение 14,6). Односно, уште пред да излезе објавата дека треба да се обожава Оној „Кој ги создал небото и земјата, морето и водните извори“ (Откровение 14,7), или за падот на Вавилон (Откровение 14,8) или за поклонување на „Ѕверот, и на неговиот лик“ (Откровение 14,9) – било објавено на што се темели таа објава, а тоа е Евангелието, спасението во Исуса. А причината за ова е што опомените и пораките на тројцата ангели не би значеле ништо да не се надежта и ветувањето што, оние кои ги објавуваат тие пораки, ги имаат во Исуса и во она што Тој го направил за нив. Да не е „вечното евангелие“, навистина не би имале ништо вредно да му кажеме на светот.

**Задржете се повеќе на фактот дека ние сме упатени кон „вечното евангелие“ уште пред да почне објавувањето на пораките на тројцата ангели. Што ни кажува тоа за темелната важност што ја има таа вистина за сето она во што веруваме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Во Давидовите псалми се наоѓа цела низа искуства: од најдлабока свест за сопствената кривица и осуда на самиот себеси, до највозвишена вера во Бога и најзаносна заедница со него. Записот за неговиот живот сведочи дека гревот може да донесе само срам и болка, но дека љубовта и Божјето милосрдие навлегуваат во најголемите длабини, дека верата ја издигнува душата која се кае за да може да биде примена меѓу Божјите синови. Од сите свечено дадени уверувања што ги наоѓаме во Светото писмо, историјата на Давидовиот живот дава најсилно сведоштво за Божјата верност, праведност и за Неговата заветна милост.

‘Му се заколнав на својот слуга Давид... со свето миро го помазав за цар. Мојата рака ќе го поддржува, мојата мишка ќе го поткрепува... Мојата верна љубов над него ќе бдее, преку моето име моќта ќе му јакне. Со моја помош ќе завладее со морето, неговата десница ќе ги освои реките. Тој ќе ме нарекува: Татко мој, Боже мој и Спасителе мој, а јас ќе го назначам за првенец - највозвишен меѓу земните цареви! Мојата љубов ќе биде со него довека, мојот завет со него нема да престане’ (Псалм 89,3-28)“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци*, стр. 754, 755 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Човечкиот род се покажал крајно неуспешен во тоа да ја одржи својата страна на заветот што Бог го воспоставил со нас. Давид, „човек по Божјото срце“, и покрај крупни и големи грешки, Бог го употребил за моќно да ни ги соопшти условите на нашето спасение. Во која смисла Давид го навестува Исуса, кој совршено го одржал Божјиот завет во наша полза? И зошто она што Исус го направил во наша полза, претставува нашата единствена надеж?**

2. **Кои делови од Псалмите сметате дека се посебно корисни и значајни, бидејќи тие го одразуваат видот на искуства низ кои и самите сте поминале?**

3. **Зошто храмот толку често се споменува во Псалмите? Што можеме да научиме од Давидовата љубов кон светилиштето? Како може тоа да ни помогне да го цениме она што го имаме во Исуса, нашиот небесен Првосвештеник „Кој е од десната страна на Бога и Кој се застапува за нас“ (Римјаните 8,34)? Зошто нам, дури и како откупен народ, ни треба Христос да посредува за нас на небото?**

4. **Во врска со наведениот цитат од книгата на Елена Г. Вајт, какво е вашето лично искуство за тоа – како Бог ја издигнал вашата „душа која се кае“ и направил „да биде примена меѓу Божјите синови“, по гревот што ви донел само „срам и болка“?**

**Лекција 9**
**Од 24 до 30 мај**

# ВО ПСАЛМИТЕ – ВТОР ДЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 46; Еремија 4,23-26; Псалм 47,1-4; 1. Солуњаните 4,13-17; Псалм 75; Откровение 14,6-12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Да Те прославуваат народите, Боже, сите народи да Те прославуваат. Племињата нека се развеселат и нека се радуваат, зашто праведно им судиш на народите, и ги водиш народите на Земјата“ (Псалм 67,3.4).**

Кога размислуваме за завршните настани, склони сме да се сосредоточиме на ѕверовите и силите од Откровението. Се разбира, тие имаат голема и значајна улога. Во спротивно, Бог не би морал да ги вклучи во библискиот наратив за ние да ги разбереме (видете Откровение 1,3).

Меѓутоа, пророштвото се занимава и со клучните прашања поврзани со гревот и страдањето, судот, битката меѓу доброто и злото, природата на правдата и неправдата, прогонството, и пошироко.

Псалмте исто така се занимаваат со овие прашања, навлегувајќи длабоко и истражувајќи ги речиси сите можни човечки емоции – од мрачна потиштеност до нескротлива радост. Го гледаме Израел како се подготвува за битка против силите на темнината. Читаме за поединци кои се борат со прашањето зошто Бог не се справи со злото веднаш и побрзо – прашање што несомнено сите сме го поставиле во определен момент. Упатени сме одговорите да ги побараме во светилиштето, а тука е и повтореното повикување на Божјиот статус како Творец. Зарем тоа не се истите дилеми и прашања со кои се бориме и ние во денешните околности?

А тоа, се разбира, е причината поради која ќе продолжиме да ги образложуваме Псалмите, за да дознаеме повеќе за тие клучни вистини.

## ПОМОШНИК КОЈ БРЗО СЕ НАОЃА ВО НЕВОЛЈА

**Прочитајте го Псалм 46. Каква порака на надеж можеме да црпиме од тие зборови среде метежот на сегашниот живот, и она што знаеме дека ќе дојде на земјата во последните денови, како што понатаму ќе се одвива големата борба?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Се чини дека Псалм 46 допира теми што ги наоѓаме во Посланието до Евреите – *теми за нешто подобро.* Исус е подобар од овоземниот Првосвештеник, Неговата жртва е подобра од сите животински жртви и небесното светилиште е подобро од неговите претслики што постоеле на земјата.

Меѓутоа, овој псалм има поинаков пристап. Авторот не тргнува од добри работи и не ги споредува со нешто уште подобро. Тој го споредува светот на бунтот – и страшните последици што тој ги носи – со ветувањето за нешто подобро што Бог го планира за нас.

Навистина, овој псалм е полн со надеж и ветување дека, дури и среде пустошот, искушенијата, страдањата и војните со кои се соочуваме, на крајот ќе „молкнеме“ и ќе познаеме дека Тој е Бог (Псалм 46,10), и ќе најдеме одмор во верата дека еден ден на сето тоа ќе му дојде крајот и дека Бог ќе биде „возвишен над земјата“ (Псалм 46,10).

Забележете ги и следните зборови: „Затоа нема да се уплашиме, па макар и земјата да се разниша, и горите да се срушат во срцето морско“ (Псалм 46,2).

Овде не можеме а да не се потсетиме на сцените што ќе се одиграат за време на Второто доаѓање: „И небото исчезна како свиткана хартија, и секоја гора и секој остров се поместија од местата свои“ (Откровение 6,14). И ова: „Додека го очекувате и посакувате скорото доаѓање на Божјиот ден, во кој небесата ќе се разрушат и основите во оган ќе се стопат“ (2. Петрово 3,12). Нашиот сегашен свет, со сето зло што го придружува, нема да трае засекогаш, а за она што доаѓа, нам ни е ветено нешто што нашиот ум сега тешко може да го разбере. Сепак, за сега треба само да истраеме, да ја сочуваме верата и да се држиме цврсто за Божјите откровенија што ги имаме, особено во Исуса на крстот.

**Колку и да е состојбата во светот лоша (а знаеме дека ќе биде уште полошо), која надеж треба да ја црпиме од сознанието за Божјиот карактер, за Неговата добрина и сила (сетете се на крстот)?**

# НАДЕЖ СРЕДЕ ПРЕВИРАЊАТА

Јазикот на книгата Псалми во голем дел е симболичен, но кога станува збор за изрази кои се однесуваат на конечното „ресетирање" на нашата планета, немаме многу причини да веруваме дека тоа е *исклучиво* симболично. Псалм 46 нѐ потсетува дека земјата, во физичка смисла, ќе биде длабоко протресена од Христовото враќање. Но тогаш нема да бидат погодени само карпите и морињата. Конечната кулминација на историјата на Земјата ќе значи и слом на светските царства – несреќните системи на човечко владеење кои предизвикале толку многу страдања во текот на повеќе милениуми.

На крајот, сите тие сили, заедно со сето зло и страдања што му ги нанеле на човештвото, целосно ќе исчезнат.

**Прочитајте го текстот Еремија 4,23-26. Што ни кажува тоа за судбината на овој свет, барем додека не го здогледаме она „ново небо и нова земја" (Откровение 21,1)?**

---

Библиското пророштво ни покажува што ќе се случи со овој свет. Визијата од 7. глава од Книгата на пророкот Даниел, на пример, ни прикажува бурно море од кое излегуваат народите на светот. Ветровите на судири и војни дуваат над незнабожечкото море (планетата земја), произведувајќи едно земно царство по друго, од кои ниту едно не може да ги реши бројните реални проблеми што го зафаќаат човечкиот род. Светските водачи на кои се осмелуваме да им веруваме, речиси секогаш се покажуваат исто толку грешни и себични како што сме и ние останатите.

Ниту едно од царствата што му биле прикажани на Даниел не се покажало како безбеден дом за Божјиот народ (иако некои биле подобри од другите). Но ние знаеме дека имаме право на граѓанство во Божјето царство (Филипјаните 3,20) и дека високо над хаосот на оваа планета се наоѓа престол што не може да се помести (видете Езекиел 1,26). Исус поучувал дека светот ќе запаѓа во сѐ подлабок метеж, како што ќе се приближуваме до моментот на Неговото враќање (Матеј 24), но ние можеме да опстанеме во верата, без оглед на состојбата на нашата планета, бидејќи со сигурност знаеме дека Бог не ја изгубил контролата, и дека Тој ќе ги исполни Своите ветувања: „Се збунија народите; се потресоа царствата; Севишниот го пушти Својот глас, и Земјата се топи. Господ Саваот е со нас, Јакововиот Бог е наше прибежиште" (Псалм 46,6.7). Краткорочно гледано, работите не одат баш најдобро, ниту ќе одат. А долгорочно гледано? Е, тоа е веќе – благодарение на Исуса – сосема друга работа.

**Несомнено, нашиот свет изгледа хаотично и како да е надвор од контрола. Како, на пример, пророштвото од текстот Даниел 7 глава треба да ни помогне да се увериме дека на крајот сѐ ќе излезе на добро за нас, само ако останеме верни?**

## ПОД НЕГОВИТЕ НОЗЕ

**Прочитајте го текстот Псалм 47,1-4. Што ни кажува тој за местото што конечно ќе го имаме во Христовото царство?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Долгорочно гледано, иднината е светла. До тогаш човештвото му го препуштило владеењето на оваа планета на Луцифер. И во моментот кога сатаната, во Книгата за Јов, се појавил на небесното собрание, тој се пофалил дека земјата му припаѓа. „Од каде дојде?“ – го прашал Бог. „Одев по земјата и ја обиколив“ – одговорил тој (За Јов 1,7).

Со тоа, сатаната всушност ја прогласил својата *сопственост,* бидејќи стапалото (односно стапнувањето со нога на земја) претставувало сопственост во античкиот свет. „Стани и изоди ја оваа земја во должина и во широчина“, му рекол Бог на Аврам, „зашто ќе ти ја дадам тебе“ (1. Мојсеева 13,17).

**Споредете го текстот 1. Солуњаните 4,13-17 со стихот Захарија 14,4 и обрнете внимание на Христовите стапала. Каква разлика наоѓате меѓу овие пасуси, и што нѐ учат за тие два различни, но сепак поврзани, аспекти на Христовиот конечен суверенитет над овој свет?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Зборувајќи за тоа што ќе направи Христос на крајот на милениумот, Елена Г. Вајт пишува: „Исус слегува на Маслинската гора од каде што по своето воскресение се вознел на небото и каде што ангелите го повториле ветувањето за неговото враќање. Пророкот кажува: ‘Тогаш ќе дојде мојот Господ Бог, и сите свети со него.’ ‘Во тој ден нозете ќе му застанат на Маслинската гора која е спроти Ерусалим, на исток. И Маслинската гора ќе се расцепи на средината... во голема долина.’ ‘И Господ ќе биде цар над сета земја” (Захарија 14,5.4.9). Кога новиот Ерусалим во својот блескотен сјај ќе се спушти од небото, ќе се постави на очистено и за тоа приготвено место, а Христос со својот народ и со ангелите ќе влезат во светиот град“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба, с*тр. 662, 663 оригинал).

**Погледнете каква надеж ни е дадена во Исуса. Размислете колку би бил тежок животот кога сѐ би завршило со смрт, и тоа засекогаш. Сето тоа би било напразно, зар не?**

## ВИНОТО И КРВТА

**Прочитајте го текстот Псалм 75. Прочитајте исто така: Матеј 26,26-29 и Откровение 14,9-12. Што ни открива тој псалм за некои важни прашања на судот, и како другите два текста ни помагаат да ги разбереме овие прашања?**

Постои мислење дека овој псалм бил испеан по чудесното уништување на војската на Сенахирим (2. Летописи 32; 2. Царевите 19) – настан кој најверојатно се однесува на конечното уништување на злите, опишано во текстот Откровение 20 глава. Божјиот народ се наоѓа внатре во Светиот Град со својот праведен цар, кога војските на злото доаѓаат и ги опкружуваат, а потоа тие се уништени од Бога лично.

Една од работите што Бог ги исправа на судот е злоупотребата на моќта до која дошло на нашиот паднат свет. Паднатите луѓе веќе не живеат за другите, ниту за Божја слава, туку за себе. Ние денес, на многу начини, живееме со последиците од изборот да веруваме дека во вселената не постои смисла ниту објективен морален стандард. Ако треба да постои некаква смисла, инсистирал филозофот Фридрих Ниче, мора сами да ја измислиме и да се преправаме дека вселената постои за наше добро. Секој поединец, всушност, се однесува како да е бог.

(Би можеле оправдано да се прашаме: *Колку добра се покажала таа филозофија за самиот Ниче?* Всушност, не многу. Тој полудел, паднал на улица во Италија откако се обидел да спречи некој човек да го тепа својот коњ. Потоа следните 11 години тој ги поминал во полукататонична состојба, пред неговата смрт во 1900. година.)

Колку и да се тешки проблемите, ние како верници се потсетуваме да живееме со надеж, а не да судиме за иднината врз основа на тековните настани. Лесно е да паднеме во очај кога гледаме дека столбовите на цивилизацијата постојано се поткопуваат под влијание на срцата и умовите на безбожните, или на оние чиешто гледиште за Бога не се заснова на Библијата. Во моментов живееме во период кога моралните вредности, дури и нешто толку основно како што е човечкиот пол, машки и женски, се на удар, барем во некои делови од светот. Одредени видови неморал, работи за кои многумина би се срамеле да зборуваат дури и приватно, сега јавно се пофалуваат и одобруваат. Ете колку лоши стануваат работите.

**Иако ние мора да го извршуваме нашиот дел, во обидот уште сега да го направиме животот подобар за другите, зошто е важно секогаш да имаме на ум дека ќе биде неопходно овој сегашен свет да биде целосно уништен и повторно да биде создаден на натприроден начин, пред конечно сите работи да се доведат во ред?**

## ЗА ДА СЕ ЗНАЕ ЗА ТВОЕТО СПАСЕНИЕ

**Прочитајте Псалм 67. Како оваа химна на пофалба придонесува да ја разберете улогата на Божјиот народ во текстот Откровение 14,6-12?**

---

Инженери од еден технолошки институт (МИТ - Технолошки институт во Масачусетс) создадоа нов црн премаз, што ги прави предметите покриени со него речиси невидливи. Направен од наноцевки, тој е многу пати потемен од кој било материјал што постоел претходно. Тој нов материјал може да апсорбира 99,995 проценти од целокупната видлива светлина. Дури и најсилната светлина не ги прави видливи предметите покриени со овој премаз.

Псалм 67 започнува со повик упатен до Бога: „Осветли нѐ со лицето Свое, за да се спознае на Земјата патот Твој, и меѓу сите народи спасението од Тебе" (Псалм 67,1.2). Како дел од планот на спасение, Бог обезбедил начин грешниците повторно да бидат примени во Неговото непосредно, славно присуство без да бидат уништени од Неговата слава. Дури и сега, во овој живот, Христовиот крст овозможува Божјото лице да нѐ осветли.

Но, има и нешто друго: Божјата намера е ние да ја пренесуваме Неговата светлина на останатиот свет. Оваа задача му била доверена на Израел – храмот требал да биде дом на молитва на сите народи: „Нив ќе ги доведам на Мојата Света Гора и ќе ги развеселам во Мојот Молитвен Дом. Нивните паленици и жртви ќе бидат угодни на Мојот жртвеник, зашто Мојот Дом ќе се нарече Дом на Молитва на сите народи" (Исаија 56,7).

Во овој Псалм, Давид нѐ потсетува дека Бог сака Неговиот пат „да го запознае целата земја", и „сите народи" Неговото спасение (Псалм 67,2). За жал, Божјиот народ честопати не успевал да ја исполни оваа задача. Извештаите за Израел во Стариот завет содржат некои мрачни поглавја, како и извештаите за христијанската црква во текот на последните два милениуми.Тоа е како да сме ги обоиле нашите срца со некоја ултра-темна супстанција и задоволни сме со тоа што само ја впиваме Божјата светлина, без да ја шириме понатаму.

Понекогаш кон Божјото движење на последното време се однесуваме како кон некоја „чекалница за заминување" со посебни удобности за редовните духовни патници и како воопшто да не ни пречи што остатокот од светот мора да седи во бучен, неудобен ходник, неподготвени за патувањето што претстои. Меѓутоа, за припадниците на црквата на остатокот од Откровение 14 не е доволно само да стојат на Сион со Христа, уживајќи во Неговото присуство. Наместо тоа, тие летаат по целата планета, убедувајќи го светот да им се придружи на Божјата света гора.

**Какво чувство на обврска треба да имаме ние, како црква и како поединци, кога станува збор за тоа дека треба да ги поучуваме другите за вистините што толку многу ги сакаме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните текстови: Псалм 133; Дела 1,4-9 и Откровение 5,4-7.

„Во времето на патријарсите дејствувањето на Светиот Дух често се манифестирало на видлив начин, но никогаш во сета своја полнота. А сега учениците, слушајќи ги зборовите на Спасителот, упатувале молитви за тој дар, додека Христос на небото посредувал за нив. Тој го барал дарот – Духот – за да може да го излее врз своите избраници“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 37 оригинал*)*.

На учениците им било наложено да сведочат за Христа „сè до крајот на земјата“ (Дела 1,8), а со тоа требало да се објави Христовото враќање (Матеј 24,14). Ние треба да го продолжиме она што тие го започнале.

Кога Христос ни рекол да му го однесеме евангелието на целиот свет, Тој не нè оставил сами да смислуваме како да го оствариме тоа. Со тоа дело се управува од небесното светилиште. Нашето дело е тесно поврзано со Христа – Тој нè води и нè зајакнува. Тоа е Негово дело, а не наше – од нас се бара само да го следиме Неговото водство. Ќе забележите како се одвивале работите во случајот со Израел – Бог ги повикувал да ги следат Неговите упатства, а потоа Тој правел да се случи невозможното. Духот веќе дејствува во срцата на нашите ближни, а од нас се бара да бидеме тука кога ќе настапи моментот на одлука, за да може да ги повикаме да му се придружат на Божјиот народ додека стојат со Јагнето на Сион. Не треба да смислуваме нови средства и методи, бидејќи таа работа никогаш не била наша одговорност.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Има многу недосегнати луѓе, иако пораките на тројцата ангели се објавуваат по целиот свет. Разговарајте во класата како можеме ние како црква подобро да ја исполниме задачата за која Христос сака да нè употреби. Како да научиме да не очајуваме, иако е вистина дека многу луѓе сè уште не ги слушнале тие вистини за последното време?**
2. **Во текстот Откровение 5, Јован присуствува на предавањето на запечатениот свиток на Јагнето затоа што е достојно. Кога печатите на свитокот ќе се скршат, во текстот Откровение 6 ја гледаме историјата на новозаветната црква, која е толку јасно проречена сè до крајот на времето. Врз основа на тој опис, што можеме да дознаеме за начинот на кој Бог има намера да го доврши делото?**
3. **Кои сегашни настани ги гледаме во светот, а кои лесно би можеле да доведат до она што знаеме дека доаѓа врз основа на Откровение 13 и 14 глава? Кои пречки преостануваат?**

**Лекција 10**
**Од 31 мај до 6 јуни 2025**

# ДО КОИ СТИГНА КРАЈОТ НА ВЕКОВИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 6,12-17; Матеј 24,36-44; 1. Мојсеева 6,1-8; 2 Петар 2,4-11; 1. Мојсеева 18,17-32; Даниел 7,9.10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Сето тоа ним им се случуваше да служат како пример, а беше запишано нам за опомена, до кои стигна крајот на вековите. Затоа, кој мисли дека стои, нека гледа да не падне“ (1. Коринќаните 10,11-12).**

Библијата е полна со извештаи за Божјиот народ кои упатуваат на идни настани и содржат клучеви кои ни помагаат да ја разбереме „сегашната вистина“. Всушност, некои од овие извештаи ги најавуваат настаните на последните денови со изненадувачка точност, давајќи ни поширока основа за јасно разбирање на пророштвата од Книгата на пророк Даниел и Откровението.

Без да ја наруши слободата на совеста на поединецот, Бог управува со настаните на начин кој совршено се поклопува со она што пророците предвидувале дека ќе се случува во последните денови. Некои од овие важни извештаи се очигледни, бидејќи Новиот завет се повикува на нив особено кога ги опишува настаните на последните денови: за Содом и Гомора, за потопот итн. Други бараат внимателно размислување и истражување за да се „ископаат“ од нив вистините што ни се дадени во Божјата реч.

Во текот на следните неколку седмици ќе проучуваме одреден број клучни извештаи за да видиме што би можеле тие да ни кажат за настаните како што се Второто доаѓање, Истражниот суд, последната криза и многу повеќе. И во сето тоа, ние го наоѓаме Христа како средиште, бидејќи Тој мора да биде темелот, а исто така и крајната цел на сите наши пророчки потфати.

## ГНЕВОТ НА ЈАГНЕТО

**Прочитајте Откровение 6,12-17. Размислете за деталите од реакцијата на тие луѓе кога ќе видат како ненадејно се одигруваат настаните во последните денови. Што забележувате во врска со нивната реакција?**

---

---

Интересно е да се забележи дека изгубените не викаат: „Што е ова“ или „Кој стои зад ова?“ Тие изгледа знаат што се случува. За Исуса зборуваат како за „Јагнето“, што бара одредено познавање на наративот за Него. Очигледно, тие се исто така свесни дека „дојде големиот ден на Неговиот гнев“ и дека се нашле во безнадежна положба: „Кој може да опстане?“

Пред да дојде крајот, евангелието ќе се проповеда на секој народ на земјата (Матеј 24,14), а пораките на тројцата ангели ќе бидат објавувани по целата планета. И покрај тоа, ќе има такви кои ќе бидат фатени неподготвени – не поради недостаток на информации, туку поради нивното одбивање да поверуваат и да послушаат. Ова ќе биде причината поради која таквите луѓе ќе бидат изгубени во последните денови.

**Прочитајте го текстот Матеј 24,36-44. Кои поуки, според Исусовите зборови, треба да ги извлечеме од расказот за Ное?**

---

---

Исус укажува на извештајот за Потопот за да нè предупреди дека Неговото второ доаѓање ќе биде изненадување за мнозина. Како и Второто доаѓање, Потопот не го изненадил светот поради недостаток на информации. Ное 120 години му проповедал на светот кој одбивал да поверува. Им било кажано што ќе се случи. Но, тие едноставно не верувале.

Во исто време, многумина се убедуваат себеси дека поминувањето на долги временски периоди откако се дадени пророштвата, значи дека тие се лажни. Користејќи го Потопот како контекст, Петар пишува „дека во последните дни ќе се јават подигрувачи, кои ќе се подбиваат и ќе живеат според своите похоти. Ќе велат: ‘Каде е ветувањето на Неговото доаѓање? Зашто, откако татковците наши изумреа, сè си стои така како од создавањето на светот’“ (2. Петрово 3,3.4). И со секоја изминатa година, тоа чувство само расте.

**Во искуството на секоја личност, второто Исусово доаѓање (или, во некои случаи, Неговото трето доаѓање) не е оддалечено повеќе од еден миг по нејзината смрт, а сите знаеме колку брзо минува животот. Како таа перспектива може да ни помогне да се справиме со „колебањето и одложувањето“?**

# НОЕВИОТ ЕВАНГЕЛИЗАМ

Петар нѐ потсетува дека многумина нема да бидат подготвени за Христовото враќање затоа што „тие намерно заборавaат“ (2. Петрово 3,5) што се случило за време на потопот. Денес, иако светот има колективно сеќавање за големиот Потоп (зачудувачки број светски култури имаат приказна за разорниот потоп, од старите Грци до Маите), приказната за Ное е веројатно една од најисмеваните библиски извештаи. Како што е и проречено, светот намерно го отпишува тој извештај како мит, без оглед што потопот е јасно и изречно опишан во Стариот завет и што многупати се повикува на него во Новиот завет.

**Во текстот Матеј 24,37-39, Исус рекол дека ситуацијата во светот ќе потсетува на она „што беше во деновите на Ное“. Споредете го тој исечок со текстот 1. Мојсеева 6,1-8. Која морална состојба довела до Потопот? Какви паралели постојат меѓу тие два момента во времето?**

____________________________________________________________________

____________________________________________________________________

Постои уште една важна поука за Божјиот народ на остатокот на последното време што произлегува од внимателното проучување. Стихот Евреите 11,7 ни кажува дека Ное „го направи ковчегот за да го спаси својот дом. Со тоа тој го осуди светот и стана наследник на праведноста по вера“.

Замислете да проповедате повеќе од еден век и да немате со што да се пофалите освен со сопственото семејство во бродот. Кога Ное би бил некој модерен евангелист, ќе паднеме во искушение да го обвиниме за неуспех – децении проповедање без навидум *никакви резултати.*

За среќа, во овој момент, многу делови од светот реагираат мошне позитивно на пораките на тројцата ангели. Евангелското дејствување – проповедање на нашата единствена порака за остатокот – се покажало неверојатно успешно на многу места, и многумина го запознаваат Господа. Сѐ уште не сме стигнале до точка да нема баш никаков резултат, иако ни е кажано дека ќе дојде момент кога „ќе биде завршено истражното дело и вратата на милоста ќе се затвори. Така оваа кратка реченица: ‘И подготвените влегоа со него на свадбата и вратата се затвори’, нѐ води преку последната служба на Спасителот до времето кога ќе биде довршено големото дело на спасението на човештвото“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба*, стр. 428 ориг.).

Дотогаш имаме работа што треба да ја извршуваме како црква.

**Како можеме да научиме да не се обесхрабруваме ако се чини дека нашите лични евангелски напори не даваат многу плод во моментов? И покрај тоа, зошто мора да продолжиме со нашите напори? (Видете Јован 4,37.)**

# ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОДОМ И ГОМОРА

Постои уште една клучна старозаветна сторија на која Петар директно се повикува кога ги опишува настаните на последните денови – уништувањето на Содом и Гомора. Тие градови на рамнината станале легендарни по својата расипаност и биле првите примери на населени центри уништени со оган од небото.

**Прочитајте ги текстовите: 2. Петрово 2,4-11; Јуда 1,5-8; Езекиел 16,46-50 – и забележете ги сите детали. Какви биле моралните услови кои довеле до уништување на тие градови, и кои паралели постојат и денес?**

---

---

Предупредувањето упатено до луѓето на последното време преку извештајот за Содом и Гомора е многу едноставно: на крајот, злите исто така ќе бидат уништени со оган, како што е јасно опишано во текстот Откровение 20. Гревот е крајно измамлив, бидејќи нѐ заслепува за вистинската состојба на нашето срце прикривајќи ги нашите престапи под превезот на самоодобрување, додека злото што го прават другите е главно очигледно за нас. Во истата глава, во која зборува за тоа колку голема љубов излеал врз својот народ, Бог ги предупредува дека, иако не ги направиле истите гревови (Езекиел 16,47), тие всушност станале уште порасипани од Содом.

Израел се вклучил во „блудство“ (Езекиел 16,41), правејќи духовна прељуба. Замислете какво изненадување доживеале припадниците на Божјиот народ кога слушнале дека се *порасипани* од народот кој станал легендарен поради својата злоба.

Ова не е ништо ново, не само за древниот Израел, туку и за целото човештво. Во Римјаните 1,18-32, Павле изнесува долга листа на зла, која би можела да се состави врз основа на денешните наслови на весниците. Павловиот опис на гревовите на незнабошците немал за цел да создаде чувство на супериорност кај Евреите, туку да го натера Божјиот народ конечно да ја сфати сериозноста на сопствените гревови. Натан го направил истото кога разговарал со Давид – му ја изнел приказната за богаташот кој украл јагне од сиромав човек. Таа приказна го разлутила Давида (2. Самоилова 12,5), бидејќи неправдата била очигледна. Но, дури и тогаш било неопходно Натан да изјави: „Ти си тој!“ (2. Самоил 12,7) за Давид да се препознае себеси во таа приказна.

**Важно е да се запамети дека Библијата не му се обраќа првенствено на надворешниот свет, туку на самиот Божји народ. Кога ги гледаме грозоморните гревови на другите, опишани во текстови како што се Откровение 13 и 17 глава, тоа е всушност предупредување дека и ние можеме да паднеме во истата замка.**

## СУДИЈА НА ЦЕЛАТА ЗЕМЈА

Непосредно пред уништувањето на Содом, во рамнините на Мамре се одиграл интересен настан. Бог се појавил пред Аврам придружуван од двајца ангели. Веднаш штом ги видел, Аврам ги поканил небесните посетители на оброк и токму тоа бил моментот кога Бог им ветил на Аврам и Сара дека ќе добијат син, чиј родослов ќе води до Месија. Исус, навистина, потекнувал од Аврамовата лоза (споредете со стихот Галатјаните 3,16). Потоа, наративот нагло се свртува кон темата за злите градови во рамнината.

**Прочитајте го текстот 1. Мојсеева 18,17-32. Што дознаваме од тие стихови за Божјиот карактер и за начинот на кој Тој планира конечно да се пресмета со злото на нашата планета?**

---

---

Бог не ни должи никакво објаснување, но сепак решил да не ги крие своите мотиви и планови од човечкиот род. „Зашто Господ Бог не прави ништо додека не им ја открие тајната Своја на Своите слуги - пророците“ (Амос 3,7).

Пред да ги уништи Содом и Гомора, Бог изјавил дека е правилно да го извести Аврам за тоа што требало да се случи и што може да очекува наскоро да види.

Бог се задржува во разговорот со Аврам додека двата ангела одат во озлогласените градови, за да ги повикаат оние што се подготвени да го послушаат предупредувањето да излезат од нив. Во тој момент не можеме а да не се сетиме на пророчките гласници, кои ја извршуваат истата задача во последните денови, повикувајќи го Божјиот народ што живее во Вавилон да излезе од него (Откровение 14,6-12; Откровение 18,1-4). Додека се објавува последното предупредување, Бог разговара со Аврам за она што ќе се случи и доброволно се изложува на прашањата на патријархот.

„Не е можно така да постапиш Ти, да погубиш праведни со неправедни заедно, та исто да се случи со праведникот како и со неправедникот; не може да биде тоа од Тебе“„ вели Авраам, „зарем Судијата на целата земја нема да суди право?“ (1. Мојсеева 18,25). Аврам не се распрашува само за случајот со Содом, туку *го испитува и Божјиот карактер*. Исто така, на самиот крај, Бог ги отвора небесните книги (Откровение 20,4.11-15) и ни дозволува да ги истражиме доказите, пред конечно да спушти оган на земјата. Според тоа, ќе имаме илјада години да добиеме одговори на прашањата кои, за сега, остануваат неодговорени.

**Пред да ја изврши конечната пресуда над изгубените, Господ ни дава илјада години да разбереме што, кому и како ќе се случи. Што ни кажува ова за Неговиот карактер и за Неговата отвореност за критичко преиспитување од страна на создадените суштества – суштества кои целосно зависат од Него за својата егзистенција – и кои немаат никакво вродено право да го знаат сето тоа?**

## ПРЕДАДВЕНТНИОТ СУД

Описот на судот што го наоѓаме во Даниел 7 ни дава можност да ѕирнеме зад завесата – можност од која запира здивот – да гледаме како Бог го решава проблемот со гревот додека, истовремено, сè уште ги откупува оние што сакаат да живеат во заветен однос со Него.

**Прочитајте го описот на истражниот суд што ни го даваат стиховите Даниел 7,9.10.13.14.22.26.27. Кој е примарниот фокус на судот? Каква пресуда се донесува на крајот од тој процес? Што ни кажува ова за планот на спасението?**

---

---

---

Нема многу простор за сомневање дека Бог ќе му суди на човечкиот род. Стихот Проповедник 12,14 нè уверува дека „Бог ќе ја изведе на суд секоја работа“, а Павле нè потсетува дека не треба да се осудуваме еден со друг, „зашто сите ќе застанеме пред судот Христов“ (Римјаните 14,10). На Бога, се разбира, не му се потребни записи или извештаи за да знае кој е спасен а кој изгубен, но ангелите – кои постојано го следат планот на спасение (1. Петрово 1,12) – сигурно би имале некои прашања. Тие биле сведоци на бунтот на сатаната и гледале како третина од небесните ангели биле исфрлени од небото (Откровение 12,4) – и сега Бог *нас* нè доведува во негово присуство. *Затоа* Тој ги отвора книгите и им дозволува на светите да видат сè.

Извештајот за заложбата на Аврам да бидат поштедени Содом и Гомора — еден вид суд — ни дава некои важни сознанија за самиот судски процес. Очигледно, гревовите на Содом биле истражени. Бог спомнува дека сопствената злоба му донела на тој град таква репутација, што викотот против него бил голем ( 1. Мојсеева 18,20). Но, не биле само Содом и Гомор истражени пред нивното уништување. Бог му овозможил на Аврам да проучи дали постапил праведно или не, кога решил да ги уништи злите градови.

Освен тоа, кој се појавува на небесниот суд во текстот Даниел 7, ако не е тоа „Синот човечки“, Исус (Даниел 7,13; видете и Матеј 20,28), чие појавување е единствената причина што ова судење се одвива за да „им ја досуди правдата на Светите на Севишниот“ (Даниел 7,22). Неговата совршена праведност е единственото нешто што овозможува Неговиот народ да биде поштеден во судот.

**Замислете како стоите на судот со сите ваши тајни откриени пред нашиот свет Бог. Која би била вашата единствена надеж во тој момент на судот? (Видете го проучувањето за петок.)**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт прочитајте го поглавјето со наслов „Потоп“, стр. 101. 102 (оригинал).

„Првосвештеникот не можел да се одбрани себеси и својот народ од сатанските обвинувања. Тој не тврдел дека Израел е без грев. Како претставник на своите сонародници, стоел пред Ангелот во извалкана облека, која била симбол за гревот, и ја признал нивната грешност, но истовремено укажувал и на нивната понизност и покајание, надевајќи се на милоста на Спасителот, кој проштава гревови. Тој со вера се повикувал на Божјите ветувања....

Сатанските обвинувања против оние кои го бараат Господа не се во никој случај плод на неговото гнасење од нивните гревови. Тој ужива во маните на нивниот карактер, зашто знае дека над нив ќе добие власт единствено ако тие го прекршуваат Бож јиот закон. Тој ги обвинува само затоа што е Христов непријател. Со планот на спасението Исус ги раскинува prангите со кои сатаната го врзал човечкото семејство и ги ослободува душите од негова власт. ...

Човекот не е во состојба со сопствена сила да се одбрани од нападите на непријателот. Тој стои пред Бога во облека извалкана од грев, признавајќи ја својата вина. Но Христос, нашиот Бранител, ги застапува сите оние кои во покајание и со вера Му ја довериле својата душа. Тој ги брани и го победува нивниот обвинител со силните докази од Голгота. Неговата совршена послушност кон Божјиот закон му ја дала сета власт и на небото и на земјата. Затоа Тој бара од својот небесен Отец милост и проштавање за грешниот човек“ (Елена Г. Вајт, *Пророци и цареви*, стр. 583-586 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Исус на своите ученици им рекол дека тие се во светот, но не и од светот (видете: Јован 15,19; Јован 17,14-16). Како да воспоставиме рамнотежа помеѓу нашата одговорност да го придобиеме светот и потребата да се држиме „неизвалкани од светот“? (Јаков 1,27).**

**2. Што нè учи јавната служба на Ное пред Потопот за тоа каква е нашата улога додека трае големата борба? Во која смисла и ние денес ја имаме истата улога?**

**3. Пред да дозволи огнот од небото да ги проголта злите (како во случајот со Содом), Бог ќе ги воскресне од мртвите и ќе му дозволи на сатаната повторно да работи со нив за кратко време (Откровение 20,7-9). На кои причини можете да се сетите зошто ова е неопходен последен чекор пред Бог сè да доведе во ред?**

**4. Додека ги разгледувате настаните што ги проучувавме оваа седмица, кои предупредувања ги наоѓате за вашиот сопствен живот? Што ве учат овие настани за надежта што ја имате во Христа?**

**Лекција 11**
**Од 7 до 13 јуни 2025**

# РУТА И ЕСТИРА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Рута 1,1-5; Рута 2,5-20; За Јов 1,6-11; Матеј 4,8.9; Естира 3,1-14; Откровение 12,14-17.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Кога царот виде дека царицата Естира стои во дворот, таа најде милост во очите негови и царот го подаде кон Естира златниот жезол што беше во раката негова. Естира се приближи и го допре крајот на жезалот“ (Естира 5,2).**

Оваа седмица продолжуваме да ги проучуваме извештаите кои ни даваат претслика за настаните од последните денови. Користејќи настани и луѓе од реалниот живот, Бог ни помага да ги согледаме работите од Негова перспектива и да сфатиме како да ги толкуваме пророштвата кои треба да се исполнат подоцна, а кои ни се дадени за да ја зајакнат нашата вера.

Ќе обрнеме внимание на две значајни жени чиишто животни приказни ги допреле срцата на безброј генерации – Рута и Естира. Едната од нив е обесправена вдовица која наоѓа надеж откако ќе го запознае љубезниот Воз, својот роднина и откупител. Нивниот брак станал омилена љубовна приказна меѓу христијаните поради начинот на кој ја одразува Христовата љубов кон нас. Другата е млада девојка која живее во туѓа земја во моментот кога дознава за заговор нејзиниот народ да биде уништен, а потоа едноставно е втурната на главната сцена во драмата за негово спасение.

Во пророштвата, се разбира, жената е моќен симбол на Божјата црква, кој фрла голема светлина врз тоа како Бог гледа на својот народ. Затоа, да ги погледнеме библиските извештаи за тие две жени, чиишто животни околности се овековечени во Божјата реч и да се потрудиме да извлечеме неколку поуки од нивните искуства.

## ГЛАД ВО „КУЌАТА НА ЛЕБОТ“

Критичарите на христијанската вера честопати укажуваат на суровата реалност на живеењето на овој свет како доказ дека: (а) Бог не постои, или (б) Тој е немоќен да реагира кога се случуваат лоши работи, или (в) не му е грижа за тоа што ние страдаме. Меѓутоа, многу од библиските извештаи даваат доволно докази дека ниту една од овие претпоставки не е точна. Навистина, Бог дозволува човечкиот род да ги жнее последиците од бунтот против Него. Но Тој е секогаш присутен и, без да ја нарушува нашата слободна волја, постојано дејствува во човечката историја, секогаш нѐ движи кон конечното решение на проблемот со гревот и страдањето. Животната приказна на Рута ни дава еден таков пример.

**Прочитајте го текстот Рута 1,1-5. Какви тешкотии ги снашле Ноемина и Рута и што ги предизвикало? На кој начин тоа ја прикажува ситуацијата со која се соочува сега целиот човечки род?**

___

___

___

Во воведниот дел на оваа книга наидуваме на еден вид иронија – глад го погодил Витлеем, чие име значи „куќа на лебот“. Да се потсетиме на изобилството што постоело во Едем, каде што Бог им рекол на Адам и на Ева: „Јади слободно од секое дрво во градината“ (1. Мојсеева 2,16). Човечкиот род го започнал своето постоење во изобилство, под грижата на великодушниот Творец, но потоа својата улога на чувар на природата ја заменил за ропство на гревот. „Со пот на своето лице ќе јадеш леб, додека не се вратиш во земјата“, му рекол Бог на Адам (1. Мојсеева 3,19).

Како Ноемина, и ние сме го изгубиле правото на наследството што Бог првично го планирал за нас, и нашиот живот станал полн со тешкотии. Едемската градина ни била дадена како дар, но не безусловно. Луѓето имале слобода и да се побунат, но во тој случај ќе мора да ја преземат одговорноста за сопствената благосостојба. На почетокот требало ние да „владееме“ со целиот непорочен свет со Божји благослов, но сега се соочуваме со задача да го надвладееме паднатиот свет. А натпреварувањето на себичните човечки суштества околу оскудните ресурси доведува до многу болки и страдања.

Трагедијата е неискажлива – земјата сѐ уште дава плодови во изобилство, што е моќно сведоштво за Божјата љубов, но меѓу човечката алчност и разорното дејство на гревот, се чини дека понекогаш светот повеќе нѐ покорува нас отколку ние него. Сепак, еден ден на сето тоа ќе му дојде крајот.

**Како земјата сѐ уште, дури и по шест илјади години грев и смрт, ги открива чудата на Божјата љубов и творечка сила?**

# РУТА И ВОЗ

Ноемина побарала нејзиното име да се промени во Мара бидејќи нејзиниот живот се исполнил со горчина (видете го стихот Рута 1,20). Нашиот однос со нашиот Творец е непоправливо нарушен од гревот, кој нè води во духовна сиромаштија. Нашите изгледи се мрачни и ние го поминуваме својот живот берејќи по рабовите на полињата и живеејќи од остатоците од радост што сè уште може да се најдат во овој расипан свет. Но сè се менува во моментот кога ќе дојдеме до извонредно откритие – дека Бог не нè заборавил.

**Прочитајте го текстот Рута 2,5-20. Зошто е тоа толку пресуден момент во оваа приказна? Што мислите, зошто тоа што Ноемина го открила идентитетот на нивниот добротвор е толку добра вест?**

Ноемина останала без ништо и веројатно се вратила да ја продаде својата земја за да ги исплати долговите направени пред да се преселат во Моав. Меѓутоа, Бог уредил осиромашените поединци во Израел да можат да го вратат своето наследство во Ветената земја со тоа што некој близок роднина би ја откупил земјата за нив. А Воз не бил само некој љубезен земјоделец, тој бил нивен *роднина.* Ако не можете да ги отплатите своите долгови и да го вратите својот дел во наследството на Израел, тоа можел за вас да го направи близок роднина: „Ако твојот брат осиромаши и ако продава од својата татковина, нека дојде неговиот најблизок роднина и нека го откупи она што го продава неговиот брат“ (3. Мојсеева 25,25).

Откритието дека Воз не е само љубезен и великодушен човек, туку и нивен *роднина,* била најдобрата можна вест – сиромаштијата во која живееле овие две жени не морало да трае вечно.

Христијаните одамна сфатиле дека Воз е тип на Христос, кој не само што е наш Творец, туку решил да стане и наш роднина, вистинско човечко суштество од крв и месо, што е една од причините зошто Тој постојано се нарекува себеси „Син човечки“ (Матеј 12,8; Марко 8,31; Лука 22,22; Јован 3,14).

Премногу луѓе гледаат на Бога во многу неповолна светлина – можеби Тој ќе нè пушти на небото ако точно ги штиклираме сите полиња на моралниот инвентар, но Тој исто така ќе го направи тоа неволно, бидејќи сме се провлекле на ситни детали. Меѓутоа, сликата за Христа што ја откриваме во Воз, целосно ги побива таквите претстави. Бог не само што нè забележува, туку Тој, и покрај нашата длабока духовна сиромаштија, сака да бидеме Негова невеста.

**Обидете се да замислите не само дека Создателот станал дел од сопствената творба, туку и дека потоа умрел за неа. Како треба оваа восхитувачка вистина да влијае на вашето гледиште за сопственото постоење?**

## ВОЗ КАКО ОТКУПИТЕЛ

Воз длабоко се вљубува во Рута и сака да се ожени со неа, но наидува на значајна пречка – постои поблизок роднина, кој исто така полага право на таа жена и земја. Ако земеме предвид дека Воз е тип на Христос, оваа ситуација открива што е навистина во прашање кога станува збор за големата борба. Христос нѐ сака, но има еден „поблизок роднина“ кој исто така полага право на нас – сатаната.

**Што ни откриваат следните пасуси за тоа дека сатаната полага право на човештвото? (За Јов 1,6-11; Матеј 4,8.9; Јуда 1,9; Лука 22,31).**

---

Кога се појавил на небесниот совет, сатаната му рекол на Бога: „Одев по земјата и ја обиколив“ (За Јов 1,7), а кога Бог го прашал дали го забележал праведниот Јов, сатаната се повикал на своето право над него како на еден од своите, навестувајќи дека срцето на Јов не му припаѓа *вистински* на Бога. *Односно,* тврдел тој, *Јов Те следи само затоа што си добар према него. Престани да бидеш добар кон него и ќе видиш кому навистина му е верен Јов*.

Во Јудиното послание наоѓаме краток осврт на еден настан кој бил добро познат во Израел – откако го погребал Мојсеј (5. Мојсеј 34,6), Бог подоцна го воскреснал. Иако не сме запознаени со деталите, самиот текст, во кој се наведува дека тие се расправале околу телото на Мојсеј, навестува дека сатаната полагал некаков вид право на него.

„Сега Христос првпат имал намера да му го врати животот на умрениот. И додека Кнезот на животот, во придружба на блескотни ангели, се приближувал кон гробот, сатаната треперел од страв да не ја загуби власта. Со своите лоши ангели се приготвил да го оспори правото на упад во областа што ја сметал само за своја. Се фалел дека Божјиот слуга станал негов заробеник. Изјавувал дека дури ни Мојсеј не можел да го одржи Божјиот закон, дека ги присвоил почестите што му припаѓаат на Јехова - го сторил истиот грев поради кој и сатаната бил истеран од небото - па поради тој престап потпаднал под власт на сатаната. Праисконскиот предавник ги повторувал истите обвинувања што веќе ги изнесувал против Божјето владеење и повторно се жалел против Божјата неправедност кон него“ (Елена Г. Вајт, *Патријарси и пророци,* стр. 478 оригинал). Очигледно, Христос го побил тврдењето на сатаната и Мојсеј воскреснал (видете Матеј 17,3).

Во текстот Рута 4,1-12 Воз оди до портата на Витлеем – градот преку кој Христос влегол во нашиот свет како наш близок роднина. Старешините се собрале и на крајот сандалата (симболот на сопственост) била разменета.

**Градската порта била местото каде што работите се решавале – тоа е тип на сцената на судот. Тој настан одговара на сцената на судот од стиховите Даниел 7,13.14.22.26.27. Не треба да го пропуштиме тој одлучувачки аспект на судот – судот се одржува „за доброто на светиите“, но само затоа што Христос ја платил цената за нас, исто како што направил и Воз за својата невеста.**

## АМАН И САТАНАТА

Во Книгата за Естира го запознаваме Аман, кој е гладен за позиција и моќ. Нему му е доверена истакната позиција во царството, над сите други кнезови (Естира 3,1).

Ако ги читаме текстовите Езекиел 28,11-15 и Исаија 14,12-15, кои зборуваат за Луцифер, можеме да најдеме некои паралели со Аман, злобниот противник на Божјиот избран народ, кој одбива да се поклони пред Божјата врховна власт. Сеопфатните намери на сатаната се откриени во текстот за Христовото искушение, кога тој го води Исуса на некое  високо место за да Му ги покаже царствата на овој свет (Матеј 4,8-11). Христос, како што видовме, дошол да го откупи овој свет и да го прогласи за свој – и тоа го направил како еден од нас. Исус е нашиот роднина-откупител, а цената што ја платил за да го откупи овој свет, се разбира, била исклучително висока.

Во книгата Откровение, гледаме дека алчноста на сатаната за моќ и обожавање го доведува овој свет до неговата последна криза. Со своите измами тој успева да го убеди речиси целиот свет да се „зачуди“ („восхитува“) на ѕверот и да го следи (Откровение 13,3.4), освен значајните исклучоци кои одбиваат да го обожаваат. Во своето постапување кон овие луѓе, тој прибегнува кон сила.

Аман забележува дека Мардохеј – еден од припадниците на Божјиот избран народ – нема да му укаже почит, ниту да го признае она што го смета за негово право – луѓето да му се „поклонуваат“. Затоа, Аман „се исполни со гнев“ (Естира 3,5.6) и цврсто решил да го отстрани целиот народ на Мардохеј од лицето на земјата.

**Прочитајте ги следните текстови: Естира 3,1-14; Откровение 12,14-17 и Откровение 13,15. Кои паралели ги наоѓате меѓу овие текстови? Во што е сличен Јовановит опис на Божјата црква на остатокот со Амановиот опис на Божјиот народ?**

Ѓаволот бара право на сопственост над овој свет, но присуството на народ кој му останува верен на Бога – кој ги држи Божјите заповеди – го побива неговото тврдење за целосна превласт. „Кога саботата ќе стане посебен предмет на судир во целиот христијански свет, упорното одбивање на едно незначително малцинство да се потчини на барањето на мнозинството ќе ги изложи неговите членови на сеопшт презир“ (Ellen G. White, Signs of the Times, February 22, 1910).

**Размислете за „малите“ нешта со кои сега се тестира вашата вера. Ако правите компромиси во поглед на нив, поради тие „мали“ нешта, што ќе правите кога ќе дојде моментот за големиот тест?**

## ТОКМУ ЗА ВАКВО ВРЕМЕ

Меѓу некои христијани постои несреќна тенденција да се задржуваат премногу на тешкотиите на кои укажуваат библиските пророштва. Гледаме дека ни претстојат тешки времиња, а тогаш нашето проучување почнува да се заснова на страв, и ние се фокусираме на тешкотиите, наместо на ветеното решение. Иако Бог не ја засладува иднината, и искрено зборува за настаните што ќе се случат меѓу сегашниот миг и завршетокот на големата борба, важно е сторијата секогаш да се прочита до крај.

Постои општ образец во пророштвата, според кој Бог ја открива вистината за хаосот до кој води човечкиот бунт, и ни укажува на последиците. Но потоа, Тој секогаш ни нуди надеж. Сепак, некои со страв и трепет гледаат на предвидувањата за конечната криза – на „времето на Јакововите маки“. Несомнено, последните моменти нема да бидат лесни за Божјиот народ. Но, како што е сигурно предвидувањето за тешките времиња, така е сигурно и ветувањето за избавувањето.

Во текстот Откровение 12, ѓаволот ја прогонува Христовата невеста со одмазда преполна со омраза, но Бог интервенира за да ја спаси. Во Книгата за Естира, исто така, една убава царица игра главна улога во напната драма, а Бог ја користи на моќен начин за да го спаси својот народ.

**Прочитајте ги следните текстови: Естира 4,13.14; Естира 5,1-3 и Естира 9,20-28. Кои поуки можеме да ги извлечеме од овие пасуси во врска со нашите неволји во завршните моменти од земната историја?**

___

___

___

Бог ја подигнал Својата црква на остатокот за посебен момент во историјата. Бидејќи 1260 денови од мрачната доба се приближувале кон крајот, Бог ја извел својата невеста од засолништето (споредете Откровение 12,14) за да му ја пренесе на светот Неговата последна порака за милоста – пораката на тројцата ангели. Ние сме тука „токму за вакво време“ (Естира 4,14).

Естира открила дека не била оставена сама да се соочи со прогонството што Аман го започнал против нејзиниот народ. Таа ја стекнала наклоноста на царот и нејзиниот народ на крајот бил ослободен. Исто така, и ние нема да *бидеме сами кога ќе влеземе во* завршните моменти од земската историја – Царот е на наша страна и Божјиот народ исто така ќе биде избавен.

**Сè се завршило добро за Божјиот народ, барем во таа пригода. Сепак, тоа не е секогаш случај, зар не? Зошто е неопходно секогаш да гледаме на работите долгорочно, за да ја зачуваме надежта што ја имаме во Христа?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патријарси и пророци* од Елена Г. Вајт, прочитајте го поглавјето со наслов „Првиот израелски цар“, стр. 605, 606 (оригинал).

„Сатаната ќе поттикне негодување против малцинството кое одбива да ги прифати обичаите и традициите на овој свет. Луѓе на положба и од влијание ќе се здружат со беззакониците и насилниците против Божјиот народ. Богатството, талентите, образованието – сè ќе се здружи за да изрази презир кон Божјиот народ. Тирански владетели, проповедници и припадници на цркви ќе коваат заговори против него. Усно и писмено, со закани и исмејувања ќе настојуваат да ја уништат нивната вера. Со лажно прикажување и гневни обвинувања луѓето ќе ги поттикнуваат страстите кај народите. Бидејќи нема да можат да се повикаат на зборовите: ‘Така кажува Божјата реч’, тие во борбата против оние што ја почитуваат библиската сабота ќе прибегнуваат кон строги законски мерки за да го надоместат тој недостаток. За да стекнат популарност и да си осигураат себеси власт, законодавците ќе се согласат да се донесе неделниот закон. Меѓутоа, оние кои се бојат од Бога нема да можат да ја прифатат одредбата која ги крши прописите на Декалогот. На тоа бојно поле ќе се води последната голема борба меѓу вистината и заблудата. Ние не сме оставени во незнаење во поглед на завршницата. Денес, токму како и во времето на Естира и Мардохеј, Господ ќе извојува победа и ќе ја одбрани својата вистина и својот народ“ (Елена Г. Вајт, *Пророци и цареви,* стр. 605, 606 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Што мислите, зошто Бог дозволува Неговиот народ да поминува низ тешкотии? Која е смислата на тоа?**

**2. Како верникот се подготвува за каква било тешкотија што би можела да го снајде поради неговата преданост на Христа? Во што гледате надеж кога ќе се најдете среде тешки околности?**

**3. Што мислите, зошто сме склони да се задржуваме на тешкотиите што ги најавуваат пророштвата и им дозволуваме да ја засенат пошироката слика што ја пренесува добрата вест?**

**4. Една пријателка доаѓа кај вас откако ќе го прочита Откровението, и во доверба ви кажува како таа смета дека таа книга е „страшна“. Кој пристап би го употребиле за да ѝ помогнете појасно да ја разбере таа книга и да најде душевен мир?**

**5. Некој изјавува: „Не сум сигурен дека Бог ме сака или дека се грижи за мене. Кога би знаеле што направив, би сфатиле и зошто?“ Како би му одговориле? Како книгите за Рута и за Естера ви помагаат да го најдете вистинскиот пристап?**

Лекција 12
Од 14 до 20 јуни 2025

# ПРЕДВЕСНИЦИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Даниел 2,31-45; Даниел 3,1-12.17.18; Откровение 13,11-17; Римјаните 1,18-25; Дела 12,1-17; Матеј 12,9-14.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто Бог не ни даде дух на страв, туку дух на сила, љубов и разбраност“ (2. Тимотеј 1,7).**

Оваа седмица ќе разгледаме уште два библиски записи кои ги предвидуваат настаните од последните денови на извонреден начин, до најситите детали.

Прво, ќе го испитаме извештајот за Седрах, Мисах и Авденего, кој дава јасни алузии на прашањата изнесени во текстот Откровение 13. А потоа ќе се свртиме кон Новиот завет, каде што гледаме дека искуствата на раните христијани исто така можат да ни помогнат да сфатиме што треба да очекуваме меѓу сегашниот момент и Христовото враќање.

Двата примера ја истакнуваат извонредната храброст и даваат клучеви за наоѓање мир, дури и под најтешките околности.

Исус секогаш одново ги изговарал зборовите како: „Не бој се“ или „Зошто ве вознемируваат вашите мисли?“ Важно е да запомниме дека во фокусот на пророштвото е Христос и дека, со оглед на тоа, ние *мора* да бидеме во состојба да се држиме за истите совети додека го доживуваме она што е објавено во описите на последните моменти од планетата земја. „Да не се плаши срцето ваше “, им рекол тој на своите ученици, „верувајте во Бога и во Мене верувајте“ (Јован 14,1).

Со други зборови, да, настаните на последните денови ќе бидат вознемирувачки и предизвикувачки за оние кои се трудат да му останат верни на Бога. На крајот на краиштата, на овие настани треба да гледаме со надеж, а не со страв.

# ДАНИЕЛ 2 И ИСТОРИСКИОТ ПРИСТАП КОН ПРОРОШТВОТО

Едно од највлијателните пророштва во целото Свето писмо е втората глава од Книгата на пророк Даниел. Пишувајќи повеќе од петстотини години пред Христа, пророкот ја изложил историјата на светот, почнувајќи од своето време во Вавилон, преку Медо-Персија, Царството на Александар Македонски  и Рим, до поделбата на Рим на народите на Европа кои постојат денес.

Зборувајќи за европските народи, еден стих всушност вели дека тие „ќе се обидат да се соединат преку мешани бракови меѓу себе, но нема да се слеат едно со друго, како што железото не се меша со глината" (Даниел 2,43). Тоа пророштво се исполнило на неверојатен начин. Имено, и покрај сите видови мешани бракови меѓу припадниците (од принцови до обични луѓе) на тие народи, тие и понатаму остануваат поделени.

На пример, британската монархија се нарекува „династијата Виндзор" (англ. The House of Windsor), што е едно убаво англиско име. Меѓутоа, тоа име е со релативно понов датум, всушност од 1917 година. Пред тоа, таа династија се нарекувала Саксо-Кобург и Гота (Saxe-Coburg-Gotha), што е изразито германско име, бидејќи многу британски благородници – поради мешањето со „семето на човекот" – биле крвно поврзани со Германците. Меѓутоа, тие крвни врски не биле доволно силни за да ги спречат да војуваат меѓу себе, па затоа за време на Првата светска војна, сакајќи да се одвојат од своите омразени непријатели, британските монарси го смениле името на својата династија.

**Прочитајте го текстот Даниел 2,31-45. Што сонувал Навуходоносор, и како Даниел го протолкувал тој сон?**

---

Сите апокалиптични пророштва од Книгата на пророк Даниел го следат тој темел поставен во 2. глава. Односно, и останатите негови пророштва, како она во текстот Даниел 2, ја следат истата низа светски царства кои се појавуваат едно по друго, сè додека Бог не го воспостави своето вечно царство (видете ги стиховите: Даниел 2,44; Даниел 7,13.14). Со други зборови, овие пророштва се протегаат низ историјата како *непрекината низа од царства,* почнувајќи од античко време и завршувајќи во иднината, дури и од перспектива на нашето време. Тоа е историцистички пристап кон толкувањето на пророштвата, а токму тоа го бара и самиот текст. Користењето на историцистичкиот пристап е од клучно значење за разбирање на настаните на последните денови, особено кога ќе земеме предвид како тие се претставени во книгата Откровение.

**Како 2. глава од Книгата на пророк Даниел ни докажува дека Бог не само што ја знае иднината, туку и дека, во крајна линија, има и контрола над неа?**

## ОБОЖАВАЊЕ НА СТАТУА

Колку и да бил Навуходоносор восхитен од она што го направил Даниел и на почетокот покажал лојалност спрема Даниел и неговиот Бог (видете: Даниел 2; и особено стиховите: Даниел 2,46-48), тоа не потрајало долго.

**Прочитајте го текстот Даниел 3,1-12. Што значи фактот што статуата била цела од злато и што царот барал луѓето да ѝ се поклонуваат?**

---

---

Царевото пркосење на Божјата порака е особено нагласено со тоа што наредил *целата* статуа да биде изработена од злато. Според тоа, која била неговата порака? Вавилон никогаш нема да падне и Навуходоносор секогаш ќе биде цар. И секој што би се осмелил да ја доведе во прашање таа замисла, би бил убиен. Тоа служи како моќен потсетник дека нашата човечка желба за самоопределување може брзо да нè заслепи за вистината, за тоа како големата борба сосема сигурно ќе се одигра.

Во извесна смисла, Навуходоносор има некои особини кои потсетуваат на Луцифер – тој е амбициозен, опседнат со сопствената важност и доволно горд за отворено да се побуни против Божјиот авторитет. Од друга страна, се разбира, има и значајни разлики – Навуходоносор на крајот поверувал во вистинскиот Бог и сосема е можно да го сретнеме во царството, на кое во почетокот тој толку жестоко му се спротивставувал.

**Прочитајте ги стиховите Даниел 3,17-18, зборовите на тројцата млади Евреи во пркос на царот. Што нè учи тоа за верата и за тоа што понекогаш би можела таа да бара од нас?**

---

Размислете колку лесно тие тројца младичи би можеле да ги рационализираат работите за да се извлечат од опасната ситуација. На крајот на краиштата, зар тие не биле малку фанатични, подготвени да бидат живи запалени поради обично наведнување? Зарем не можеле едноставно да се преправаат, да се наведнат да си ги врзат врвките од чевлите, додека всушност му се молат на својот Бог? Дали тоа навистина било толку вредно за она со што се соочиле? Тие очигледно мислеле дека вределo, иако нивните зборови покажуваат дека биле целосно свесни дека од тоа можеби нема да се извлечат живи.

**Како да избегнеме површни рационализации кои ни нудат можности за правење компромис во врска со нашата вера? За што зборува следниот стих, а кој се однесува на слично искушение: „Верниот во малку и во многу е верен, а неправедливиот и во многу и во малку е неправедлив“ (Лука 16,10)?**

## ОБОЖАВАЊЕ НА ИКОНИ

Проучувачите на Библијата одамна ја забележале поврзаноста меѓу Даниел 3 глава и она што го учи Откровението за настаните на последните денови. И со причина, бидејќи Даниел 3 – со заповед, казнива со смрт: „поклонете му се на идолот“ (Даниел 3,15) – претставува верен одраз на она што Откровението го учи за заповедта, казнива со смрт, да обожаваат друг лик. „И му се даде да вложи дух во бистата на ѕверот, та да прозборува тој и да направи да бидат убиени оние кои нема да се поклонат пред бистата на ѕверот“ (Откровение 13,15).

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 13,11-17; Откровение 14,9.11.12; Откровение 16,2; Откровение 19,20 и Откровение 20,4. Каков контраст е прикажан овде, со кој Божјите заповеди се поставуваат наспроти човечките заповеди?**

---

Божјиот народ е повикан да Му се поклони на „Оној Кој ги создал небото и земјата, морето и водните извори“, односно на Создателот, наспроти ѕверот и неговата икона. Тројцата еврејски младичи, соочени со слична закана, одбиле да му се поклонат на кого било или на нешто друго, освен на истиот тој Бог, на Создателот. Затоа, колку и да се различни околностите меѓу она што се случило во полето Дура, кога била издадена заповед луѓето да се поклонуваат на статуа наместо на Создателот, и она што ќе се случи во целиот свет, кога луѓето ќе бидат повикани да се поклонат на иконата на ѕверот наместо на Создателот – принципот е ист.

**Прочитајте го текстот Римјаните 1,18-25. (Забележете ја врската меѓу Римјаните 1,18 и текстот Откровение 14,9.10 кога станува збор за изразот „Божји гнев“.) Тогаш, во која смисла спорното прашање во врска со обожавањето на иконите е само уште една манифестација на истиот принцип во поглед на тоа кому, впрочем, му припаѓа нашата преданост?**

---

Богослужението или обожавањето не мора нужно да значи поклонување и принесување темјан, иако може да значи и едното и другото. Ние го обожаваме оној или она на што сме до крајна мера посветени. Кога ќе земеме предвид кој е Бог – нашиот Создател и, според она што Тој го направил за нас во личноста на Исуса, исто и наш Откупител – тогаш се разбира дека Тој е единствениот што треба да го обожаваме. Сè друго е идолопоклонство. Можеби тоа може да ни помогне да ги објасниме следните тешки зборови на Исус: „Кој не е со Мене, против Мене е; и кој не собира со Мене, тој растура“ (Матеј 12,30). Завршните настани едноставно ќе бидат драматична манифестација на таа вистина.

# ПРОГОНСТВОТО НА РАНАТА ЦРКВА

Стариот завет не е единственото место каде што наоѓаме претслики на завршните настани. Нив ги наоѓаме и во Новиот завет. Животот не бил лесен за христијаните во првиот век. На почетокот тие биле мразени од многу припадници на самата нивна религија, кои во нив гледале закана за Мојсеевата вера. А тогаш тие се соочиле со гневот на паганската Римска империја. „Земните и пеколните сили се дигнале против Христа, прогонувајќи ги неговите следбеници. Незнабоштвото предвидело дека со победата на евангелието неговите храмови и олтари ќе бидат срамнети со земјата и затоа ги собрало сите свои сили да го уништи христијанството. Се разгорел оган на прогонство“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 39 ориг.).

Постои извештај во книгата Дела апостолски кој мошне силно прикажува што може да очекува Божјиот народ додека се приближува до остварувањето на сценариото што го наоѓаме во Откровение 13 глава.

**Прочитајте го текстот Дела 12,1-17. Кои елементи од тој извештај би можеле да ги навестат настаните од последните денови?**

---

Јаков бил обезглавен, а следен требало да биде Петар. Против христијаните била прогласена смртна казна. Веројатно еден од највпечатливите аспекти на тој извештај се огледува во фактот дека Петар, во ноќта која требало да биде најлоша во неговиот живот, *спиел* толку цврсто што ангел, всушност, морал да го удри за да го разбуди!

Петар, се разбира, на чудесен начин бил ослободен и успеал да дојде на собирот на верници кои не можеле да поверуваат дека тој навистина е ослободен, иако тие се молеле токму за тоа. Библијата вели дека тие биле *зачудени* – што нè поттикнува да се прашуваме колку често и ние се молиме, а всушност едвај се осмелуваме да поверуваме дека Бог навистина ќе нè услиши.

Некои верници биле поштедени, други биле убиени. А како што ќе се приближуваме кон крајот на времето, повторно ќе се случува истото. Самиот Петар, иако бил поштеден во таа прилика, на крајот умрел поради својата вера. Дури и Исус лично му кажал на кој начин ќе се случи тоа: „Вистина, вистина ти велам: кога беше помлад, сам се препашуваше и одеше каде што сакаше; кога ќе остариш, ќе ги рашириш рацете свои, и друг ќе те препаша и поведе на каде што нејќеш.’ А ова го рече за да покаже со каква смрт ќе Го прослави Петар Бога. И штом го кажа тоа, му рече: ‘Врви по Мене!’“ (Јован 21,18.19)

**Забележете дека Исус, откако му открил на кој начин ќе умре, сепак му вели на Петар: „Врви по Мене!“ Што треба тоа да ни каже за причините зошто дури ни смртната закана не треба да нè спречи да го следиме Господа?**

## ЖИГ НА ЅВЕРОТ

Како што минувале годините, а завршните настани, како што се издавањето на смртен декрет и наметнувањето на жигот на ѕверот, сè уште не се одиграле, некои почнале да изразуваат сомнеж, па дури да стануваат и скептици во врска со нашето толкување на завршните настани, вклучувајќи го и тоа дека спорот околу саботата и неделата би можел да биде во самото средиште на завршниот судир.

Книгата Откровение е јасна – ние или го обожаваме Создателот или ѕверот и неговата икона. А бидејќи седмиот ден, саботата, е основниот знак – кој нè враќа назад до самиот Едем (видете: 1. Мојсеева 2,1-3) – на Бога како Создател, не би требало да нè чуди што таа ќе биде во средиштето на дебатите во врска со обожавањето на Создателот. Исто така, не случајно ѕверот е истата онаа сила што ја променила заповедта за саботата, која е библискиот ден, во недела, за што нема потврда во Библијата. Имајќи ја предвид целата таа заднина, идејата дека саботата и неделата се поврзани со прашањето за богослужението – повторно, или на Создателот (видете Откровение 14,6.7) или на ѕверот – има голема смисла. И во Новиот завет исто така имаме навестување во врска со прашањето за саботата како седми ден наспроти човечки закон.

**Прочитајте ги следните стихови: Матеј 12,9-14 и Јован 5,1-16. Кое прашање ги натерало верските водачи да посакаат да го убијат Исуса?**

---

---

Како реагирале верските водачи во Евангелието според Матеј, откако Исус го исцелил човекот со исушена рака во сабота (Матеј 12,9-13)? „А фарисеите, штом излегоа, се договорија како да Го погубат“ (Матеј 12,14). Смрт поради саботата? Во текстот Јован 5,1-16, по уште едно чудесно исцелување во седмиот ден, водачите „Го гонеа Исус и сакаа да го убијат, зашто тоа го вршеше во сабота“ (Јован 5,16).

Смрт поради човечка традиција (ништо во Библијата не забранува исцелување во сабота, исто како што ништо не навестува дека саботата треба да се замени со недела) наспроти библиската сабота? Иако во овој конкретен случај со Исуса, спорното прашање не било исто како она што ќе се појави во завршните настани, сепак е доволно слично – човечкиот закон наспроти Божјиот, а во двата случаја, спорниот закон се однесува на библиската сабота.

**Умирање поради една од Божјите заповеди? На кој начин може лесно да се рационализира излезот од таквата ситуација?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Големата борба* од Елена Г. Вајт прочитајте ја главата со наслов „Божјиот народ избавен“, стр. 635-652 (оригинал).

„Бог во сите времиња му помагал на својот народ и го ослободувал преку своите свети ангели. Небесните суштества секогаш имале живо учество во животот и во работата на луѓето. Ангелите се појавувале во облека што блескотела како молња или доаѓале облечени како патници. Тие им се јавувале во човечка лика на Божјите луѓе. На пладне се одморале под дабје како да се уморни, прифаќале гостопримство на човечките домови. Ноќе како водичи им служеле на задоцнети патници. Со свои раце палеле оган на олтар. Отворале врати на затвори и изведувале на слобода Божји слуги. Наметнати со небесен сјај дошле да го отстранат каменот од гробот на Спасителот.

Ангелите често се наоѓаат на собирите на праведниците како луѓе и ги посетуваат собирите на грешниците, како што отишле во Содом за да направат извештај за нивните дела и да утврдат дали ја пречекориле границата на Божјето трпение. Господ ја сака милоста; и заради неколкумина кои навистина му служат, Тој ја отстранува несреќата и му го продолжува мирот на мноштвото. Колку малку знаат оние што грешат против Бога дека за својот живот треба да им заблагодарат на малечкиот број верни што тие често ги исмеваат и угнетуваат!“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 631, 632 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Прочитајте го стихот 2. Тимотеј 1,7. Разговарајте за деталите од пророштвата што најмногу ве загрижуваат. Како да се ослободиме себеси од духот на стравот и да ја најдеме Божјата порака за надеж, дури и во пророштвата што зборуваат за прогонство поради нашата вера?**
2. **Во овој момент можеби ни е тешко да разбереме како саботата и неделата би можеле да станат главно спорно прашање во завршните настани, но погледнете колку брзо светот може да се промени. Што би требало од ова да научиме за тоа дека нашата вера не треба да ја засноваме на актуелните настани, кои можат да доживеат пресврт во еден миг, туку само на Божјата откриена Реч?**
3. **Размислете за текстот Даниел 2 (па дури и Даниел 7). Сите тие царства дошле и си заминале токму онака како што било проречено. Денес, кога ќе погледнеме наназад во историјата, можеме да видиме дека тоа навистина се случило, токму така како што било проречено. Од наша перспектива, треба да дојде само уште едно царство. Кое е тоа царство, и зошто можеме да бидеме сигурни дека тоа навистина ќе дојде, како што е проречено?**

Лекција 13
Од 21 до 27 јуни 2025

# СЛИКИ ЗА ЗАВРШНИТЕ НАСТАНИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 12,38-42; Јона 3,5-10; Откровение 18,4; Даниел 5,1-31; Откровение 16,12-19; 2. летописи 36,22.23.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тој им рече: ‘Јас сум Евреин, Го почитувам Господ Бог на небесата, Оној што ја создаде земјата и водата’“ (Јона 1,9).**

Оваа седмица ќе дадеме последен преглед на извештаите кои ни помагаат појасно да ги согледаме настаните на последните денови. Овој пат ќе ја разгледаме мисијата на Јона во Ниневија, падот на Вавилон и подемот на Кир, персискиот цар кој го ослободил Божјиот народ и му дозволил да се врати во ветената земја.

Како и со другите извештаи што ги истраживме, овие историски настани имале длабоко значење за секоја генерација. Но, освен тоа, тие се *особено* важни за последните генерации кои живеат непосредно пред Христовото доаѓање. Имено, од тие историски извештаи можеме да извлечеме различни елементи кои ни помагаат подобро да го разбереме она што го нарекуваме „сегашна вистина“.

Во исто време, мора да имаме на ум нешто што важи за сите овие настани кои, според сите показатели, можат да се сметаат за претслики на настаните од последните денови – мора да се погрижиме да ги согледуваме пошироките теми и алузии, и да не го расчленуваме секој детаљ до точка на создавање пророчки апсурди. Како што е случај и со Исусовите параболи, треба да ги бараме главните пораки и принципи. Не треба да го „цедиме“ секој детаљ со надеж дека ќе најдеме некои скриени вистини. Наместо тоа, треба да ги бараме основните контури и принципи, бидејќи врз основа на нив можеме да ги откриеме елементите кои се суштински за последните денови.

# ПРОРОК ПРОТИВ СВОЈА ВОЛЈА

Книгата за Јона (видете: Јона 1-4), иако кратка, има значително влијание. Многу верници го препознаваат својот одраз во тој пророк, кој нерадо одговорил на својата задача. Покрај тоа, неговата животна приказна содржи значајни дополнителни назнаки за идните настани.

**Прочитајте го текстот Матеј 12,38-42. На кои делови од извештајот за Јона се повикува Исус кога им се обраќа на книжевниците и фарисеите? Какви поуки за судот се наоѓаат во таа Негова изјава?**

Исус изјавил дека Тој е поголем од Јона. Знаел дека доаѓањето на овој свет значи крст, но сепак дошол „да го најде и спаси изгубеното“ (Лука 19,10). Јона поминал три дена во стомакот на голема риба поради своите гревови, а Исус поминал три дена во гробот поради нашите гревови. Токму ова било неопходно за да се спасат изгубените.

Нам денес Јона ни е познат како неволен пророк, кој не сакал да оди во Ниневија. Од човечка перспектива лесно може да се разбере – Асирците спроведувале брутален режим. Асирските мурали се полни со сцени на необична суровост – освоените народи биле убивани на најсурови начини што можат да се замислат. Кој би сакал да се соочи со можните последици од повикувањето на покајание во нивниот главен град?

Меѓутоа, постои еден важен момент во тој извештај што би можел да укажува на движењето на остатокот од последното време. Имено, кога го прашуваат кој е, Јона одговара: „Јас сум Евреин, Го почитувам Господ Бог на небесата, Оној што ја создаде земјата и водата“ – изјава која многу потсетува на пораката на првиот ангел (Јона 1,9; Откровение 14,7). Навистина, неговиот нагласок на Господа како Оној „што ја создаде земјата и водата“ природно се однесува на Него како Создател. Тој факт е главната причина зошто треба да Го обожаваме и да Му служиме, а богослужението има централна важност во настаните на последните денови.

Во исто време, и ние сме задолжени да проповедаме потенцијално непопуларна порака во духовниот Вавилон. Да се каже: „Излезете од неа, народе мој“ (Откровение 18,4), значи да му кажете на светот дека мора да се покае – порака која речиси секогаш предизвикувала негативни реакции кај многу народи – дури и кога се пренесува на најљубезниот можен начин. Кој од нас не доживеал негативни, па дури и непријателски реакции при неговото сведочење? Едноставно тоа е дел од „работата“.

**Колкав дел од „Јона“ наоѓате во себе? Како можете да го надминете овој погрешен став?**

# ДЕЛО НА ПОКАЈАНИЕ

Јона имал мошне јасна порака за жителите на Ниневија. „И Јона почна да оди по градот, колку што можеше да се изоди за еден ден, и проповедаше, велејќи: ‘Уште четириесет дена и Ниневија ќе биде разурната!’“ (Јона 3,4) Тоа се чини прилично јасно – местото било осудено на пропаст. На крајот на краиштата, зарем тоа не била реч изговорена директно од Господовиот пророк?

Но сепак, што се случило со Ниневија?

**Прочитајте го текстот Јона 3,5-10. Зошто, на крајот, тоа пророштво не се исполнило?**

---

---

Да, целиот град се покајал, а проречената пропаст била спречена, барем за некое време. „Нивната пропаст била спречена. Целиот незнабожечки народ го возвишувал и го фалел израелскиот Бог и го почитувал Неговиот закон. Дури многу години подоцна Ниневија станала плен на околните народи бидејќи го заборавила Бога и станала наперчено горда“ (Елена Г. Вајт, *Пророци и цареви,* стр. 271 оригинал).

Можеме ли да очекуваме нешто слично и во последните денови, кога ќе биде објавувана последната порака до паднатиот свет? Да – и не. Односно, ќе има многу луѓе насекаде низ светот кои ќе одговорат на повикот: „Излезете од неа, луѓе Мои, за да не соучествувате во гревовите нејзини, и да не добиете од казните нејзини“ (Откровение 18,4). Низ целиот свет луѓето ќе заземат свој став и, спротивно на ѕверот, ќе ги држат „Божјите заповеди и верата во Исуса“ (Откровение 14,12). Тие луѓе, како оние во Ниневија, ќе бидат поштедени од осудата што ќе падне врз изгубените.

Затоа, некои пророштва се условни, како што е Божјата најава дека Ниневија ќе биде уништена – таа би била уништена доколку народот не се одврател од своето зло (видете го текстот Еремија 18,7-10). Меѓутоа, некои пророштва не се дадени под такви услови. Тие ќе се исполнат без оглед на човечкиот одговор. Месијанските пророштва за првото и второто Христово доаѓање, жигот на ѕверот, излевањето на злата, прогонството на крајот на времето – овие пророштва не се условни – сето тоа ќе се случи, што и да направат луѓето. А тоа што луѓето го прават, одлуките што ги носат и изборите што ги прават, само ќе одреди на која страна ќе бидат кога ќе се одиграат завршните настани, најавени од пророците.

**Кои одлуки ги донесувате сега, а би можеле да ви укажат на тоа што ќе одберете тогаш кога ќе се постави прашањето дали ќе го обожавате Бога или иконата на ѕверот?**

## ГОЗБАТА НА ВАЛТАЗАР

Откако градот Ниневија бил покорен (612 пр. н.е.) од коалициската војска составена од Мадијамци и Вавилонци (предводена од таткото на Навуходоносор), градот Вавилон доживеал преродба каква што не видел уште од времето на Хамураби, својот голем законодавец. Под Навуходоносор, кој сега бил ослободен од проблемите со асирските напади, богатството и влијанието на градот Вавилон пораснале до тој степен што околните народи немале друг избор освен неволно да ја признаат неговата доминација. Тој бил круната на светот, а народите кои сакале да напредуваат се изјаснувале дека ќе му бидат лојални.

Во меѓувреме, според она што може да се заклучи, Навуходоносор умрел како верник, исповедајќи дека Даниеловиот Бог е навистина полноправен владетел на сите народи (Даниел 4,34-37). А следниот извештај што ни го дава Книгата на пророкот Даниел е оној на неговиот наследник, управителот Валтазар.

**Прочитајте Даниел 5,1-31. Кои важни духовни пораки можеме да ги преземеме од тој извештај? Од што се сопнал Валтазар на крајот?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Можеби најтажниот, најтрагичниот дел од овој извештај се наоѓа во Даниел 5,22. Откако му ги раскажал на царот настаните поврзани со падот, а потоа и со закрепнувањето на Навуходоносор, Даниел му вели: „А ти сине негов, Валтазаре, не покажа понизност, иако го знаеше сето тоа“. Според тоа, иако имал можност да ја дознае вистината, иако можеби од прва рака можел да види што му се случило на Навуходоносор – тој решил да ги игнорира тие настани и да тргне по истиот пат кој му донел толку многу неволји на неговиот претходник.

Како што направил Навуходоносор кога ја подигнал златната статуа, Валтазар отворено се спротивставил на она што го пророкувал Даниеловиот Бог. Користејќи ги садовите од храмот на светогрд начин, тој веројатно сакал да го нагласи фактот дека Вавилон ги покорил Евреите и дека сега тие можат слободно да располагаат со светите предмети на нивниот Бог. Со други зборови, тој сакал да каже дека тие, Вавилонците, сè уште имаат превласт над тој Бог кој ја предвидел нивната пропаст.

**Тоа навистина било чин на краен пркос, иако Валтазар имал доволно докази, „цврсти докази“ дека треба да постапи помудро. Имал доволно интелектуално знаење за да ја спознае вистината, но проблемот бил неговото срце. И во последните денови, кога конечната криза ќе навали врз светот, на луѓето ќе им се даде можност да ја дознаат вистината. Но она што ќе го одреди нивниот избор, како во случајот со Валтазар, ќе биде нивното срце.**

## ПРЕСУШУВАЊЕТО НА ЕУФРАТ

Една од предностите на Вавилон бил начинот на кој реката Еуфрат течела под неговите ѕидини, снабдувајќи го градот со неограничени резерви вода. Но тоа се покажало и како негова слабост. Нитокрис, древната вавилонска царица, изведувала градежни работи покрај реката за да направи пат до градот. При тој процес, таа ја пренасочила реката во блиското мочуриште за да им овозможи на копачите непречено да работат. Кир сфатил дека и тој може да го стори истото, да го исуши Еуфрат во доволна мера за да помине со своите трупи марширајќи непречено под ѕидот. Кога се нашол во самите ѕидишта на градот, открил дека одбранбените ѕидишта долж реката, кои воделе до градот, воопшто не биле бранети, така што градот паднал за една ноќ. Древниот грчки историчар Херодот пишува дека „оние кои живееле во центарот на Вавилон не ни насетувале дека предградијата паднале, бидејќи тоа било време на славење и сите танцувале и се препуштале на задоволствата“ (Herodotus, *The Histories, Tom Holland, trans.*; New York: Penguin, 2015; p. 94). Дали постои сомневање дека ова е истата прослава опишана во 5. глава од Книгата на пророкот Даниел?

**Прочитајте ги текстовите Даниел 5,18-31 и Откровение 16,12-19. Кои паралели ги наоѓате меѓу некои од злата во Откровението и извештајот за падот на Вавилон?**

Објаснувајќи им како да ги препознаат знаците на времето, Исус ги предупредил своите ученици: „Па така, бидете будни, зашто не знаете во кој час ќе дојде вашиот Господ. Знајте го и тоа: кога домаќинот на куќата би знаел во кој час ќе дојде крадецот, тој би останал буден и не би дозволил да му провалат во куќата“ (Матеј 24,42.43). Како и со падот на древниот Вавилон, Христовото ненадејно појавување ќе го затекне современиот Вавилон неподготвен. Но не мора да биде така. Во мноштво детални пророштва ни се дадени изобилни докази за скорешното Исусовото доаѓање.

Светот нема да биде изненаден само затоа што не знае што прорекол Бог. Ќе биде изненаден затоа што одлучил да не верува во она што Бог рекол дека ќе се случи.

**Прочитајте Откровение 16,15. Која евангелска порака можеме да ја најдеме тука, дури и среде сите овие предупредувања за времето на крајот? Што значи „да не оди гол“?**

## КИР – ПОМАЗАНИКОТ

Кога Кир го освоил градот Вавилон, годините на заробеништво на Божјиот народ завршиле. Персијците им дозволиле да се вратат во ветената земја и повторно да го изградат храмот. Под Кир, Персиското царство станало најголемо во историјата, според она што историчарот Том Холанд го нарече „најголемото проширување на територија што светот некогаш го видел“ (Tom Holland, Dominion Basic Books, Kindle Edition, p. 25).

Како што било обичај кај Персијците, Кир бил наречен „Големиот император“, па дури и „Царот над царевите“.

Кир најавува што ќе се случува кога Христос ќе се врати по својата црква: Тој е Царот кој доаѓа од исток (споредете со Матеј 24,27), води војна против Вавилон и го ослободува Божјиот народ конечно да излезе од Вавилон и да се врати во ветената земја. (Видете Откровение 19,11-16.) Затоа Бог зборува за Кир како „својот помазаник“ (Исаија 45,1). Тој познат Персиец не само што го ослободил Божјиот народ туку и неговиот поход против Вавилон бил исто така тип на второто Христово доаѓање.

**Прочитајте ги стиховите 2. Летописи 36,22.23. Каква паралела постои меѓу извештајот за Кир и оној за Навуходоносор? Во што се разликуваат? Кое е значењето на Кировиот декрет? Впрочем, како влијаел тој на многу од она што било поврзано со првото Исусово доаѓање векови подоцна?**

---

---

Првичниот редослед на старозаветните книги во наше време е променет така што завршува со Книгата на пророкот Малахија, но на почетокот Стариот Завет завршувал токму тука – со таа изјава на царот Кир. Следниот текст во канонот на Светото писмо би бил Евангелието според Матеј, кое започнува со раѓањето на Христос, антитипскиот Кир. Кир овозможил обнова на земниот храм. Исус ја започнал Својата служба во небесниот храм – која ќе заврши со Неговото враќање и нашето ослободување.

Кир, се разбира, не е *совршена* слика на Христос. Ниту еден тип не се совпаѓа совршено со антитипот и ние мораме да внимаваме да не припишуваме преголемо значење на секој ситен детаљ. Во секој случај, пошироко гледано, тој се смета за тип на „Спасителот“.

**Колку е фасцинантно што Бог употребил еден пагански цар на таков впечатлив начин за да ја изврши Неговата волја! И покрај тоа како изгледаат работите однадвор, како можеме да ја спознаеме вистината дека Господ, во долгорочна смисла, ќе направи настаните на последното време да бидат токму такви како што е проречено?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Пророци и цареви од Елена Г. Вајт прочитајте го делот од поглавјето со наслов „Невидлив чувар“, од 535 до 538 стр. од оригиналот.

„На секој народ, кој се појавил на светската сцена, му било дозволено да заземе свое место на земјата за да се види дали ќе ја исполнува волјата на Стражарот и Светецот. Пророците го претскажувале појавувањето и подемите на големите светски царства - Вавилон, МедоПерсија, Грција и Рим. Кај секој од нив, како и кај послабите народи, историјата се повторувала. Сите имале свое време на проверка и ниту едно не се одржало; целта сите ја промашиле, славата им потемнела и моќта ја изгубиле.

И покрај тоа што народите ги отфрлале божествените начела предизвикувајќи го со тоа своето пропаѓање, сепак, во текот на вековите божествената цел продолжила да се остварува“ (Елена Г. Вајт, *Пророци и цареви,* стр. 535 оригинал).

Во 18. глава од својата книга, пророкот Еремија набљудува еден грнчар како ја извршува својата работа како грнчар – го обликува и вајa она што сака да го направи. И токму оваа слика на грнчарот што ја обликува глината, Бог ја користи за да ја објасни условеноста во библиското пророштво. А за да биде сигурен дека ќе Го разбереме правилно, Господ проговара преку Еремија и вели: „Понекогаш велам Јас за некој народ и царство дека ќе го искоренам, ќе го згазам и погубам; но, ако тој народ, врз кого сум го изрекол тоа, се поврати од лошите свои дела, Јас го одлагам злото, што сум намислил да го направам. А понекогаш велам за некој народ и некое царство дека ќе ги подигнам и ќе ги зацврстам; но, ако тој народ врши зло пред очите Мои и не го послуша гласот Мој, ќе го повлечам доброто, со кое сум намислил да го дарувам“ (Еремија 18,7-10).

**ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР**

1. **Размислете за Исусовата изјава дека Ниневија ќе помине подобро на судот отколку Божјиот народ кој се оддалечил од вистината (видете: Матеј 12,39-42). Која поука може да ја извлече Божјата црква од ова предупредување?**
2. **Забележете ја изјавата на Елена Г. Вајт, во која со секое наредно царство „историјата се повторувала“ (Елена Г. Вајт, *Пророци и цареви,* стр. 535 оригинал). Што гледате како заедничка нишка меѓу сите царства набројани во пророштвото? На кои сè начини тие го следеле истиот пророчки пат? Во која смисла и нашиот денешен свет оди по нив?**
3. **Размислете за идејата дека често не умот, интелектот, е тоа што ги спречува луѓето да веруваат, туку срцето. Како може ова сознание да влијае на начинот на кој им сведочите на другите?**

УТРИНСКИ СТИХОВИ АПРИЛ

# ДОЈДЕТЕ ПОВИК ОД БОГА ПОЛН СО ЉУБОВ

## ДОЈДЕТЕ, ЌЕ ВЕ НАУЧАМ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | ***Мудри изреки 8,14*** | *Советот е Господов* |
| *2. Среда* | ***Исаија 55,1*** | *Дојдете, купувајте и јадете без пари* |
| *3. Четврток* | ***Исаија 1,18*** | *Дојдете, па ќе се судиме* |
| *4. Петок* | ***Матеј 11,28-30*** | *Земете го Мојот јарем, зашто е лесен* |
| ***5. Сабота*** | ***Псалм 34,11*** | *Дојдете, ќе ве научам* |

## ПОКЛОНУВАЈТЕ МУ СЕ НА БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | ***Псалм 37,3*** | *Надевајте се во Господа* |
| *7. Понеделник* | ***Псалм 46,10*** | *„Молкнете и знајте дека Јас Сум Бог“* |
| *8. Вторник* | ***Јован 15,4*** | *Останете во Мене* |
| *9. Среда* | ***Псалм 99,9*** | *Поклонувајте Му се на Бога* |
| *10. Четврток* | ***Мудри изреки 3,1-2*** | *Не заборавајте го Мојот закон* |
| *11. Петок* | ***Псалм 37,5*** | *Предај Му го својот пат* |
| ***12. Сабота*** | ***Псалм 55,22*** | *Фрли го своето бреме врз Господа* |

## ПОЧИТУВАЈТЕ ГО БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | ***Мудри изреки 4,7*** | *Стекнете мудрост* |
| *14. Понеделник* | ***Псалм 34,13*** | *Нека вашиот јазик се воздржува од зло* |
| *15. Вторник* | ***Псалм 37,7*** | *Потпрете се на Господа* |
| *16. Среда* | ***Мудри изреки 3,9.10*** | *Почитувајте Го Бога* |
| *17. Четврток* | ***Мудри изреки 4,26*** | *Внимателно одмерете ја својата патека* |
| *18. Петок* | ***2. Летописи 20,20*** | *Чувајте го своето срце* |
| ***19. Сабота*** | ***1. Коринтјаните 6,20*** | *Прославете Го Бога* |

## ВНИМАВАЈТЕ НА МОИТЕ ЗБОРОВИ

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | ***2. Тимотеј 2,15*** | *Учете* |
| *21. Понеделник* | ***2. Тимотеј 2,22*** | *Бегајте од телесните страсти* |
| *22. Вторник* | ***Римјаните 12,17*** | *Бидете благородни* |
| *23. Среда* | ***Мудри изреки 1,23*** | *Обратете се кога ви упатувам укор* |
| *24. Четврток* | ***Мудри изреки 7,24.25*** | *Внимавајте на Моите зборови* |
| *25. Петок* | ***Мудри изреки 4,14.15*** | *Тргајте се од злото* |
| ***26. Сабота*** | ***Псалм 35,2*** | *Разбудете се* |

## ДРЖЕТЕ СЕ ДО ПОУКИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | ***Римјаните 12,2*** | *Не прилагодувајте се на овој свет* |
| *28. Понеделник* | ***Мудри изреки 9,6*** | *Оставете ја неразумноста* |
| *29. Вторник* | ***1. Тимотеј 6,11*** | *Бегајте од ова* |
| *30. Среда* | ***Мудри изреки 4,13*** | *Држете се за поуките* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – МАЈ

# ЦЕЛОТО ЧОВЕШТВО ЗАТАЛКАЛО

### СИТЕ ЗАСКИТАЛЕ ОД ПРАВИОТ ПАТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | ***Исаија 53,6*** | *Сите заскитале од правиот пат* |
| *2. Петок* | ***Исаија 52,3*** | *Сте се продале* |
| ***3. Сабота*** | ***2. Тимотеј 2,26*** | *Грешниците се заробени* |

### ОНИЕ ШТО СЕ КААТ, ЌЕ ЖИВЕАТ

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | ***Еремија 17,9*** | *Срцето е измамливо* |
| *5. Понеделник* | ***Римјаните 8,7-8*** | *Телесниот мудрување е непријателство против Бога* |
| *6. Вторник* | ***Езекиел 36,31*** | *Ќе си спомнете на своите зли патишта* |
| *7. Среда* | ***2. Коринќаните 7,10*** | *Жалоста која е по Бога носи покајание* |
| *8. Четврток* | ***Езекиел 18,21*** | *Оние што се каат ќе живеат* |
| *9. Петок* | ***Римјаните 2,4*** | *Божјата добрина води кон покајание* |
| ***10. Сабота*** | ***За Јов 11,13-14*** | *Отстранете го своето беззаконие* |

### НЕМА ВЕЌЕ ДА ГРЕШАМ

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | ***Исаија 1,16*** | *Измијте се, очистете се* |
| *12. Понеделник* | ***2. Летописи 30,8*** | *Не бидете тврдоглави, покорете се* |
| *13. Вторник* | ***За Јов 34,31-32*** | *Нема веќе да грешам* |
| *14. Среда* | ***Осија 12,4-5*** | *Јакововото покајание* |
| *15. Четврток* | ***Ездра 9,6*** | *Покајанието на Ездра* |
| *16. Петок* | ***Немија 9,33*** | *Покајанието на Немија* |
| ***17. Сабота*** | ***Псалм 40,12-13*** | *Давидовото покајание* |

### АКО МЕ ПОБАРААТ, ЌЕ ГИ УСЛИШАМ

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | ***Проповедник 2,11*** | *Соломоновото покајание* |
| *19. Понеделник* | ***Лука 19,8*** | *Покајанието на Захеј* |
| *20. Вторник* | ***1. Тимотеј 1,15*** | *Павловото покајание* |
| *21. Среда* | ***Езекиел 18,22*** | *Вашите гревови нема да се спомнуваат* |
| *22. Четврток* | ***Еремија 3,12-13*** | *Признајте ги своите беззаконија* |
| *23. Петок* | ***Осија 6,1*** | *Господ ќе нè исцели и ќе нè завие* |
| *24. **Сабота*** | ***2. Летописи 7,14*** | *Ако Ме побараат, ќе ги услишам* |

### КОЈ Е БОГ КАКО ТИ?

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | ***1. Петрово 2,24*** | *Треба да умреме за своите гревови* |
| *26. Понеделник* | ***1. Петрово 2,6*** | *Христос е сигурен темел* |
| *27. Вторник* | ***Тит 2,11*** | *Спасението се прима по Божјата благодат* |
| *28. Среда* | ***Михеј 7,18*** | *Кој е Бог како Ти?* |
| *29. Четврток* | ***Дела 5,31*** | *Бог Го возвисил* |
| *30. Петок* | ***1. Солуњаните 5,24*** | *Верен е Оној Кој нè повикал* |
| ***31. Сабота*** | ***Ездра 9,13*** | *Бог нè прекорува помалку...* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈУНИ

# НОВОРОДУВАЊЕ

### ПАТОТ НА ПОСЛУШНОСТА Е МИЛОСТ И ВИСТИНА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Недела* | ***2. Коринќаните 3,18*** | *Се преобразуваме во Неговиот лик* |
| *2. Понеделник* | ***1. Петрово 1,23*** | *Повторно се раѓаме преку Божјиот збор* |
| *3. Вторник* | ***Јован 3,5-6*** | *Новородувањето, дело на Светиот Дух* |
| *4. Среда* | ***Матеј 7,21*** | *Послушноста е неопходна за влез во Небото* |
| *5. Четврток* | ***Псалм 25,10*** | *Патот на послушноста е милост и вистина* |
| *6. Петок* | ***Псалм 18,44*** | *Незнабошци и туѓинци Му се покоруваат на Бога* |
| ***7. Сабота*** | ***3. Царевите 3,14*** | *Долг живот им е ветен на послушните* |

### РАСТЕЊЕ ВО ПОЗНАВАЊЕТО НА БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *8. Недела* | ***Откровение 22,14*** | *Блажени се оние што ги творат Неговите заповеди* |
| *9. Понеделник* | ***1. Јованово 5,3*** | *Неговите заповеди не се тешки* |
| *10. Вторник* | ***Исаија 1,19-20*** | *Уништувањето е последица на непослушноста* |
| *11. Среда* | ***Ефесјаните 4,14-15*** | *Не сме веќе деца...* |
| *12. Четврток* | ***Колошаните 1,10*** | *Растење во познавањето на Бога* |
| *13. Петок* | ***Осија 14,5-6*** | *Силата и убавината на карактерот* |
| ***14. Сабота*** | ***2. Петрово 3,18*** | *Растете во благодатта и познанието* |

### ТРЧАЈТЕ КОН ЦЕЛТА

| | | |
|---|---|---|
| *15. Недела* | ***1. Петрово 2,2-3*** | *Божјиот збор го поттикнува растот* |
| *16. Понеделник* | ***Јован 6,57.58*** | *Божјиот збор е леб од небото* |
| *17. Вторник* | ***Филипјаните 3,13.14*** | *Трчајте кон целта* |
| *18. Среда* | ***Псалм 16,8*** | *Нема да потклекнам* |
| *19. Четврток* | ***Псалм 1,3*** | *Ќе бидам како дрво* |
| *20. Петок* | ***Лука 16,10*** | *Верност во малите нешта* |
| *21. Сабота* | ***Псалм 27,1*** | *Нема да се плашам* |

### ЌЕ БИДЕМЕ НОВО СОЗДАНИЕ

| | | |
|---|---|---|
| *22. Недела* | ***Колошаните 3,16*** | *Христовиот збор нека се всели во вас* |
| *23. Понеделник* | ***Колошаните 2,6.7*** | *Вкоренети и наѕидани на Него* |
| *24. Вторник* | ***Ефесјаните 6,13*** | *Откако ќе победите, да се одржите* |
| *25. Среда* | ***1. Јованово 3,3*** | *Преобразувачката сила на вистината* |
| *26. Четврток* | ***2. Коринќаните 5,17*** | *Ќе бидеме ново создание* |
| *27. Петок* | ***Филипјаните 1,10*** | *Преобразениот живот е чист* |
| ***28. Сабота*** | ***Филимон 1,11*** | *Преобразениот живот донесува плод* |

### БОГ ГИ ИСПОЛНУВА ВЕТУВАЊАТА АКО СОРАБОТУВАМЕ

| | | |
|---|---|---|
| *29. Недела* | ***Галатјаните 5,22-23*** | *Плодовите на Духот* |
| *30. Понеделник* | ***Матеј 7,17-20*** | *По плодовите ќе ги познаете* |

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Април*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Цар. 4-6 |
| 2. | 7-9 |
| 3. | 10-12 |
| 4. | 13-16 |
| **5.** | 17-19 |
| | |
| 6. | 20-22 |
| 7. | 2. Цар. 1-3 |
| 8. | 4-6 |
| 9. | 7-9 |
| 10. | 10-12 |
| 11. | 13-16 |
| **12.** | 17-19 |
| | |
| 13. | 20-22 |
| 14. | 23-25 |
| 15. | 1. Днев. 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-14 |
| **19.** | 15-17 |
| | |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-29 |
| 24. | 2. Днев. 1-3 |
| 25. | 4-7 |
| **26.** | 8-10 |
| | |
| 27. | 11-13 |
| 28. | 14-16 |
| 29. | 17-19 |
| 30. | 20-22 |

## *Мај*

| | |
|---|---|
| 1. | 2. Днев. 23-25 |
| 2. | 26-30 |
| **3.** | 31-33 |
| | |
| 4. | 34-36 |
| 5. | Ezdra 1-3 |
| 6. | 4-6 |
| 7. | 7-10 |
| 8. | Немија 1-3 |
| 9. | 4-7 |
| **10.** | 8-11 |
| | |
| 11. | 12-13 |
| 12. | Естира 1-3 |
| 13. | 4-6 |
| 14. | 7-10 |
| 15. | За Јов 1-3 |
| 16. | 4-8 |
| **17.** | 9-11 |
| | |
| 18. | 12-14 |
| 19. | 15-17 |
| 20. | 18-20 |
| 21. | 21-23 |
| 22. | 24-26 |
| 23. | 27-30 |
| **24.** | 31-33 |
| | |
| 25. | 34-36 |
| 26. | 37-39 |
| 27. | 40-42 |
| 28. | Псалм 1-3 |
| 29. | 4-6 |
| 30. | 7-11 |
| **31.** | 12-14 |

## *Јуни*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 15-17 |
| 2. | 18-20 |
| 3. | 21-23 |
| 4. | 24-26 |
| 5. | 27-29 |
| 6. | 30-34 |
| **7.** | 35-37 |
| | |
| 8. | 38-40 |
| 9. | 41-43 |
| 10. | 44-46 |
| 11. | 47-49 |
| 12. | 50-52 |
| 13. | 53-57 |
| **14.** | 58-60 |
| | |
| 15. | 61-63 |
| 16. | 64-66 |
| 17. | 67-69 |
| 18. | 70-72 |
| 19. | 73-75 |
| 20. | 76-80 |
| **21.** | 81-83 |
| | |
| 22. | 84-86 |
| 23. | 87-89 |
| 24. | 90-92 |
| 25. | 93-95 |
| 26. | 96-98 |
| 27. | 99-103 |
| **28.** | 104-106 |
| | |
| 29. | 107-109 |
| 30. | 110-114 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

| ***Айрил*** | ***Мај*** | ***Јуни*** |
|---|---|---|
| 1. Псалм 78,43-56 | 1. Псалм 103 | 1. Псалм 121 |
| 2. Псалм 78,57-72 | 2. Псалм 104,1-18 | 2. Псалм 122 |
| 3. Псалм 79 | **3.** Псалм 104,19-35 | 3. Псалм 123 |
| 4. Псалм 80 | 4. Псалм 105,1-15 | 4. Псалм 124. |
| **5.** Псалм 81 | 5. Псалм 105,16-31 | 5. Псалм 125 |
| 6. Псалм 82 | 6. Псалм 105,32-45 | 6. Псалм 126 |
| 7. Псалм 83 | 7. Псалм 106,1-16 | **7.** Псалм 127 |
| 8. Псалм 84 | 8. Псалм 106,17-32 | 8. Псалм 128 |
| 9. Псалм 85 | 9. Псалм 106,33-48 | 9. Псалм 129 |
| 10. Псалм 86 | **10.** Псалм 107,1-21 | 10. Псалм 130 |
| 11. Псалм 87 | 11. Псалм 107,22-43 | 11. Псалм 131 |
| **12.** Псалм 88 | 12. Псалм 108 | 12. Псалм 132 |
| 13. Псалм 89,1-13 | 13. Псалм 109,1-16 | 13. Псалм 133 |
| 14. Псалм 89,14-26 | 14. Псалм 109,17-31 | **14.** Псалм 134 |
| 15. Псалм 89,27-39 | 15. Псалм 110 | 15. Псалм 135 |
| 16. Псалм 89,40-52 | 16. Псалм 111 | 16. Псалм 136,1-14 |
| 17. Псалм 90 | **17.** Псалм 112 | 17. Псалм 136,14-26 |
| 18. Псалм 91 | 18. Псалм 113 | 18. Псалм 137 |
| **19.** Псалм 92 | 19. Псалм 114 | 19. Псалм 138 |
| 20. Псалм 93. | 20. Псалм 115 | 20. Псалм 139 |
| 21. Псалм 94 | 21. Псалм 116 | **21.** Псалм 140 |
| 22. Псалм 95 | 22. Псалм 117 | 22. Псалм 141 |
| 23. Псалм 96 | 23. Псалм 118,1-14 | 23. Псалм 142 |
| 24. Псалм 97 | **24.** Псалм 118,15-29 | 24. Псалм 143 |
| 25. Псалм 98 | 25. Псалм 119,1-34 | 25. Псалм 144 |
| **26.** Псалм 99 | 26. Псалм 119,35-63 | 26. Псалм 145 |
| 27. Псалм 100 | 27. Псалм 119,64-90 | 27. Псалм 146 |
| 28. Псалм 101 | 28. Псалм 119,91-117 | **28.** Псалм 147 |
| 29. Псалм 102,1-14 | 29. Псалм 119,118-143 | 29. Псалм 148 |
| 30. Псалм 102,15-28 | 30. Псалм 119,144-176 | 30. Псалм 149 |
| | **31.** Псалм 120 | |

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 4. | 11. | 18. | 25. |
| Виница | 19:00 | 19:07 | 19:15 | 19:23 |
| Колешино | 18:58 | 19:05 | 19:13 | 19:21 |
| Стар Дојран | 18:58 | 19:06 | 19:13 | 19:21 |
| Куманово | 19:03 | 19:11 | 19:19 | 19:26 |
| Неготино | 19:01 | 19:08 | 19:16 | 19:24 |
| Струмица | 18:59 | 19:06 | 19:14 | 19:21 |
| Кочани | 19:00 | 19:08 | 19:15 | 19:23 |
| Велес | 19:02 | 19:10 | 19:18 | 19:25 |
| Кавадарци | 19:01 | 19:09 | 19:16 | 19:24 |
| Дебар | 19:07 | 19:15 | 19:22 | 19:30 |
| Скопје | 19:04 | 19:12 | 19:20 | 19:27 |
| Битола | 19:04 | 19:11 | 19:18 | 19:26 |
| Кичево | 19:05 | 19:13 | 19:21 | 19:28 |
| Лаки | 18:59 | 19:07 | 19:14 | 19:22 |
| Чифлик | 19:00 | 19:08 | 19:15 | 19:23 |
| Штип | 19:01 | 19:08 | 19:16 | 19:24 |
| Тетово | 19:06 | 19:14 | 19:21 | 19:29 |
| Јегуновце | 19:05 | 19:13 | 19:21 | 19:29 |
| Росоман | 19:01 | 19:09 | 19:17 | 19:24 |
| Гевгелија | 18:59 | 19:06 | 19:14 | 19:21 |
| Свети Николе | 19:02 | 19:09 | 19:17 | 19:25 |
| Делчево | 18:59 | 19:06 | 19:14 | 19:22 |
| Валандово | 18:59 | 19:06 | 19:14 | 19:22 |
| Охрид | 19:06 | 19:13 | 19:21 | 19:28 |
| Радовиш | 19:00 | 19:07 | 19:15 | 19:22 |
| Прилеп | 19:03 | 19:10 | 19:18 | 19:26 |

Table title: АПРИЛ 2025

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МАЈ 2025 | 2. | 9. | 16. | 23. | 30. |
| Виница | 19:30 | 19:38 | 19:45 | 19:52 | 19:58 |
| Колешино | 19:28 | 19:36 | 19:43 | 19:49 | 19:55 |
| Стар Дојран | 19:28 | 19:35 | 19:43 | 19:49 | 19:55 |
| Куманово | 19:34 | 19:42 | 19:49 | 19:56 | 20:02 |
| Неготино | 19:31 | 19:39 | 19:46 | 19:53 | 19:59 |
| Струмица | 19:29 | 19:36 | 19:44 | 19:50 | 19:56 |
| Кочани | 19:31 | 19:38 | 19:46 | 19:53 | 19:59 |
| Велес | 19:33 | 19:41 | 19:48 | 19:54 | 20:01 |
| Кавадарци | 19:31 | 19:39 | 19:46 | 19:53 | 19:59 |
| Дебар | 19:38 | 19:45 | 19:52 | 19:59 | 20:05 |
| Скопје | 19:35 | 19:43 | 19:50 | 19:57 | 20:03 |
| Битола | 19:33 | 19:41 | 19:48 | 19:54 | 20:00 |
| Кичево | 19:36 | 19:43 | 19:50 | 19:57 | 20:03 |
| Лаки | 19:30 | 19:37 | 19:44 | 19:51 | 19:57 |
| Чифлик | 19:31 | 19:38 | 19:45 | 19:52 | 19:58 |
| Штип | 19:31 | 19:39 | 19:46 | 19:53 | 19:59 |
| Тетово | 19:37 | 19:44 | 19:52 | 19:59 | 20:05 |
| Јегуновце | 19:36 | 19:44 | 19:51 | 19:58 | 20:04 |
| Росоман | 19:32 | 19:39 | 19:47 | 19:53 | 19:59 |
| Гевгелија | 19:29 | 19:36 | 19:43 | 19:50 | 19:56 |
| Свети Николе | 19:33 | 19:40 | 19:47 | 19:54 | 20:00 |
| Делчево | 19:30 | 19:37 | 19:44 | 19:51 | 19:57 |
| Валандово | 19:29 | 19:36 | 19:44 | 19:50 | 19:56 |
| Охрид | 19:36 | 19:43 | 19:50 | 19:57 | 20:03 |
| Радовиш | 19:30 | 19:38 | 19:45 | 19:52 | 19:58 |
| Прилеп | 19:33 | 19:41 | 19:48 | 19:54 | 20:00 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

### ЈУНИ 2025

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***6.*** | ***13.*** | ***20.*** | ***27.*** |
| **Виница** | **20:03** | **20:07** | **20:10** | **20:10** |
| **Колешино** | **20:00** | **20:04** | **20:07** | **20:07** |
| **Стар Дојран** | **20:00** | **20:04** | **20:06** | **20:07** |
| **Куманово** | **20:07** | **20:11** | **20:14** | **20:15** |
| **Неготино** | **20:04** | **20:07** | **20:10** | **20:11** |
| **Струмица** | **20:01** | **20:05** | **20:08** | **20:08** |
| **Кочани** | **20:04** | **20:08** | **20:10** | **20:11** |
| **Велес** | **20:06** | **20:10** | **20:12** | **20:13** |
| **Кавадарци** | **20:04** | **20:08** | **20:10** | **20:11** |
| **Дебар** | **20:10** | **20:14** | **20:16** | **20:17** |
| **Скопје** | **20:08** | **20:12** | **20:14** | **20:15** |
| **Битола** | **20:05** | **20:09** | **20:11** | **20:12** |
| **Кичево** | **20:08** | **20:12** | **20:14** | **20:15** |
| **Лаки** | **20:02** | **20:06** | **20:09** | **20:10** |
| **Чифлик** | **20:03** | **20:07** | **20:09** | **20:10** |
| **Штип** | **20:04** | **20:08** | **20:10** | **20:11** |
| **Тетово** | **20:10** | **20:14** | **20:16** | **20:17** |
| **Јегуновце** | **20:09** | **20:13** | **20:16** | **20:17** |
| **Росоман** | **20:04** | **20:08** | **20:11** | **20:11** |
| **Гевгелија** | **20:01** | **20:05** | **20:07** | **20:08** |
| **Свети Николе** | **20:05** | **20:09** | **20:12** | **20:13** |
| **Делчево** | **20:03** | **20:06** | **20:09** | **20:10** |
| **Валандово** | **20:01** | **20:05** | **20:07** | **20:08** |
| **Охрид** | **20:08** | **20:11** | **20:14** | **20:15** |
| **Радовиш** | **20:03** | **20:06** | **20:09** | **20:10** |
| **Прилеп** | **20:05** | **20:09** | **20:12** | **20:12** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).